Митрополит Струмички Наум

# Премин од душевност во духовност

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2015

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса 2015

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата е издадена по повод
дваесет години од возобновувањето
на монаштвото на
Македонската Православна Црква –
Охридска Архиепископија.

# ПРЕДИСЛОВИЕ

## ЗА НЕИСЦЕЛЕНИОТ ЧОВЕК
## И ЗДРАВИОТ БОГ

### I.
### Излегување од илузијата: исцеление

Не сум можел да имам повеќе од пет-шест години, кога при изведбата на една детска претстава на која ме одведе татко ми во Драмски театар („Црвенкапа"), по речиси дваесет минути гледање без да трепнам со очи, извикав: „Волкот не е вистински! Волкот не е вистински!" Се случи тоа откако на артистот кој го играше волкот, облечен во волчја кожа „од глава до петици", почна да му се откопчува бочниот патент, па почнаа да се гледаат неговата човечка кожа и белата маица. Татко ми почна да ме стишува, затоа што малку фалеше и другите деца да го забележат тоа, па театарската илузија целосно да пропадне.

Тогаш не сум можел ни да замислам дека четириесет и пет години подоцна тоа исто дете што за малку ќе им ја растуреше театарската илузија на другите, ќе ја држи в рака најновата книга на Митрополитот Струмички Наум, под наслов

„Премин од душевност во духовност", и дека во неа ќе прочита:

*Сите се наоѓаме во илузија – кој помалку, кој повеќе. (...) Таа нè дели од Божјата реалност, дејствувајќи на секое можно ниво од нашето битие; токму и затоа ја сметаме за посеопфатна заблуда од прелеста. Илузијата не ни ги заслепува само умот и разумот како прелеста, туку и самите чувства и целото тело. Што е најлошо, поради илузијата ја губиме и целата сила да му се спротивставиме на гревот и правиме нешто што никогаш не сме имале намера да го направиме, односно се чудиме како сме можеле истото да го направиме, отпосле.*

*Основа на илузијата се неочистените страсти од срцето. Илузијата се појавува и нè опфаќа во оној момент кога конечно ќе се согласиме со демонската помисла и ќе ја прифатиме во нашето срце, и кога благодатта ќе отстапи од нас. А надвор од благодатта Божја, сè е илузија.*

Се разбира, ова теолошко значење на илузијата, кога таа се сврзува со демонот и гревот, нема никаква врска со театарската илузија за која говорат сите театролози. Како човек од театарот, знам дека илузијата е дел од секој театарски чин, дека е дел од секој ритуал (дури и црковен) и дека постојат илузии за кои може да се тврди дека се божествени, затоа што во себе го носат принципот на *верата* и *вербата*. Без илузија, не би можеле да доживееме катарза, духовно прочистување, олеснување, ниту при гледањето на

античката трагедија, ниту при служењето Литургија во црква. Илузијата во оваа креативна, демијуршка и божествена смисла е дури, и знак на нашата *способност* да веруваме во Бога. Но, поимот на илузијата за кој доста опсежно говори Митрополитот Струмички Наум во својата најнова книга, се однесува на семејството на *прелеста* – кога сме излажани и прелажани за лоши цели, а не за просветлување. Ако во психијатријата постојат *бели* и *црни* лаги (со белите не стекнувате корист, туку помагате некому – како кога не му ја соопштувате страшната дијагноза, а со црните мамите – зајмите пари, ветувате датум на враќање и потем бегате и се криете), тогаш постојат и *црни* и *бели* илузии. Со црните демонот сака да ве стави на негова страна. За тие илузии (меѓу другото) пишува Митрополитот во својата најнова книга, и со тоа покажува колку е актуелен во своите беседи (книгава е колекција од неговите беседи, освен една научна студија за врската меѓу психотерапијата и христијанството). Актуелен е, затоа што секојдневно слушаме наши пријатели, ближни, кои се жалат дека „долги години живееле во илузија дека имаат љубов“, „дека долги години мешале љубов со страст“, дека „со години живееле во илузија дека X им е пријател, а тој им работел зад грб“, дека „долги години живееле во илузија дека за подигање и воспитување деца е доволно да оставаш пари дома“, дека „долги години мислеле дека ја сакаат токму таа професија“... Списокот на поплаки од штетите

кои им ги направила илузијата на луѓето е бесконечен. Дел од оваа книга помага да се сфати разурнувачкото дејство на демонските илузии врз нашите животи, зашто ние и не сме свесни дека живееме во илузија – отсуството на свест дека живееме во илузија е едно од нејзините основни обележја (подмолна е, не се гледа дека е илузија, а не стварност).

Страстите се плодната почва за создавање на илузијата, подучува Митрополитот: „На пример, штом ни ја повредат суетата, гордоста, односно високото мислење за самите себе, илузијата веднаш се активира, нè опфаќа и паѓаме под нејзина власт". Потоа, вели тој, стануваме зависници од неа (илузијата дека сме најдобри, најумни, најчисти), зашто таа е лажна слика, речиси поверна од стварноста, и со тоа овој поим („илузија") кај Митрополитот станува речиси идентичен со поимот *симулакрум* кај Жан Бодријар, што пак води кон световите на виртуелната реалност, а оттука и кон нарушувања на личноста. И, ако страстите се плодната почва врз која израснува илузијата, ако потоа стануваме зависници од илузијата и лажната слика, тогаш илузијата и страста си ги менуваат местата и се надополнуваат заемно – сега илузијата станува плодна почва за уште поголемо буење на страста што ја предизвикала илузијата.

(...) *штом еднаш се влезе во просторот на можноста или на објектот, како и во времето на илузијата, тешко се спасуваме од гревот, особено*

*ако сме станале зависници – ако илузијата станала навика. Во таков случај е потребно во близина да имаме духовен отец, брзо да се исповедаме итн. Особено поради тоа што на првиот степен* (од духовниот развој – заб. В.А.) *илузијата не може да се препознае – ја чувствуваме како дел од нас.* (...)

Оваа, единаесетта по ред книга на Владиката Наум е наменета за сите оние кои веруваат дека само Словото не е илузија, туку вистина. Оние кои не веруваат дека сѐ што е видливо сведочи за невидливото, во пра-причина за настанок на Универзумот, кои не веруваат во почеток на времето, кои не веруваат во едно трансцендентално означено, во праизвор и творец (кажано со речникот на астрономијата, филозофијата, астрофизиката, семантиката и со не знам кои уште науки), или кажано сосема едноставно – оние кои не веруваат во Бог и сметаат дека светот е резултат на случајност, а не на Божја Промисла, веднаш нека ја затворат. И нека веруваат дека сѐ што постои во беспрекорен ред, настанало случајно. Нека се тешат со сликата дека ја пуштиле својата домашна мачка да прошета по тастатурата на нивниот вклучен компјутер и дека бесловесното домашно милениче *случајно* со шепите го отчукало првиот, беспрекорно уреден стих од „Илијадата" на Хомер.

Поголема илузија од таа дека редот настанал случајно, а не со Промисла – здравје! Можеби поголема илузија наоѓаме во јавното мислење за тоа дека денешниот свет е на страната на

Вистината. Еве едно прекрасно место од книгата на Митрополитот каде се покажува застрашувачката моќ на илузијата што јавното мислење го создава за светот денес, на глобално ниво:

*Демонот полека, но сигурно го гради својот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи јавните личности како медиуми, кои се урнек според кој целиот свет се раководи. Колку поголема позиција има јавната личност, на пример: првосвештеник, политичар, филмска, музичка или спортска ѕвезда, бизнисмен итн., толку е поголема шансата демонот да го користи. Тоа е улогата на медиумот – дејствува директно на страстите, ги буди страстите и од нашиот живот создава илузија. (...) Целиот свет во илузија живее, која на крај се обезбедува со економска и воена моќ, ако се појави отпор кон неа. А Вистината е тесен пат, по кој малкумина врват.*

## II.
## Послушание и слобода

Беседите што во оваа книга ги поместува Митрополитот Наум, како и во претходните негови книги, се златно слово на поуката за сите оние кои се решиле да растат духовно под закрила на Бога. Тие беседи се упатени главно до неговите духовни чеда, кои се веќе опитни во монашкиот подвиг, но се упатени и до сите мирјани кои сакаат да се доближат до Бога. Мирјаните

кои ги читале и претходните книги на Владиката, знаат дека тој, од книга во книга, упорно повторува дека постојат три степени на духовен раст: 1. очистување на срцето од страстите; 2. просветлување на умот и 3. обожение. Притоа, првиот степен подразбира и апсолутно послушание кон духовниот отец, односно целосно духовно раководство. Веќе на вториот и третиот степен, такво раководење не е неопходно. Но, ако некој сака да излезе од илузијата на демонот и да го стави својот ум во исцеление, односно да стапне на првиот степен на духовниот развој, неопходен му е духовен раководител. За жал, многумина денес сметаат дека можат сами да се раководат во духовниот живот, па си нанесуваат ненадоместливи штети и повторно паѓаат во илузија.

Интересно е дека и во досегашните свои беседи Митрополитот разбивал заблуди околу верата и вистинскиот однос кон Бога. Неговите беседи отвораат внатрешни, духовни очи, и го прават невидливото видливо. Многу нешта кои ви изгледаат како контрадикции (повторно илузија), стануваат разјаснети, па се гледа дека она што ви изгледало противречно всушност било согласие и хармонија. Владиката има извонредно теолошко образование за да ги разбие тие илузии, предрасуди и стереотипи за верата, ама има и талент на човек кој *полемизира*, расправа, сака да проверува и е љубопитен. Срцевината на неговата најнова книга е повторно разбивање на заблудите и разјаснување на нешта што изгледаат контра-

дикторни. Покрај темата на илузијата, втора централна тема е – послушанието, неопходно за секој кој сака да се движи по првиот степен на духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*. Во врска со послушанието, кај неопитните подвижници (меѓу кои за среќа има и мирјани, се разбира), најчесто поставуван проблем е проблемот на слободата. Послушанието и слободата, за неопитните духови изгледаат сосема контрадикторно. Еве што вели Митрополитот за таа привидна контрадикција:

*Прифаќањето, како подвиг, е најпотребно на првиот степен од духовниот развој – очистување на срцето од страстите. Нема прифаќање ако нашиот ум не го ставиме во процес на исцеление преку послушанието кон духовниот отец. (...) Веќе на вториот степен од духовниот развој – просветлување на умот, се здобиваме со одредена слобода пред Бог. Тогаш не само што нашите главни планови често ќе се совпаѓаат и со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме (за ова веќе сме говореле), туку веќе го добиваме дарот Божји, во своето срце – во областа на Царството Небесно, сами да го подготвиме она што ќе сакаме да ни се случи. Ви говорам за благодатниот подвиг на аскетската умно-срдечна молитва. (...) На третиот степен од духовниот развој – обожение или боговподобување, чедата Божји се здобиваат со голема лична слобода пред Бог, така што понекогаш се случува и Божјите планови да ги променат; како што сме*

*читале и во житијата на нашите светители.*

Не треба да се заборави дека, иако изгледа парадоксално, слободата на првиот степен е исклучително голема, иако е невидлива. Нашиот духовен отец презема одговорност пред Бога за сите наши постапки. Апсолутното послушание, во таа смисла значи и апсолутна слобода, зашто и под услов духовникот да греши, одговорноста не оди на адреса на оној кој е во послушание; неговата личност е во „изградба" (а умот во процес на исцеление). Тоа, впрочем, го знаеле и полусветовни и световни филозофи. Николај Берѓаев, на пример, пишува: „Постоењето на личноста значи слобода. Тајната на личноста е тајна на слободата. (...) Но личноста е создавање на идното, творечки чин. (...) Господ, всушност, е гаранција на слободата на личноста од поробувањето од страна на власта на природата и општеството, царството на материјалното, светот на објектите. (...) Личноста како егзистенцијален центар претполага способност за чувствување на страдање и радост"[1]. А кој ќе оспори дека процесот на *очистување на срцето од страстите* не е токму процес на страдање и радост, и со тоа процес на *преумување* и создавање нова личност, здрава личност во заедница со Бог? Еве што вели Митрополитот за страдањето кое е клуч на градење на

[1] Николај Берѓаев: За човековото ропство и слободата. – Скопје, „Култура", 1996, стр. 31.

*личносниот* однос со Бог: „Ако правилно го носиме нашиот крст, тогаш секако ќе ни се отворат очите да видиме дека главниот фокус при страдањето не е на самото наше страдање, туку на нашиот личносен однос со Богочовекот Христос, однос што токму преку страдањето го градиме“.

Така, послушанието – ослободува, колку и да изгледа тоа парадоксално. Но, зошто тогаш луѓето избегнуваат денес послушание, се прашува на неколку места Митрополитот? Изгледа дека денес ретко кој сака да влезе во процес на послушание, затоа што никој не сака да страда; а процесот на создавање личност и личносен однос со Бога е токму процес на страдање. Денес луѓето не сакаат да трпат; сакаат сè веднаш, сега, и со што помалку страдање. Не сум задоволен од работното место – менувам, за да не страдам. Не сум задоволен од мојот изглед – правам пластична операција. За да не страдам. Слушам пред некој ден еден интелектуалец кој одобрува менување пол, како на ТВ изјавува дека тоа се несреќници кои страшно страдаат, зашто имале „женска душа во машко тело“ и обратно. Па си мислам – а што ако Божја промисла била тие луѓе да страдаат? Го исфрливме страдањето (а со тоа и христијанската радост што од него доаѓа), така што послушанието е во сериозна криза. Како и духовниот раст, воопшто. „Од правилниот однос кон Бог произлегува и правилен став кон нашето страдање. Ако некое страдање (крст) ни предиз-

викува очај наместо радост, тоа е знак дека треба да го смениме нашиот однос со Бог, односно знак дека нашиот однос со Бог сигурно е погрешен. Од крстот треба да ни произлегува радост од надградениот однос со Бог, а не очај", вели Митрополитот. И на друго место: „Значи, да запаметиме, во секое страдање првенствено Христос Го препознаваме и го надградуваме нашиот личносен однос со Него. Самото страдање е реално, но останува во втор план, бидејќи преку прифаќањето и благодарењето тоа станува извор на радост од новоостварениот и надградениот однос со нашиот Господ. Секое друго страдање е бесмислено".

## III.
## Искушение и здрава личност

Книгите на Митрополитот Наум постојано функционираат и како практична поука за тоа како да се надминуваат искушенијата кои се секојдневен дел од нашиот живот. Постојат пет точки според кои треба да се постапува во моменти на искушение:

1) прифаќање на сè (и на страдањето од искушението) како Божји дар;

2) благодарење за искушението и дури, посакување нови искушенија;

3) самоосудување и самопреиспитување

наместо обвинување друг за настанатото страдање;

4) смиреност и непокажување ни со збор, ни со дело дека сме во искушение и конечно,

5) молитва.

Тоа е патот на здравата личност кон Бога, односно патот на исцелението на световно измачениот и повреден ум. На оваа точка, теологијата на Митрополитот се допира до третата опсесивна тема на оваа книга (покрај илузијата и послушанието) – врските меѓу психотерапијата и теологијата, односно можноста духовникот и психијатарот да соработуваат во создавањето на здрави личности.

Фасцинантно е колку е Владиката Наум тука упатен во секуларните психијатриски и психотерапевтски знаења, затоа што многу лесно наоѓа мост меѓу теологијата и „психологијата“ (од скромност го употребува тој збор како синоним и за психотерапија и за психијатрија). Практично, тој врши ревокабуларизација: ги преведува теолошките термини за состојбата на душата и духот во модерните психотерапевтски и психијатриски термини. Но, за да се покаже таа негова способност да види сличности во навидум сосема различни нешта (теологија/психијатрија), треба најпрвин да се разјаснат две нешта – неговиот теолошки став кон разумот и секуларните знаења, но и неговата теолошка перспектива на степените на *душевен* пад во *ништото и бесмислата* (оддалечување од Бога), како и степените на *духовен растеж* (пат кон Бога).

Најпрвин, Владиката разликува примарна и секундарна функција на умот. Под примарна се подразбира личносниот, опитен и љубовен (интуитивен) однос со Бог, а под секундарна – разумот и комуникацијата со светот (а со тоа и со Бог) преку науките, вештините, секуларните теории и уметностите. На пример, говорејќи за покајанието, тој дава опис на двете функции на умот: „Што е, во суштина, покајанието, во смисла на преумување и во смисла дека нашиот пад е во умот, и дека оттука треба да почне нашето исправање? Умот има една енергија, а две дејства (функции): примарна – кога енергијата ја насочуваме кон Бог, и секундарна – кога енергијата ја насочуваме кон светот. Каде е нашата грешка? Нашата грешка е што цело време енергијата на умот ја насочуваме кон светот. Ја користиме само секундарната функција на умот, а ја запоставуваме примарната".

Но, интересно е дека тие две функции или енергии на умот функционираат како сврзани садови, а не како непријатели. Тоа, впрочем, го знаеја и световните филозофи – интуиционисти и рационалисти (иако нивните полиња на подрачја не се совпаѓаат целосно со оваа теолошка дистинкција). Тоа Митрополитот јасно го става до знаење, избегнувајќи ја стапицата на конзервативен и непријателски пристап кон световните знаења:

*Тука да се потсетиме дека потполно различни се и патиштата преку кои се здобиваме*

*со едното и со другото знаење. Духовното знаење се здобива преку примарната функција на умот – кога неговата создадена енергија се соединува со несоздадената Божествена енергија (светлина), додека световното знаење се здобива преку секундарната функција на умот (која ја нарекуваме и разум) – кога енергијата на умот се соединува со создаденото (со тварта).* ***Уште сме рекле дека најкорисно и за Црквата и за светот е кога имаме носители и на двете знаења истовремено: и духовни отци кои во висок степен се и световно образовани (особено во соодветни, блиски области од науката), и научници кои би биле просветлени – така што многу работи би им биле појасни, кога би се ослободиле од оковите на материјалното.*** (Истакнатото мое).

Е па, во тој дух на „сврзани садови“ меѓу двете функции на умот размислува нашиот Владика, за можноста христијанската православна мисла и богољубие да се најдат рака под рака со современите психотерапевтски и психијатриски сознанија и науки. Затоа, разликува душа од дух; потоа, разликува три степени на разболување и пад на душата, со која се оддалечува од Бога (Вистината), и три степени на вознесување на духот и напредување по Тесниот Пат, кој води до Него. Најдобро е да се послушаат неговите сопствени зборови:

*Како што постои природен начин на живот, кој според светите Отци е поделен на три нивоа од духовниот развој: очистување на*

*срцето од страстите, просветлување на умот и боговподобување (обожение), така постои и противприроден начин на живот, кој се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на нашето срце од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што ни станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (зборуваме во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).*

*Трите надолни нивоа на душевно разболување, кои претходно ги објаснивме со наша – христијанска терминологија, модерната психологија ги нарекува: неврози, растројства на личноста (порано – психопати, социопати) и психози.*

Покажувајќи ги допирните точки на теологијата и психијатријата, Митрополитот Наум користи всушност нешто што во науката го викаме – мантичка решетка, или заграб во непознатото преку познатото. Психијатрите од овој пасус ќе влезат во непознатата терминологија на теологијата преку познатото – својот стручен вокабулар. И обратно – духовниците ќе видат, преку свои поими, нешто што можеби им изгледало непознато, дури и неважно од „науката за душата“ – психијатријата. Таа „ревокабуларизација“ не завршува тука, туку се проширува и на теолошката теорија за петте точки кои се приме-

нуваат при искушение, за кои се бараат „корелати“ во модерната психологија. Еве го тоа, анатомски прецизно место на допир меѓу теологијата и психологијата; Владиката нѐ потсетува кои беа тие пет точки што се „нужна процедура“ при соочувањето со секое искушение, а потоа ја прави паралелата и ги истакнува сличностите и разликите меѓу теологијата и психологијата:

*Тоа беа: прифаќање, благодарење, самоосудување, непокажување и молитва (процес на преобразување). И во модерната психологија, од Елизабет Кублер-Рос (On Death and Dying – 1969), се забележани пет стадиуми во случај на загуба (искушение) низ кои поминува одредена индивидуа што води противприроден начин на живот. Со мое дообјаснување, тоа се: одбивање (неприфаќање), гнев, самосожалување („што би било, кога би било“), депресија (очајание) и прифаќање (помирување со „судбината“).*

Како под теолошки микроскоп се гледа крупната разлика – онаму каде што православното христијанство бара *прифаќање* на страдањата од искушението како Божји дар, психијатријата дијагностицира *одбивање на реалноста* („Боже, зарем јас ова го заслужувам?“). Онаму каде богољубието налага *благодарење за страдањата,* психијатријата дијагностицира (кај болните луѓе) – *гнев*. Наместо *себепреиспитување и самообвинување,* противприродниот начин на живот налага *самосожалување* (и, најчесто, обвинување

други за „несреќата“); наместо *нейокажување на демоной дека сме во искушение* – длабоко, демонстративно, транспарентно и често театрално *дейресивно* однесување, наместо *молийва – йомирување со судбинайа*. Притоа, треба јасно и секогаш да се има на ум дека теологијата со своите пет точки се обидува да го одржи духовното и душевното здравје на верникот при искушението, а психологијата само ги регистрира вообичаените симптоми кај човекот кој страда, а страда зашто не се придржува до овие пет точки. Освен тоа, психијатријата „лекува“, најчесто со хемија, наместо со молитва. Лекува и со „симболичка одмазда“ во која се бара вина во некој друг[2]. Конечно, психијатријата лекува и со „помирување со судбината“ (се обидува на пациентот да му создаде таканаречен „критички однос кон реалноста“).

[2] Психијатрите од повеќе школи ја сметаат симболичката одмазда како сигурен лек за разболената душа. Таа симболичка одмазда се сведува на тоа дека РАЦИОТО треба да обезбеди аргументи дека на пациентот некој друг му згрешил. Еве што вели Митрополитот за тоа: „Во моментот на едно искушение, вообичаено нашиот раслабен ум ја користи својата секундарна функција – бара човечка правда (се преплавува со помисли), се самонабљудува (станува свесен за повредените и променети чувства), размислува што се случило и како соодветно (одмазднички) да одговори на новонастанатата ситуација и слично – дејствување што ја валка (обезблагодатува) неговата енергија. Наместо сето тоа, можеме да се обидеме веднаш, преку молитвата, да ја пренасочиме енергијата и умот да профункционира во својата примарна функција – дејствување што ја преобразува неговата енергија“.

Судбина? Па зарем тоа оди со православното христијанство!? Па нашиот однос со Бог треба да биде личносен и да ја зема предвид и нашата слободна волја![3] Таа можност не ја нудат онаа психологија и психијатрија кои гласаат за „помирување со реалноста“, и тоа најчесто под седативи и антидепресиви. Излезот од страдањата психијатријата најчесто го трасира кон аптеката, а теологијата кон небесната аптека на Бог. За верниците и духовниците нема „помирување“ со судбината; *христијанското прифаќање* не е исто што и психијатриското помирување со судбината:

*Прифаќањето и благодарењето на Бог за тоа што ни се случува, не значи и помирување со некаква „судбина“, дека „така ни било пишано“, дека така ни било „од Бога дадено“, и дека ние не можеме ништо од тоа што ни се случува да промениме. (...) Изгледа антиномично (како да противречи едното на другото, но не е), како и сè друго во односот со Бог и во животот во Него –*

[3] Знам дека овде слабите во верата се збунуваат. „Не“ на Бог? Каква е таа лудост од теологија, се прашуваат тие. Еве што вели Владиката Наум: „Човекот е создаден бог со самото тоа што на Бог може да му каже ’не‘. Но, едно е на Бог да Му кажеш ’не‘ од позиција на паднатост и грevovност, а друго е на Бог да Му кажеш ’не‘ од позиција на син Божји по благодат. (...) Но, пред да можеме да Му кажеме на Бог – ’не‘, имаме да кажеме многу ’да‘, кои можеби ќе немаат ниту логика, ниту смисла, ниту извесност, а можеби ниту живот додека да го чуеме Неговото ’да‘ како сведоштво на нашето боговподобување“.

*во ист момент ни се случува и Крст и Воскресение, и радост и тага, и давање на Бог и добивање Негово, и богооставеност и вонредна благодат итн.*

Тука, од беседа во беседа, Митрополитот ја отвора најкрупната и можеби најважната теолошка и филозофска тема на сите времиња: можно ли е Бог да почне нас да нè слуша, да влезе во послушание со нас, откако ние сме влегле во целосно послушание кон Него? Да не заборавиме дека нашата слобода пред Бог расте низ степените на духовниот развој! Само – кој денес чекори по тој пат на кој нема ни леб ни вода, ни материјални богатства, туку единствена храна е верата и вербата во Богочовекот?

Еве што вели Митрополитот за таа наша слободна волја, која Бог во ниеден момент не ја уништува, ако сме во личносен однос со него:

*Нашиот однос со Бог е жив однос: нешто прифаќаме со благодарност, со другото недвојбено се согласуваме, за трето љубовно се бунтуваме и бараме да се промени – сè зависи од тоа колку е изграден нашиот однос со Него, и обратно. Нема боголикост и богоподобност на човекот, нема вистинска слобода и љубов во односот меѓу човекот и Бог, нема вистински однос меѓу човекот и Бог* ***ако човекот нема можност да ја промени и Божјата волја****.*

Така, разбиена е уште една предрасуда – дека Бог е судбина и дека преку послушанието ја ништи секоја слободна волја на човекот, а со

тоа и неговата личност, зашто личноста е, пред сè, слободна волја. Но, слободната волја не значи и апсолутна слобода; тие прашања за апсолутната слобода како *негативен* поим ги има апсолвирано и световната филозофија (Шопенхауер), и ги има доведено повторно до *теолошки* заклучок – тешко на оној кој е толку слободен што станал *роб* на својата слобода! (А тоа значи – не мисли на ближниот свој.) Далеку сме ние, обичните мирјани, од оние искуства кои нè охрабруваат дека Бог им влегува во послушание на оние кои му биле Нему во послушание (односно на духовниот отец кој е икона Божја), но сепак, да ги наведеме изводите на Митрополитот кои тоа го докажуваат сосема плаузибилно во рамките на теолошката егзегеза и теолошката мистична *логика*:

*Послушанието кон Бог нема никаква врска со робовскиот и наемничкиот однос. Послушанието е најчудесната тајна на нашиот слободен личносен однос со Бог. Само во оваа тајна човекот расте како слободна личност до бескрајните димензии на боговподобувањето. И само во оваа тајна Бог му станува послушен на човекот. Зарем тоа не го гледаме во животот на Пресвета Богородица? Послушанието е Нејзината најинтимна љубовна тајна. Нашиот ум и нашето слово се немоќни пред оваа тајна, но она што сепак е очигледно за сите е фактот дека одеднаш Бог почнува Неа да ја прашува за дозвола дали да прави или да не прави нешто – почнува Неа да ја слуша.*

## IV.
## Невроза, подвиг, дезилузија

Откако убаво ќе нè прошета, поучи и искара за нашиот доброволен егзил од Домостројот и Бога, без и грам суета на учен теолог, и откако и себеси добро симпатично ќе се искритикува како недостоен за позицијата што ја има, Митрополитот ќе ни понуди на читање една *научна студија,* фрагмент од неговата докторска дисертација, која сè уште е во фаза на подготовка. Трудот сосема го менува тонот на книгата – од беседа, таа стилски се претвора во *сјаен* научен дискурс (сетете се што кажа Митрополитот за разумното-научно и љубовното познание на Бога – дека се сврзани садови). Тука Владиката станува научник, но не сосема световен – си ја задржува својата теолошка и духовничка позиција, која е супериорен дел од неговата личност. Но, не знам дали световните научници знаат толку за Божјите, колку што тој, како теолог, знае за нивните световни работи!

Темата е „Социјалниот импакт на христијанската психотерапија". Со тоа, Митрополитот ја продолжува својата омилена тема – градење мостови на соработка меѓу психијатријата и теологијата, односно изнаоѓање допирни точки меѓу двете дисциплини, едната научна, втората духовна, а и двете се занимаваат со душата на чо-

векот. Откако ќе нè потсети дека свештенството воопшто и не се занимава со ништо друго туку со *христијанска психотерапија* веќе 2000 години, преку духовниот опит за себе и за другите (духовните чеда) и дека, за жал, ова знаење не е запишано во систематизиран вид, туку пренесувано од духовен отец на ученик, усно и искуствено, Митрополитот ќе потсети дека таа христијанска терапија се темели врз библиската христологија и христијанската антропологија. Со тоа, тој веќе навестува можност за постоење и на христијанска социологија, која би се занимавала со влијанието на големиот духовен систем на христијанството (посебно православното) врз севкупниот општествен живот и поведение, односно врз растежот и падот на социјалните системи.

На оваа точка, обидите на Митрополитот да изнајде мост меѓу световните науки во вистинската смисла на зборот (психијатријата, социологијата, антропологијата) и една наука која иако во своето име го има суфиксот „-логија“ (теологијата), сепак е повеќе богољубие одошто бого*знаење,* станува научен императив број 1 и отвора филозофски проблем број 1 за денешниов човек. Веќе одамна филозофите говорат за изгубеното единство на знаењата, расфрлани по разни науки. Тоа е таканаречениот проблем на парцелизација и специјализација на знаењата, нешто што современите филозофи (меѓу кои и Бертранд Расел, на пример, во *Human Knowledge, its Scope*

*and Limits*) го лоцираат како најголема болест на современиот човек. Парадоксот е во тоа што секоја од науките достигнува невидени врвови, така што веќе постојат специјалисти за одделни подрачја на науката со која се занимаваат, ама од толку многу специјализации не ја гледаат целината на науката со која се занимаваат, а камоли целината на знаењето воопшто. Духовито кажано, може да се каже дека имаме веќе специјалист за метафори кај Шекспир на левите страници, и специјалист за метафори кај Шекспир на десните страници од неговите книги (а притоа, тие „специјалисти" не ја знаат целината на англиската книжевност, ниту местото и вредноста на Шекспир во неа). Имаме, духовито карикирано, специјалист за кусогледост на леви и специјалист за кусогледост на десни очи, специјалист за сини, зелени или кафеави очи (а не знаат ништо за анатомијата на човековото тело, на пример). Се разбира, тоа знаење не е вистинско знаење, затоа што не ја гледа целината; не постои обединувачки, холистички пристап кон знаењето. Знаењето и доаѓа од интелигенцијата, а поимот „интелигенција" од зборот inteligo, inteligere, што значи – поврзува, обединува. Недостигот на тој обединувачки, холистички пристап кон знаењето за модерните филозофи е страшен проблем, затоа што таквите индивидуи лесно се манипулираат како толпи; со нив може да се управува лесно, како со најнеобразовани луѓе, а самите тие живеат во *илузија* (како што би рекол

Митрополитот) и во прелест дека се – образовани и специјалисти. Филозофите тагуваат по времето кога филозофијата била таа која ги обединувала сите науки. А еве што пишува нашиот Митрополит за тоа, од свој аспект:

*Факт е дека онолку колку што христијаните се оддалечуваат од Бог (Архетипот на доброто), толку светот – во сите негови пројави, се одвојува, оддалечува од Црквата (христијанската заедница), па дури станува и нејзин непријател. На пример, со текот на времето се одвоила науката (посебно психологијата – психотерапијата и социологијата); се одвоила севкупната култура; се одвоиле воспитанието и образованието; се одвоила етиката; се одвоиле разните човекови способности, вештини итн. И не само што се одвоиле, туку и се оддалечиле и станале јавни или тајни непријатели на Црквата.*

Според тоа, ако за филозофите филозофијата е таа „наука над науките" која обединува, за Митрополитот (и за православното христијанство, или за јунаците-верници на Достоевски) тоа е – Бог, Црквата, односно живиот личносен однос со Него. Или, јасно кажано – Христовата вера. Кога сме веќе на таа тема (обединување на знаењата под *духовна* капа), да кажеме и дека во последните четири децении на минатиот век и во деценијава и пол од овој век, во хуманистичките науки е забележан силен интерес за психијатријата (зад кој, верува Митрополитот, се

крие интерес за теологијата). Филозофите, теоретичарите на уметностите, социолозите, па дури и политиколозите покажуваат сѐ повеќе интерес за *душата*: се говори сѐ повеќе со *симболичкото несвесно* на полето на уметностите и воопшто во семиотичкото однесување (Јулија Кристева), за *политичкото несвесно* (Фредрик Џејмисон), за *психологија на толпите* (Гистав Ле Бон)... Јасно е дека барем хуманистичките науки не можат без сознанија за *душата*. Митрополитот Наум го чувствува тоа поместување на хуманистичките науки кон *душевноста*, и затоа, од другата страна, од страната на чистата духовност им подава рака на световните знаења (во случајот на социологијата) токму преку – психијатријата.

Централните теми кои него го интересираат во оваа студија се – неврозата на индивидуално и колективно (социолошко) ниво, причините за нејзиното појавување и начините за нејзино лекување. Трудот всушност, претставува теолошка *анатомија на злото* наречено *невроза*[4], која потоа остава несогледливи социолошки после-

[4] Посебен вид невроза за која овде Митрополитот говори само накусо е т.н. „ноогена невроза", термин на познатиот психотерапевт од егзистенцијалистички происход – Виктор Франкл: „Бесмислата на животот, пак, е основната причина за ноогената невроза – според Виктор Франкл (1905 – 1997), и депресијата, од кои речиси целото човештво е опфатено. Оттука произлегуваат и разните бегства од така доживеаната реалност во разните зависности (власт, пари, телесното, алкохол, дрога, Интернетот и социјалните мрежи итн. – нема крај)".

дици. За да се сфати воопшто неврозата од овој, теолошки аспект, потребни се барем минимум знаења од христијанската антропологија, односно учењето за трите сили на душата, кои Митрополитот ги дава во најсублимирана и концизна форма:

*Согласно христијанската антропологија, во пределот на човековото срце постои и духовно срце како центар на духовниот живот на човекот и на неговата душа. Во срцето, како духовен центар на човекот, постојат три сили на душата: една словесна – умот, и две бесловесни – волјата и желбата. Волевата сила уште се нарекува и раздразнителна.*

*Овие три сили пред своето преобразување боледуваат од три страсти – по една за секоја од нив посебно: умот боледува од славољубие, волјата од среброљубие, а желбата од сластољубие. Теоретски, заразеноста на која било од силите (и на само едната од нив) со соодветната страст го валка самото срце, како нивни центар и извор, а преку срцето, пак, се валкаат и ослабуваат и другите две сили. (...)*

*Преку аскетскиот христијански подвиг во добродетели треба да се преобразат трите страсти на душата, и тоа: од славољубие во богољубие и човекољубие, од среброљубие во милост кон сиромашните и страдалните, и од сластољубие во воздржание (самоконтрола) со цел повторно да им помогнеме на ближните, а не да ги користиме како предмети.*

Тоа значи дека, ако сакаме да останеме здрави личности, тие три страсти не треба ниту да се потиснуваат, ниту да се задоволуваат, туку да се *преобразат*, а тоа е можно само преку жив аскетски подвиг, а за мирјаните преку жив, личносен однос со Бог, односно преку верата и Светата Литургија[5]. На таа точка на колебање на душевното здравје, Митрополитот Наум и Православието ја гледаат улогата на духовниот раководител и шансата да им се помогне на луѓето да ја избегнат стапицата на неврозата и социопатијата, затоа што:

*И задоволувањето и незадоволувањето на страстите ја зголемуваат човековата невроза. Задоволувањето – до растројство на личноста (социопати), ако заради него се загрозуваат стотици и илјадници човечки животи. На пример, ова им се случува на влијателните политички или бизнис лидери, кои со своите одлуки загрозуваат голем број човечки животи. Незадоволувањето – до потиснување, кое е суштина на сите*

[5] Сепак, да потсетиме дека тие страсти не доаѓаат сами од себе. Веќе говоревме дека тие изникнуваат на тлото на илузијата, а таа, пак, има еден важен родител: помислата. Еве ја таа хируршки прецизна дефиниција на Митрополитот (како и сите негови навидум кратки и „безначајни" согледувања во оваа книга: „Мислата што во себе содржи зло и гревовен предлог се нарекува помисла. Помислата секогаш цели да придвижи некоја од непреобразените човекови страсти: за власт и човечка слава (славољубие), за пари и имот (сребролубие) и за телесните наслади (сластољубие)".

*одбранбени психички механизми: проекција, рационализација, регресија, компензација и др.), како и до разни зависности, што на крај повторно резултира со растројство на личноста (психопати). Ова им се случува на хиерархиски потчинетите службеници на световните лидери и на обичните граѓани, кои трпат последици од погрешните одлуки на лидерите. Единствен излез од неврозата (и нема друг) е преобразување на страстите преку премин од противприроден во природен начин на живот. Замислете само каде инаку можат да ги одведат лугето световните лидери кои боледуваат од растројство на личноста (социопати), а очигледно ги има.*

И, се разбира, круната на овој маестрален научно-теолошки заклучок:

*Според Светото Писмо, кризите (лични, регионални и глобални) се последица на борбата за задоволување на непреобразените човекови страсти: за власт и човечка слава – славољубие, за пари и имоти – среброљубие, и за телесните наслади – сластољубие (види: Јак. 4, 1–6). До овој заклучок лесно може да дојде секој просечен интелектуалец.*

На оваа точка богословието поминува во систем; оној копнеж на Владиката од почетокот на овој научен труд – да се систематизира опитното знаење на христијанската психотерапија, да заличи на „наука“, станува стварност. Учењето за трите сили на душата во христијанската антропологија, како и за трите страсти кои ги напаѓаат овие сили, станува навистина плаузибилно,

достојно за верба и од „просечен интелектуалец“. Ова навистина функционира како научна теорија за душата – логично е, консеквентно, произлегува логично едно од друго (закон на импликацијата). Но, сепак, останува клучното прашање – прашањето дали ќе *веруваме* во оваа теорија или не. Дури и најголемите рационалисти, оние кои ја користат само *секундарната* функција на умот, односно – разумското познание, не можат да не поверуваат во ова, затоа што стварноста (нашата социолошка емпирија, статистиките, анализите) ја покажуваат вистинитоста на оваа теорија. Живееме во *забеган свет,* како што би рекол Ентони Гиденс, и тоа е неспорно.

Конечно, нешто и за лекувањето на неврозите. Иако во сите свои беседи Владиката Наум тоа постојано го повторува, и во овој научен труд постои сигурна „рецептура“ како да се превенира и лекува неврозата: со молитва и со усогласување на начинот на животот според степенот на духовниот раст на кој личноста се наоѓа: „Доколку не се достигне ова восогласување, човековиот духовен живот може да се нарече секако освен правилен, а последиците од таквиот начин на живот најчесто се: неосновано високо мислење за самите себе, односно идеи на величина; со еден збор – прелест, односно состојба на умот што престојува во когнитивни дисторзии (контаминации – според трансакционо-аналитичката теорија на Ерик Берн)“, вели Митрополитот.

И овде, како и во беседите, Владиката е *практичар*: од својот духовен и емпириски опит тој знае дека на *паднатиот* му треба практичен совет како да се исцели. И во овој научен труд тој дава *драгоцени* совети како да се спасуваме и спасиме. Ако сме решиле да појдеме по патот на преобразување, а не на потиснување или задоволување на страстите, треба да се знае (покрај тоа како се чини молитва) уште и дека НИКОГАШ не треба да се бара вина кај другиот. Тоа е златното правило – кога пред луѓето покажуваш со прст на некого како виновник, пред Бога *со другите девет покажуваш на себе*.

Конечно, на едно социолошко ниво, неврозата која се претвора во социопатија, добива и застрашувачки размери, затоа што како бумеранг ги погодува и токму оние кои се задолжени за нејзино нефармаколошко, туку духовно лекување – духовниците. Митрополитот има доволно доблест и храброст да ги испише и самокритичните редови:

*Постојат и три свештенички степени или чинови: ѓаконски, презвитерски и епископски. (...) Но, во пракса, во животот на Црквата многу ретко се случува носителот на одреден свештенички чин да има и внатрешно духовно покритие за чинот што го претставува. Колку се оди кон повисоките свештенички чинови во Црквата, толку е поголемо отстапувањето од идеалот – на пример, може да се сретне ѓакон што како-така чекори*

*по патот на очистување на срцето од страстите, просветлен презвитер е веќе вистинска реткост, а обожен епископ е право чудо.*

(...)

*Тоа што важи за личниот квалитет на црковните лидери, не помалку важи и за личниот квалитет на световните лидери. Затоа, секој голем световен лидер, посебно христијански, пожелно е да ги знае и живее основите на христијанската духовност, односно да има и внатрешно духовно покритие за позицијата на власт чиј носител е.*

И затоа, патот кон душевното здравје и излезот од неврозите и психозите води единствено и само преку духовното – враќањето кон Бога. Кога тоа Митрополитот го тврди, се изложува на опасност да биде наклеветен и од духовните и од световните лидери кои не се целосно на тој пат. Но, тој, очигледно, ја има таа храброст што доаѓа од верата, а која големиот Достоевски ја формулираше со истата убеденост како и нашиот скапоцен Владика:

*Кога некој би ми докажал дека Христос е надвор од вистината, и кога вистината навистина би Го исклучувала Христос, јас сепак би претпочитал да останам со Христос, а не со вистината. Без Христос сè одеднаш станува одвратно и грешно.*

А јас, по тие зборови на целосна *дезилузионација,* можам само да кажам: многу ми

е драго што по 45 години од онаа детска (и за среќа божествена) театарска илузија за која говорев на почетокот, благодарејќи ѝ (меѓу другото) и на оваа книга на Владиката Наум, сфаќам дека човек буквално нема друга работа во животот – освен да се исцели од илузиите на демонот. Кога велам *работа,* мислам буквално – како работата на дрводелецот, рударот, професорот, лекарот. Секој ден, на секое место, во секој миг, со секое вдишување и издишување. Како што се изговара молитва.

Се обидов, во ова мое мирјанско предисловие кон книгата на еден извонредно опитен и образован духовник, Митрополитот Струмички Наум, да ги скицирам само главните патишта по кои се движи неговата извонредно лично-опитна, учена, луцидна, наместа поетско-беседнички интонирана, стилизирана мисла, наместа сурово дијагностична и критична. Посебно дијагностична е оваа книга кога говори за нашите гревови и слабости, за неподготвеноста на платеното свештенство, за религиозната невроза, за „гуруизмот“, за најактуелните состојби во нашата Црква, за недопустливото поистоветување на христијаните со државата, нацијата или партијата, за фејсбук-номиналните, „инстант“ христијани... Тоа е книга која се движи од поезија до расправа и дури, благо карање (И Бог ги кара

само оние кои ги сака), од беседа до научна студија, од самокритика до пофалба на другиот (Владиката се држи до онаа „Биди суров кон себе, а попустлив кон другите“), од практичен совет како да се справиме со искушенијата до висока теолошка метафизика и симболика... Една книга која ве збогатува, и која нема сигурно да ја прочитате во еден здив. Односно, ќе ја прочитате во еден здив, ама нема да престанете да сакате да ја читате уште еднаш, и уште еднаш, и уште еднаш. Книга која навистина одлично ја илустрира онаа анегдота за човекот кој многу читал, а неговиот учител му рекол – дека му верува дека прочитал илјада книги. И дека поминал низ тие книги. Но, го прашал – дали книгите поминаа низ тебе?

Тоа важи за сите книги на Владиката Наум. И што е најважно, секоја негова книга се огледува, како во огледало, во сите други негови книги; тие книги се созерцуваат една со друга. Не жалете ако ги немате прочитано другите книги на Митрополитот. Прочитајте ја оваа. Оваа книга е доказ дека е многу подобро една книга да се прочита во длабочина, отколку сто во широчина и површно.

А такви книги се реткост денес, во доба на неисцелени луѓе во потрага по Здравиот Бог. Му благодариме на Господа за ова слово на нашиот Митрополит.

проф. д-р Венко Андоновски

# ПРЕМИН ОД ДУШЕВНОСТ
# ВО ДУХОВНОСТ

## ИЗМЕСТЕНИ ВРЕДНОСТИ

Денешното евангелско четиво за митарот и фарисејот[1] е одличен пример во кој можеме да го воочиме проблемот на изместување на вредностите, кој е присутен и во секојдневието во животот на Црквата.

Неизместлива вредност на христијанскиот живот не е слепото придржување до словото на законот, до формата, до надворешните правила на верата, туку континуиран подвиг во суштината на односот со Бог, а тоа е покајанието. Покајанието, сфатено како преумување, како умно-срдечна молитва, како надминување на расцепот во дејствувањето на примарното и секундарното функционирање на умот, како љубов и слобода во Бог.

Полесно се сфаќа погоререченото преку конкретни примери. На пример, суштина на молитвата е себепринесувањето на Бог, а не барањето на нешто за себе од Него. Што друго ќе бараш, човеку, кога во молитвата веќе си удостоен

[1] Види: Лука 18, 10–14.

на заедница со Бог? Но, не заборавај да го спомнеш својот духовен отец со чиј благослов си застанал; потоа, не продолжувај со молитва ако во неа не ги спомнеш своите непријатели – таква молитва Бог не слуша; потоа, моли се за оние што на кој било начин страдаат – тоа Бог посебно го слуша итн. Молитва за себе? Каков било подвиг само за себе? Православната духовност не познава такво нешто.

Еве уште некој пример на изместени вредности, после оладувањето на страстите. На пример, суштината на секој празник на Црквата е учество во нејзината Тајна Вечера, а не некоја семејна вечера, не некој народен обичај или традиција, не некој локален црковен обичај, а посебно не некој туѓ црковен обичај. Црковниот критериум е многу јасен – нема Причест, нема христијанство.

Или, на пример, ставање акцент на фрлањето на крстот наместо на осветувањето на водите – и погрешните заклучоци што од тоа произлегуваат. Или, на пример, магискиот пристап кон кршењето на лебот со паричката за среќа наместо учество во истото во спомен на големиот учител на Црквата, свети Василиј Велики. Што ќе ти додаде, човеку, фаќањето на крстот или добивањето на паричката ако веќе си се причестил со Христос, или што ќе добиеш од истото ако не си причестен? Ништо.

Внимавај и да не изгубиш, поради изместените вредности.

## ЕДНО ПОИНАКВО СРЕТЕНИЕ

Сакам да споделам некои мисли со вас, што ги размислував пред да дојдам тука. Да се потсетиме на она што сум го зборувал за разликата меѓу двете функции на умот: примарната – преку која се соединуваме со Бог, и секундарната – кога комуницираме и се соединуваме со овој свет, односно со неговите проблеми, со животот воопшто, и кога размислуваме околу тоа.

Светите Отци го делат историскиот период од постоењето на Црквата на: „Сенка" – како што го нарекуваат Стариот Завет, на „Икона" – како што го нарекуваат нашиот период на Новиот Завет, и на „Вистина", односно Царството Небесно. Примарната функција на умот, т.е. кога го насочуваме умот кон Бог и стапуваме во заедница со Него, ни дозволува еден предвкус на таа „Вистина". Не на самата „Икона", туку токму на „Вистината".

Ако сакате, малку да помолчиме, и насочете го својот ум кон Бог преку молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј нè". Учете ја таа примарна функција на умот... И сега, свртете се

повторно кон ова што јас го кажувам. Сега ќе отстапите од таа примарна функција и ќе го вклучите умот во секундарната функција за да ме слушате мене и да размислите, и да пробате да ме сфатите за што зборувам. Така, веќе ја вклучувате секундарната функција на умот. И едно е сега во молитвата директно да се комуницира со Господ – преку примарната функција, а друго е да ме слушате мене – преку секундарната функција на умот, за комуникација со овој свет.

Повторно да се вратиме на она „Икона", „Вистина"... Гледате, Епископот е икона Христова, кој е на место и во обличје Христово. Едно е да комуницирате со мене, да ме слушате што зборувам, а друго е да си комуницирате со Бог – што е многу поубаво и покорисно за вас, за вашата душа. Нели сè си има свој ред и поредок: не може и овој живот да го живееме без Епископот, без Црквата и тоа што таа ни го пружа. Сакам, чисто преку споредба, да ви покажам: едно е преку примарната функција на умот да се соединуваме со Господ постојано, и оттука да го црпиме вистинското знаење, а друго е преку неговата икона – Епископот. А и не само Епископот, туку и сè што е создадено од Бог (целиот создаден свет) е на некој начин Негова икона – целата таа хармонија, убавина, сè што има начин на живот, постоење; зашто човекот е создаден како круна, како глава на сè создадено, и материјално и духовно (имаме и душа, имаме и тело), и целиот свет таа слава Божја ја покажува. Сè

создадено е отсјај на славата Божја, и светите Отци ова согледување го нарекуваат „природно созерцување“ – преку својот разум да ја гледаме таа убавина што е создадена од Бог и преку тоа да Го спознаваме Бог.

Но, сепак, покажале и друг пат, односно посовршен начин на познание на Бог, преку заедница со Него, и со вклучување на примарната функција на умот, односно директна комуникација со Бог – личност со Личност. Но, тоа секако не може да биде надвор од Црквата, како што може да биде внатре во Црквата. Друго е да си причестен и соединет со Бог, а друго е како свети Симеон да Го примаш Бог само во прегратките. Гледате колку ние сме поудостоени од самиот свети Симеон Богопримец, односно Новозаветната Црква Божја во однос на Старозаветната Црква. Тој е удостоен со тоа да Го прими во прегратките, а не како што ние совршено се соединуваме со Него на секоја Литургија на Црквата, која е предвкус на идното Царство и икона на Царството, како и самото Царство – токму поради Причеста што ја имаме во неа.

За да ни се отворат духовните очи сето ова да го разбереме, навистина треба да ја вклучиме таа примарна функција на умот и директно да комуницираме со Вистината, личносно. И сега вие самите пресметајте си колку во текот на денот тоа го правите: дали е тоа пет минути, или повеќе или помалку. И гледате колку е важно да го имаме тоа, затоа што, како што пишував, ако

функционираме само со секундарната функција на умот, а тоа значи само со разумот во овој свет – и бидејќи духовно раслабени и сè уште неисправени како што треба – овој свет ги поттикнува страстите во нас и нè заробува во таа комуникација. А колку повеќе ќе ја вклучуваме примарната функција на умот, т.е. директната комуникација со Господ, толку овој свет губи на сила – да ги буди страстите во нас, и толку повеќе може да го видиме како создание Божјо и како икона, и на крај, како идното Царство.

Од ова Сретение, од овој празник, запаметете го ова и обидете се во вашиот живот да го спроведете, оти немаме повистинско Сретение од тоа да ја вклучиме примарната функција на умот и да дојдеме овде, на Литургија, за да се причестиме со Светите Тајни Христови. И да не дозволиме овој свет да нè повлече надолу, туку преобразувајќи се себеси, односно секундарната преку примарната функција на умот, да го преобразуваме и преобразен да го гледаме и овој свет. И памтете дека многу повеќе сме удостоени од свети Симеон Богопримец и од светата пророчица Ана, како и за соодветната одговорност пред Бог и пред луѓето поради тоа.

И, како што честопати нагласувам: не заборавајте ги луѓето што страдаат. Некако можеме да помогнеме – дали ќе подружиме некого, дали со збор, дали ќе му помогнеме повеќе од тоа, секако ќе има начини. Бог не бара од нас нешто што ние не сме способни, односно не можеме да

го направиме – очекува тоа што можеме. Така, не ги заборавајте оние што страдаат.

Кога ќе застанете на молитва, помолете се најпрво за мене, па за непријателите наши, па за оние што страдаат итн. Ние сме го добиле тоа што требало, сме застанале на молитва, сме ја вклучиле примарната функција на умот и веќе сме во заедница со Бог, и нема што да бараме понатаму. Он знае што нам ни е потребно во овој живот. И не занимавајте се со небитностите од овој свет; поарно молете се Бог да направи да биде сè за спасение на сите. И така цел свет се занимава со небитности, остана уште и ние христијаните да се занимаваме со истото. И по што ќе сме поразлични? Внимавајте што мислите, што зборувате – поарно е да се молите.

Господ да ве благослови сите!

## ГОСПОДИ, ПРОСТИ МИ

Што е, во суштина, покајанието, во смисла на преумување и во смисла дека нашиот пад е во умот, и дека оттука треба да почне нашето исправање? Умот има една енергија, а две дејства (функции): примарна – кога енергијата ја насочуваме кон Бог, и секундарна – кога енергијата ја насочуваме кон светот. Каде е нашата грешка? Нашата грешка е што цело време енергијата на умот ја насочуваме кон светот. Ја користиме само секундарната функција на умот, а ја запоставуваме примарната. Како го гледаме тоа? Го гледаме од молитвата. Колку се молиме – толку покајание. Целта ни е да ја преобразиме, односно очистиме, просветлиме, обожиме енергијата на умот преку неговата примарна функција, соединувајќи ја со Бог, за да може таа истата енергија, преобразена, да ја користиме и во секундарната функција на умот, кога комуницираме со овој свет. Тогаш на друг начин го гледаме светот: тој не нè заробува, не нè опијанува, не нè врзува за себе, и полека го гледаме онака како што Бог го создал, како отсјај на Неговата слава.

2. Треба да си простиме на самите себе пред да им простиме на другите. Ако не знаеме самите на себе да си простиме, нема да знаеме ниту на другите да им простиме, ниту да побараме прошка, ниту сме свесни за нашиот грев кон другите. Простувањето на самите себе значи восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме и со местото и улогата што ги имаме во Црквата. Без тоа нема исцеление. Да си простиме на самите себе, значи да се исцелиме од страстите преку правилен духовен подвиг. Оти сѐ друго надвор од ова, односно отсуството на восогласувањето, е прелест. Прелеста е постојано пребивање во секундарната функција на умот – тоа е духовна смрт.

3. За што треба да ви побарам прошка? Трите степени од духовниот развој одговараат на трите степени на свештенството. Јас, како епископ, кој би требало да сум на степенот на обожение, имам најголемо промашување во однос на идеалот што треба да го постигнам и претставувам. Свештениците имаат помала задача – просветлување, помала одговорност, помал грев, а вие – верниот народ Божји, сте најмалку одговорни за што било во Црквата; иако и вие внатрешно сте повикани да го достигнете идеалот. И затоа простете ми, бидејќи нема многу врска тоа што го правам со тоа што треба да го претставувам во Црквата.

4. Самото простување е сведоштво дека благодатта е внатре во нас. Ако гледаме дека не простуваме, значи демон го владее нашето срце. Ако простуваме, значи Божја благодат имаме. Не значи дека веднаш имаме благодат да простиме, но не значи дека не треба да се присилуваме – затоа и се нарекува аскеза, подвиг, бидејќи се присилуваме да правиме нешто што не чувствуваме. Ако простиме аскетски, благодатта сама ќе се појави и ќе простиме вистински.

## ПРЕСУДЕН ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛЕН ИЗБОР

Да се потсетиме: ние, како словесни (самосвесни, слободни и комуникативни) битија, и нашиот Бог Создател – од Кого словесноста како дар сме ја добиле, ако сакаме, меѓу себе комуницираме како личности со нашите лични енергии. Секако, Бог со Својата несоздадена енергија ја прозема и постојано ја преобразува нашата создадена енергија, како и суштина (природа) – во процесот на таа комуникација, а не ние Неговата. Полнотата на оваа лична комуникација можеме да ја оствариме само како живи членови на Телото Христово, чија Глава е Самиот Богочовек Исус Христос, односно во Православната Црква.

Денес, во првата недела од Великиот пост – Неделата на Православието, со радост и благодарност, повторно се потсетуваме зошто е битно православно да се верува и, исто така, православно да се живее, но овојпат од аспект на разликата што ја направивме меѓу двете функции на умот – примарната и секундарната.

Најважно е енергијата на нашиот ум да ја насочиме кон Единствениот Вистински Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух, согласно светата вера и светото Предание на Црквата. Ако не ја насочиме кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на намерата, ја насочуваме кон демоните или кон останатата словесна и бесловесна твар. Но, нашата создадена енергија влегува во процес на преобразување, односно очистување, просветлување и обожение само во комуникација со несоздадената енергија на Единствениот Вистински Бог, а не со нешто создадено, па макар тоа било и наречено и почитувано од страна на некои луѓе (или од повеќето или, пак, дури и од сите луѓе) како бог или нешто божествено. Како што знаеме, создаденото не може да биде спасено од нешто друго, исто така, создадено. Ништо немаме освен прелест, од комуникација со лажни богови. Така, секој нека се преиспита и нека си одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на својата енергија – со создаденото или со Несоздаденото. Последиците се апсолутно различни. Истиот избор го имаат и атеистите. Затоа, од суштинско значење е прво православно да се верува.

На пример, молитвата кон лажните богови, како и разните видови безлични медитации – кои наводно имаат цел да го отргнат човекот од овоземното и создаденото, но кои не го соединуваат личносно со Единствениот Несоздаден Бог – не можат да го преобразат човекот и да го из-

влечат од ропството на создаденоста, освен што постојано го потхрануваат неговото високо мислење за самиот себе, често и до демонски размери: *Кога нечистиот дух ќе излезе од човекот, минува преку безводни места, барајќи спокој и не го наоѓа; па ќе рече тогаш: „Да се вратам во мојот дом, од каде што излегов". И штом дојде, го наоѓа празен, изметен и уреден; тогаш оди и доведува други седум духови, полоши од себе, и штом ќе влезат, таму и ќе живеат; и последната состојба на тој човек станува полоша од првата. Така ќе биде и со овој пакосен род* (Матеј 12, 43–45).

Подеднакво важно е истата енергија, и при секундарната функција на умот како разум, да биде правилно насочена. Сите сме поставени пред следниот избор: дали ќе ја насочиме кон исполнување на Божјите заповеди – преку кои Го познаваме Бог, или ќе ја насочиме кон задоволување на нашите страсти. Само првиот избор ја внесува енергијата на нашиот ум во процес на преобразување преку несоздадената енергија Божја. Вториот избор значи ропска комуникација со создаденото – со овој свет и со демоните, а последиците се гревот, болеста и смртта.

На пример, ако правилно не веруваме и ако правилно не живееме, нашето слово ќе остане без сила и ќе ни се случи истото што и на некои од Јудејците скитници, заколнувачи, кои почнале да го изговараат името на Господ Исус над оние што имале зли духови. Еве го тој евангелски извадок: *...и велеа: „Ве заколнуваме во Исус,*

*Кого Го проповеда Павле!“ Тоа го правеа седумте синови на јудејскиот првосвештеник Скева. А лошиот дух одговори и рече: „Исус Го познавам и Павле го знам; но кои сте вие?“ И скокна на нив човекот, во кого имаше лош дух, и откако ги совлада, покажа против нив таква сила што тие, голи и ранети, побегнаа од таа куќа. За тоа разбраа сите Јудејци и Елини кои живееја во Ефес и сите нив ги спопадна страв; и името на Господ Исус се величаше* (Дела 19, 13–17).

Претходниве два евангелски примера се извонреден показател за плодовите на неправилниот (неправославен) духовен живот. Знаејќи го ова, треба да се покаеме, а не да се исчудуваме зошто светот не го прима нашето сведоштво или слово, па дури и зошто не ни верува, зошто нè исмева, зошто нè маргинализира и зошто дури и нè прогонува. Не дека сме свети, туку напротив – затоа што немаме слово што го поткрепуваат дела, затоа што немаме преобразено слово, односно немаме слово во сила. Ете затоа – затоа што ни Бог не нè слуша.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## КОЕФИЦИЕНТ НА ДУХОВНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Се сеќавате ли на петте точки преку кои се проверувавме дали точно надминуваме едно искушение? Тие се: прифаќањето на сè како дар Божји; благодарењето на Бог за сè, смирената самосвест – дека сме заслужни за поголемо зло од тоа што моментално ни се случува; молитвата како наша непрекината заедница со Бог и како љубов и кон непријателите (а не како борба против искушението), и непокажувањето (надворешно) со дело или збор дека нешто вонредно ни се случува.

Не смее да се случи Христовиот верен воин да не го знае напамет точниот процес за надминување на искушението. Преку овие пет точки секогаш се проверуваме дали одиме по вистинскиот пат. Постои и еден пократок начин за надминување на искушението со кој се служат оние што веќе го усвоиле претходно наведениот процес, но кој можат да го пробаат и почетниците во духовниот живот, во момент на затемнување, а заради личен опит и увереност во ефи-

касноста на подвигот – во содејство на Божјата благодат.

Да се потсетиме, нашиот ум има една енергија и две функции: преку едната функција (примарната) комуницираме со Бог – со Неговата несоздадена енергија (благодат), а преку другата функција (секундарната) комуницираме со светот што нѐ опкружува. Секундарната функција ја нарекуваме и разум. Во што се состои пократкиот начин?

Во моментот на едно искушение вообичаено нашиот раслабен ум ја користи својата секундарна функција – бара човечка правда (се преплавува со помисли), се самонабљудува (станува свесен за повредените и променети чувства), размислува што се случило и како соодветно (одмаздничкии) да одговори на новонастанатата ситуација и слично – дејствување што ја валка (обезблагодатува) неговата енергија. Наместо сето тоа, можеме да се обидеме веднаш, преку молитвата, да ја пренасочиме енергијата и умот да профункционира во својата примарна функција – дејствување што ја преобразува неговата енергија. Можеме, исто така, да го мериме и времето во кое преку функционирањето во својата примарна функција, умот ќе успее да ја смири севкупната своја душевна и, посебно, мисловна сфера – поради дејството на Божјата благодат.

Уште две напомени за крај. Прво, преку времето, поминато во чиста молитва, што ќе ни биде потребно да ја надминеме бурната внатрешна

состојба после слученото искушение, емпириски може да го измериме и коефициентот на нашата духовна интелигенција. И второ, краткиот начин што го опишав не е и не може да функционира како обична душевно-ментална техника (од типот на некои безлични медитации), туку овој подвиг мора да се темели на личносниот однос со Личниот Бог, внатре во Црквата, и да води кон негово продлабочување преку постојано покајание (преумување).

Со сето ова што ви го кажав, ви го опишав аскетско-исихастичкиот подвиг на свети Григориј Палама, чиј спомен го славиме денес, по чии молитви Господ да нѐ помилува и спаси сите. Амин.

## КОЕФИЦИЕНТ НА ДУХОВНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА
(втор дел)

Во претходната беседа ви реков дека наместо постепеното совладување (една по една) на точките преку кои се надминува секое искушение – процес што е карактеристичен за почетниците во православниот духовен живот, можеме да се обидеме веднаш, на пократок начин, преку молитвата, да ја пренасочиме енергијата кон Бог и умот да профункционира во својата примарна функција. Знаеме веќе дека само ваквото дејствување на умот, преку содејство на Божјата енергија (благодат), ја преобразува неговата енергија – во што и се состои нашето спасение. Уште рековме дека преку времето, поминато во чиста молитва, што ќе ни биде потребно да ја надминеме бурната внатрешна состојба (помисли, чувства) после слученото искушение, можеме емпириски да го измериме и коефициентот на нашата духовна интелигенција; можно е и научно истражување, како и табеларен приказ.

Што е, всушност, коефициент на духовна интелигенција? Коефициент на духовна интелиген-

ција е нашата способност – преобразена од Божјата благодат, а стекната преку долготраен подвиг и од него произлезен опит, правилно и брзо да го надминеме секое искушение што ни се испречува пред нашиот раст додека *„не стигнеме до единство во верата и познавање на Синот Божји, до состојба на совршен маж, до мера на полната возраст на Христовото совршенство“* (Ефес. 4, 13). Практично, тоа значи дека со една мисла поминуваме низ сите останати точки (прифаќање, благодарење, самоосудување и смиреност), бидејќи нашиот ум и нашата душа преку досегашниот подвиг ги имаат веќе усвоено, и веднаш преминуваме на четвртата точка – усрдно и концентрирано (чисто од други помисли) кажување во себе (или наглас) на молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот“ или „помилуј нè“.

Исто така, нагласив дека краткиот начин што го опишав не е и не може да функционира како обична психо-ментална техника (од типот на некои безлични медитации), туку овој подвиг мора да се темели на личносниот однос со Личниот Бог, внатре во Црквата – преку Нејзините Свети Тајни, и да води кон негово продлабочување преку постојано покајание (преумување).

Претходнава опомена ја нагласивме, бидејќи погореопишаниот начин може да заличи на некаква психо-ментална техника, во очите на неопитните, главно од две причини: прво, брзината со која ја изговараме молитвата зависи од интензитетот на помислите преку кои демонот нè

напаѓа – така што, на почетокот, молитвата најчесто ја кажуваме забрзано, а по потреба и наглас, па дури потоа ја нормализираме; и второ, умот не смее да биде расеан, туку неопходно е неговата енергија максимално да е сконцентрирана во зборовите на молитвата, кои треба јасно да се изговараат – посебно кога ги изговараме внатре во себе, во нашето срце.

Како што веќе предупредивме, овој начин на молитва може некому да му заличи на некаква медитативна техника – но не е. Не е исто, главно, од две причини: прво, Му се обраќаме на единствениот вистински Бог – Синот Божји, Богочовекот Исус Христос, кон Кого и ја насочуваме енергијата на нашиот ум (која никој и ништо друго создадено не може да ја преобрази); и второ, молитвениот подвиг мора секогаш да е во покајание и плач – пред сè, како внатрешно чувство, кое го следи целиот наш жив однос со Живиот Бог, како со збор така и на дело.

Нагласивме, молитвениот подвиг да ни биде во покајание и плач, ама покајание и плач во слободата и љубовта на децата Божји, не на наемниците или робовите. Тие, и да се обидат, не можат да имаат вистинско покајание и плач, како што може да имаат децата Божји – кои ништо не бараат освен својот Небесен Отец.

## КОЕФИЦИЕНТ НА ДУХОВНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА
(трет дел)

Коефициентот на духовна интелигенција го дефиниравме (накратко) како наша способност правилно и брзо да го надминеме секое искушение што се јавува како пречка за нашиот духовен раст. Практично, тоа значи дека со една мисла поминуваме низ сите останати точки (прифаќање, благодарење, самоосудување и смиреност), бидејќи нашиот ум и нашата душа веќе ги имаат преку досегашниот подвиг усвоено, и веднаш преоѓаме на преостанатата точка – усрдно и концентрирано (чисто од други помисли) кажување во себе (или наглас) на молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот" или „помилуј нè", сè додека не ја стабилизираме нашата духовна состојба и со добро не одговориме на искушението.

Ова е општа дефиниција. Зборот *способност* во себе содржи повеќе други добродетели (доблести), како што се: смирението, трпението, истрајноста, духовното знаење, слободата, како и некои други – од кои најважна е љубовта. Од

љубовната молитвена заедница со Бог, внатре во нашето срце, произлегува и нашето познание и опитно знаење на Бог. Тоа е она знаење за кое светиот апостол Павле вели: *„Затоа сметам дека и сè друго е штета спрема преважното познавање на Христос Исус, мојот Господ, поради Кого се одреков од сè и се сметам за отпад, само за да Го придобијам Христос“* (Филип. 3, 8). Зошто? Затоа што познанието на Бог ни носи спасение, а само световното знаење, па колку и големо да е тоа – не.

Тука да се потсетиме дека потполно различни се и патиштата преку кои се здобиваме со едното и со другото знаење. Духовното знаење се здобива преку примарната функција на умот – кога неговата создадена енергија се соединува со несоздадената Божествена енергија (светлина), додека световното знаење се здобива преку секундарната функција на умот (која ја нарекуваме и разум) – кога енергијата на умот се соединува со создаденото (со тварта). Уште сме рекле дека најкорисно и за Црквата и за светот е кога имаме носители и на двете знаења истовремено: и духовни отци кои во висок степен се и световно образовани (особено во соодветни, блиски области од науката), и научници кои би биле просветлени – така што многу работи би им биле појасни, кога би се ослободиле од оковите на материјалното. Да, од една перспектива гледа орелот на небото, а од друга петелот во кокошарникот.

Забележувате дека речиси цело време се задржавме на терминот *духовно знаење* (познание). Го направивме тоа затоа што тој термин е најблизок, па дури и го подразбира терминот *коефициент на духовна интелигенција*. Еве уште неколку објаснувања за ова духовно знаење. Прво, треба да знаеме дека кога говориме за духовното знаење или за коефициентот на духовна интелигенција, пред сѐ, говориме за знаењето што го добиваме на вториот степен од духовниот развој – *просветлувањето*. Ова знаење е самостојно, за разлика од истиот коефициент на оние што се наоѓаат на првиот степен – *очистување на срцето од страстите*; тие се здобиваат со ова знаење само ако го стават својот ум во процес на исцеление (преку послушание кон својот духовен отец). Второ, ова е клучно знаење што треба да го има духовниот отец, зашто со него ги раководи своите духовни чеда. И трето, во ова знаење спаѓа и предзнаењето, предвидувањето, прорекувањето (пророштвото) и некои други „ситници" со кои Бог ја покажува Својата љубов кон Своите деца.

Еве ви еден совет од предзнаењето: сѐ што сега ви се чини дека е против вас, на крај ќе излезе во ваша полза, само вие одете си по Патот и не враќајте на злото со зло, туку со добро.

## КРСТОТ ХРИСТОВ Е ЛИЧНОСЕН ОДНОС

Човекот е создаден лик Божји со повик да стане подобие Божјо – личност. За таа цел, тој е надарен со совршен потенцијал – сопствен и Божји. Човекот е словесен, што значи дека има ум и разум за да комуницира со Бог и со луѓето (и со целото создание Божјо), како и да го организира својот живот; има сила да љуби и да ја препознае љубовта, и што е најважно, има апсолутна слобода да одлучи како ќе го употреби – или не, севкупниот свој потенцијал. Јас, лично, во слободата најмногу го препознавам ликот Божји во човекот, зашто ни љубовта не би била љубов без слободата. Бог го создаде токму таков човекот и само Бог може да го исполни – и никој и ништо друго.

Зошто велиме дека Крстот Христов е личносен однос?

Секој од нас го носи својот крст (страдање), оригинален и личен, но и соборен – ова да не го изумиме. Сепак, многу е битно како го носиме. Дали преку нашиот крст учествуваме во Крстот Христов – во Црквата, или се случува не-

кое бесмислено страдање што не води кон воскресение? Ако веќе е учество во Крстот Христов, дали е ефективно, односно дали го имаме восогласено начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме или импровизираме духовен живот? Како ќе препознаеме дали импровизираме или не? Ако правилно го носиме нашиот крст, тогаш секако ќе ни се отворат очите да видиме дека главниот фокус при страдањето не е на самото наше страдање, туку на нашиот личносен однос со Богочовекот Христос, однос што токму преку страдањето го градиме. Ако нашето внимание (фокус) се задржи, главно, на страдањето и не Го препознаеме Бог во истото, тоа значи дека сме повеќе самољубиви, а нашиот духовен живот е импровизиран. И двата вида однесување се лесно препознатливи.

Значи, да запаметиме, во секое страдање Го препознаваме првенствено Христос и го надградуваме нашиот личносен однос со Него. Самото страдање е реално, но останува во втор план, затоа што преку прифаќањето и благодарењето тоа станува извор на радост од новоостварениот и надградениот однос со нашиот Господ. Секое друго страдање е бесмислено.

Да разгледаме еден позитивен пример за кажаното. Сите се сеќавате на жената Хананејка[1] и низ што помина таа, молејќи за здравје на неј-

---

[1] Види: Матеј 15, 21–28.

зината ќерка. Прво, таа го прифати Христовото однесување – постапка на крајно игнорирање кон неа, односно го прифати Неговото дело (*но Он не ѝ одврати ниту збор*). Второ, го прифати Неговиот збор – крајно навредлив за неа (*„Не е добро да се земе лебот од децата и да се фрли на кучињата“*). Трето, таа ги прифати Неговата волја и промисла – да помине низ процес на крајно понижување (*„Да, Господи, но и кучињата јадат од трошките што паѓаат од трпезата на нивните господари“*). И бидејќи ги прифати делото, зборот, промислата и волјата Христови, неизбежно, веднаш ја прими и благодатта Христова, а со тоа (што е најважно од сè) оствари реална и нова личносна заедница со Него. Нејзината молба веќе имаше друг квалитет и вредност пред Него: *И во тој час оздраве ќерката нејзина.* Во овој пример го гледаме и страдањето (смирението), но, пред сè, ја гледаме борбата за остварување на личносен однос – упорниот молитвен подвиг.

Дали е ова сè? Не!

Жената Хананејка го доби тоа што го бараше. Децата Божји треба да поминат и низ потполна (крајна) богооставеност, оставени сами на себе, за да го откријат своето синовство. Богочовекот Христос ги изговорил овие зборови: *„Боже Мој, Боже Мој, зошто Си Ме оставил?“*[2], само заради нас – да ни покаже низ што ќе поминеме

[2] Матеј 27, 46.

и да ни овозможи сила тоа да го поминеме. Зашто тоа страдање ќе ни изгледа невозможно да го надминеме: *„Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша; но не како Јас што сакам, туку како Ти“*[3]. Оној што, при својот подвиг, не ја доживеал крајната богооставеност (барем внатрешно) со прифаќање и благодарност, никогаш нема да сфати дека Христос му е буквално сѐ; и оној што, при својот подвиг, нема да изгуби сѐ (и надворешно) со прифаќање и благодарност, нема да ја доживее и препознае љубовта на својот Небесен Отец.

Само тогаш се случува средба личност со Личност, кога нема ништо за тебе на овој свет – ни видливо, ни невидливо, ни благодат – ништо; едноставно го прифаќаш и благодариш за тоа, а личносниот однос со Бог и со сите Светии се продлабочува бескрајно. И при смртта само тоа ќе ни остане. Само личносниот однос, и ништо друго.

[3] Матеј 26, 39.

# КРСТОТ ХРИСТОВ Е ЛИЧНОСЕН ОДНОС
(втор дел)

## Сè е благодат Божја

Во претходната беседа рековме дека во секое страдање (крст) треба првенствено да Го препознаеме Христос и да го надградиме нашиот личносен однос со Него. Самото страдање е реално, но како некакво си измачување останува во втор план, затоа што преку неговото прифаќање и благодарење тоа станува извор на радост од новоостварениот и надградениот однос со нашиот Господ. Секое друго страдање е бесмислено. Без радоста на Воскресението.

Ајде малку да го дообјасниме претходно напишаното. Бог комуницира со нас преку Својата несоздадена енергија (благодат). Делото, зборот, промислата и волјата Христови со кои Бог, односно Богочовекот Христос, комуницира (заедничари, општи) со нас се несоздадена енергија Божја. Ќе ги примиме (прифатиме) како што ги прими жената Хананејка или како праведниот Јов, или ќе ги одбиеме? Ќе го примиме (прифатиме) начинот на кој Бог решил да комуницира

со нас, па колку тоа и да ни изгледа лошо, или ќе го одбиеме? Ќе Го примиме во себе Самиот Бог или ќе Го одбиеме?

Еве го и примерот со праведниот Јов: *„Зарем уште си цврст во добротата своја, похули на Бог и умри!"* – му вели жена му. *„Говориш како безумна, зарем доброто го примаме од Бог, а злото да не го примаме?" Во сето тоа Јов не згреши со устата своја* (Јов 2, 9–10). Како и: *„Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам. Господ даде, Господ зеде; како што Му е угодно на Господ, така и станува. Нека е благословено името Господово!"* (Јов 1, 21). Не знам кој овие редови може да ги прочита без солзи...

Праведниот Јов е од Бог истакнат пример во Светото Писмо за правилен, синовски однос кон Бог. Тој го прифаќа и Му благодари на Бог за своето страдање. Сме рекле и другпат, знак дека искушението (страдањето) е прифатено како дар Божји е кога без тоа самото воопшто да се промени – освен нашиот став кон него, тоа ни станува извор на радост, утеха и Божја благодат.

Од правилниот однос кон Бог произлегува и правилен став кон нашето страдање. Ако некое страдање (крст) ни предизвикува очај наместо радост, тоа е знак дека треба да го смениме нашиот однос со Бог, односно знак дека нашиот однос со Бог сигурно е погрешен. Од крстот треба да ни произлегува радост од надградениот однос со Бог, а не очај.

Зошто не го потенцирам и срećниот за-

вршеток на житието на светиот и праведен Јов? Децата Божји не се наемници. Нив не ги интересираат среќни завршетоци, не им треба таков вид мотивација. Нив ги води љубовта кон својот Небесен Отец. И ништо друго.

## КРСТОТ ХРИСТОВ Е ЛИЧНОСЕН ОДНОС
(трет дел)

### Односот со Бог не е еднострaн однос

Прифаќањето и благодарењето на Бог за тоа што ни се случува не значи и помирување со некаква „судбина“, дека „така ни било пишано“, дека така ни било „од Бога дадено“, и дека ние не можеме ништо од тоа што ни се случува да промениме. Прифаќањето и благодарноста кон Бог за нашите страдања не е пасивен еднострaн однос, туку основен почеток на еден нов однос со Бог, кој самиот по себе, во суштина, на подобро ги менува работите – не само како однос кон самите нив, туку и во реалниот живот. Изгледа антиномично (како да противречи едното на другото, но не е), како и сѐ друго во односот со Бог и во животот во Него – во ист момент ни се случува и Крст и Воскресение, и радост и тага, и давање на Бог и добивање Негово, и богооставеност и вонредна благодат итн.

Прифаќањето, како подвиг, е најпотребно на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. Нема прифа-

ќање ако нашиот ум не го ставиме во процес на исцеление преку послушанието кон духовниот отец. И нема прифаќање ако начинот на нашиот живот не го восогласиме со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, како и со местото што го имаме во Црквата. Нема ли прифаќање со благодарност, нашиот однос со Бог е погрешен и немаме постојана животна радост. Што е најлошо, погрешно поставениот однос не може да се развива во вистински правец.

Веќе на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот,* се здобиваме со одредена слобода пред Бог. Тогаш не само што нашите главни планови често ќе се совпаѓаат и со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме (за ова веќе сме говореле), туку веќе го добиваме дарот Божји, во своето срце – во областа на Царството Небесно, сами да го подготвиме она што ќе сакаме да ни се случи. Ви говорам за благодатниот подвиг на аскетската умно-срдечна молитва. На степенот на просветлување веќе ги гледаме плодовите од правилно поставениот однос со Бог – кој правилно го поставивме на степенот на очистување на срцето од страстите.

На третиот степен од духовниот развој – *обожение* или *богоподобување,* чедата Божји се здобиваат со голема лична слобода пред Бог, така што понекогаш се случува и Божјите планови да ги променат, како што сме читале и во житијата на нашите светители.

Нашиот однос со Бог е жив однос: нешто прифаќаме со благодарност, со друго недвојбено се согласуваме, за трето љубовно се бунтуваме и бараме да се промени – сѐ зависи од тоа колку е изграден нашиот однос со Него, и обратно. Нема боголикост и богоподобност на човекот, нема вистинска слобода и љубов во односот меѓу човекот и Бог, нема вистински однос меѓу човекот и Бог ако човекот нема можност да ја промени и Божјата волја. Нема човек и нема Бог – нема Богочовек. Толку.

# ПОВИКОТ НА
# СВЕТИ ЈОВАН ЛЕСТВИЧНИК

Бог е совршен, и како совршен, сè што прави – прави совршено. Кога Бог го направи човекот, всушност, направи бог – иако не по природа. Го направи богочовек, кој треба да стане син Божји – по благодат, односно му постави цел: од лик Божји да порасне до подобие Божјо, што значи да стане обожена личност која се удостојува со рамноправно учество во предвечниот Божествен совет на трите Личности – Отецот и Синот и Светиот Дух. Ако некому не му е јасно за што говориме, нека се потсети само на Пресвета Богородица и Секогашдева Марија.

Бог го направи човекот глава на сè создадено – и духовно и материјално. Тоа што нам, денес, едно создание Божјо ни изгледа понесовршено или поневредно од некое друго, или дури ништожно во однос на некое друго создание, е само наш проблем – на соодветна отпаднатост од Несозданиот Бог; на отпаднатост од совршената хармонична целина на создаденото – на буквално пресоздаденото преку Очевиот Домострој на спасението во Светиот Дух, чија Глава е

сега воплотениот Син Божји – Богочовекот Исус Христос.

Човекот е создаден бог со самото тоа што на Бог може да му каже „не“. Но, едно е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на паднатост и гревовност, а друго е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на син Божји по благодат. Преку првото човекот постепено се демонизира, а преку второто покажува дека се реализирал. А Бог е љубов и подеднакво го љуби и првиот и вториот, само што вториот возвратил на Неговата љубов и изградил личен однос со Него. Личносниот однос ја прави разликата меѓу нас, а не Божјата љубов.

Почнав да пишувам за светиот отец наш Јован Лествичник и како вон себе се фатив за крајот на неговата „Лествица“, но светителот смирено нѐ повикува на нејзиниот почеток: „Оној што наполно се одрекол од самоволието, дури и во нешта што му изгледаат добри, духовни и богоугодни, стасал на целта уште пред да зачекори“[1]. Гледате, почетокот е, сепак, во послушанието – во ставањето на умот во процес на исцеление. А почетната цел е да поминеме од противприроден во природен начин на постоење, од демоноопседнатост во почетна позиција на восиновено дете Божјо во Црквата – другото е лесно.

[1] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 33.

# „ПРЕОБРАЗУВАЈТЕ СЕ ПРЕКУ ВАШИОТ ОБНОВЕН УМ“

Светиот апостол Павле вели: *„Преобразувајте се преку вашиот обновен ум“* (Рим. 12, 2). Гледате ли, духовни чеда Христови, колку прецизно го опишува и на кое ниво го поставува апостолот почетокот на нашето севкупно преобразување – откако ќе го возобновиме нашиот ум. Што, всушност, сака да ни каже апостолот?

Почетокот на нашето психофизичко преобразување (и на душата и на телото – што е од суштинско значење) е оневозможено сѐ додека нашиот ум пребива во паднатата состојба на расеаност и затемнетост. Едноставно, нема услов за духовен развој, образот Божји во нас е извитоперен – непрепознатлив. На умот му треба преумување.

За да достигнеме обновен ум, треба да преминеме од противприроден во природен начин на живот во Црквата, односно да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме; односно доброволно да го ставиме нашиот ум во процес на исцеление преку послушанието кон духовниот отец.

Но, сепак, првиот степен од духовниот развој – *очистувањето на срцето од страстите*, кој претходно го опишавме, сè уште не го одразува јасно ликот Божји во нас.

Кога апостолот Павле нè повикува да се преобразуваме преку нашиот возобновен ум, тој го опишува подвигот на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*. Тоа е подвиг и состојба на возобновување на образот (иконата, ликот) Божји во нас – основа за достигнување на подобие Божјо.

Како ја препознаваме оваа духовна состојба? Според дарот на умно-срдечната молитва; кога енергијата на умот се соединува со својата суштина што се наоѓа во нашето духовно срце – центарот на сите наши душевни сили. Тоа е состојба на обновен ум, која уште се нарекува и аскетска целомудреност.

Немаме ли дар на умно-срдечна молитва, односно немаме ли обновен ум, тогаш сè уште не сме јасен и вистински лик Божји, така како што Бог нè замислил и создал.

Гледате ли, сега, колку е важно исцелението (целомудреноста) на умот, кога двете функции на умот – и примарната и секундарната (разумот), дејствуваат целовито, откако се случило очистување и просветлување на неговата енергија од страна на несоздадената енергија Божја – со која постојано се соединува.

Значи, кога велиме: просветлување на умот, аскетска целомудреност, образ (икона, лик) Божји

и обновен ум, ние мислиме и говориме за една и иста духовна состојба.

Преподобна Марија Египетска – чиј спомен денес го славиме и чии молитви во поткрепа ги призиваме, преку својот живот ни го покажува целиот овој пат – за кој погоре говоревме: како од извитоперен лик Божји, преку нејасен, а потоа и јасен лик Божји, се достигнува и подобие Божјо – личност.

По нејзините свети молитви, Господи Исусе Христе, осветли го Твојот лик во нас, обнови го нашиот ум, дарувај ни целомудрие, и повторно – помилуј нѐ...

## „НИЕ СМЕ СЛУГИ НЕПОТРЕБНИ“
## (А што сме ние?)

*„Зарем ќе му благодари* [Господарот] *на тој слуга што ја исполнил неговата заповед? Мислам, не. Па така и вие, кога исполните сѐ што ви е заповедано, речете: 'Ние сме слуги непотребни, оти го извршивме она што бевме должни да го извршиме'“* (Лука 17,9–10).

Еден потсетник. Оние што исполниле сѐ што им било заповедано, должни се да се сметаат за слуги, веќе непотребни. А што се оние што не го извршиле она што биле должни да го извршат? И уште едно прашање: а што сме ние, кои понекогаш свесно правиме и спротивно од она што сме должни да извршиме?

Разбирливо е дека во животот ќе имаме сопнувања и падови, и повторно подадена рака и исправање, време на посета на благодатта и период на нејзино отсуство, часови на очај и моменти во кои се раѓа нова надеж итн., но потребен е и колку-толку постојан подвиг и многу смирено мислење за самите себе, ако сакаме духовно да растеме.

Духовниот раст ни се овозможува само ако зад сето она што ни се случува, Го гледаме Бог Кој љубовно и непрестајно бдее над секој еден од нас. А како се препознава оној што зад сè Го гледа Бог? По восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓа, односно по ставањето на својот ум во процес на исцеление, преку послушание.

Добро, да се вратиме на нашата тема. Слуга Божји може да биде само робот или наемникот. Детето Божјо не може да биде и слуга Божји, *пошто е дете*. Не дека детето не ги исполнува заповедите Божји, туку тоа го прави со однос кон својот Отец Небесен, суштински различен од односот на еден слуга. Слуги Божји се раѓаме, но деца Божји сами стануваме.

Слуга е оној што се наоѓа на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. Откако слугата ќе го исполни, во послушание, сето тоа што му било заповедано, тој не смее да очекува благодарност од својот Господар за она што го извршил – тоа му е првата лекција на восиновувањето.

Не само што слугата не смее да очекува благодарност од својот Господар, туку треба да очекува и карање поради своето несовршенство и со благодарност да го прима, како грижа на својот Господар за него. Сè додека Господарот те кара, а ти примаш и се поправаш, има надеж и за твое растење. Тоа е втората лекција на восиновувањето.

## ЛЕКЦИЈА НА ВОСИНОВУВАЊЕ

Рековме дека слуга е оној што се наоѓа на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. Откако слугата ќе го исполни, во послушание, сето тоа што му било заповедано, тој не смее да очекува благодарност од својот Господар за она што го извршил – тоа му е првата лекција на восиновувањето. Зошто?

Затоа што, ако очекуваме благодарност од Господарот, тогаш во себе ќе негуваме наемнички однос и никогаш не ќе можеме да влеземе во тајната на синовскиот однос со Господ. Тајната на синовскиот однос е слободно и љубовно себепринесување на Бог до самозаборав, без притоа да бараме нешто од Него. Од друга страна, и Господ нема намера да нѐ учи да негуваме наемнички однос. Гледајте како нѐ поучува: *„Зарем ќе му благодари* [Господарот] *на тој слуга што ја исполнил неговата заповед? Мислам, не“* (Лука 17, 9).

Исто така, рековме дека не само што слугата не смее да очекува благодарност од својот Господар, туку треба да очекува и карање поради своето несовршенство и со благодарност да го прима, како грижа на својот Господар за него.

Сѐ додека Господарот те кара, а ти примаш и се поправаш, има надеж и за твое духовно растење. Тоа е втората лекција на восиновувањето. Зошто?

Затоа што, ако не очекуваме карање и ако не го примаме со благодарност, во себе повторно ќе негуваме наемнички однос кон Господарот – на дарови ќе се радуваме, а на казни ќе се жалостиме или гневиме. Децата Божји зад сѐ што се случува, па дури тоа изгледало и многу лошо за нив, Го гледаат и препознаваат првенствено Бог, а сѐ што е од Него смирено го примаат како љубов Божја.

Инаку, децата Божји немаат некоја идеја за себе дека се деца Божји, иако јасно ги гледаат даровите на восиновувањето. Нив не ги прави деца Божји идејата за себе дека се деца Божји, туку синовскиот однос што, преку исполнување на Божјите заповеди, го негуваат со Бог. Децата Божји докрај се сметаат себеси за непотребни слуги Божји, свесни за достоинството во кое ни од што претходно постоечко се издигнати, а последниот суд за својот есхатолошки статус го оставаат на својот Небесен Отец – полагајќи надеж единствено и единствено не на некакви си свои дела, туку исклучиво на Неговата безмерна милост.

## РЕЛИГИОЗНА НЕВРОТИЧНОСТ ИЛИ ОЧИСТУВАЊЕ НА СРЦЕТО ОД СТРАСТИТЕ

Внимавајте, постојат две различни состојби: едната душевна, а другата духовна, кои некои христијани не ги разликуваат и ги мешаат, што на крај, може да испадне на голема штета за нивниот духовен живот и развој. Ние што сакаме да излеземе од атмосферата на прелеста и духовно да растеме – неопходно е да ги разликуваме.

Да се потсетиме: постојат противприроден, односно душевен, и природен, односно духовен начин на живот. Противприродниот начин на живот го разликуваме на три надолни нивоа на отпаѓање од Бог: неврози, растројства на личноста (социопати, психопати) и психози (кои не се од физиолошка природа); додека, пак, природниот има три нивоа на развој во Бог: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* и *обожение* (боговподобување).

Еве што сакам денес да научите и запаметите: едно е да сме членови на Црквата со определен произволен начин на подвиг – што сами си

го одредуваме, а друго е да сме членови на Црквата кои начинот на својот живот го имаат восогласено со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаат, односно кои својот ум го ставиле во процес на исцеление – преку послушанието кон својот духовен отец.

Запаметете, невозможно е, иако сме членови на Црквата, од противприроден да преминеме во природен начин на живот без да го ставиме нашиот ум во процес на исцеление. Со други зборови, иако формално сме членови на Црквата (крстени, причестени, исповедани итн.), па макар и со најдобри намери, сè додека својот ум не го ставиме во процес на исцеление, остануваме во областа на неврозите (болеста и душевноста) и не сме ни стапнале на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. За жал, денес мнозинството христијани пробуваат да се самораководат во духовниот живот – каков што тие си го замислиле, и остануваат во областа на неврозата.

Но, што е невроза? Неврозата не е ништо друго, туку неспособност на човекот доволно да ги контролира своите мисли и од нив предизвиканите чувства, зборови и дела, поради кои бесмислено страда – прво душевно, па потоа и телесно. Зарем ова не е опис на душевната состојба на повеќето христијани денес? Оваа душевна состојба воопшто не е безопасна, зашто е основа и за постепено растројство на личноста.

Но, доволно е малку поголема функција во Црквата, некое знаење или способност повеќе од другите и од невроза уште побрзо да се влезе во бесчувствителноста на растројството, маскирана во религиозна наметка.

Зошто го напишав сето ова? Претходниот опис и на двете состојби е токму општ опис на болната душевна состојба на повеќето од оние што Го дочекаа и внесоа во слава Богочовекот Христос во Ерусалим, а кои по само неколку дена Го предадоа, на најразлични начини се одрекоа од Него, па дури и одбраа Он да биде распнат наместо разбојникот Варава. Забележавте? Ви говорам за многу поопасни душевни состојби од оние што може да ги имаат атеистите.

Бог да нè чува сите...

## БЛАГОВЕСТ

Гледате ли колку ни треба мека храна, та евангелскиот исечок од денот на Благовест да почнува со бременоста на света Елисавета и останатото што следува[1].

Што е тврда храна?

Тврда храна е дека на Онаа Која е почесна од херувимите и безмерно пославна од серафимите не Ѝ требаше од ангел, па макар бил тоа и архангел Гаврил, да ја дознава вистината за воплотувањето од Светиот Дух на Синот Божји во Неа.

Се сеќавате што сум ви говорел: веќе на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот,* се здобиваме со одредена слобода пред Бог. Тогаш не само што нашите главни планови често ќе се совпаѓаат со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме, туку веќе го добиваме дарот Божји, сами, во своето срце – во областа на Царството Небесно, да го подготвиме она што ќе сакаме да

[1] Види: Лука 1, 24–38.

ни се случи. Ви говорам за благодатниот подвиг на аскетската умно-срдечна молитва.

Колку повеќе сето ова важи за недостижниот исихастичко-молитвен подвиг што Пресветата го имала во Светињата на Светињите од старозаветниот Храм. Така, тоа што денес архангелот го благовести веќе беше договорено и восогласено меѓу Бог и Приснодева Марија во Нејзиното срце, пред кој било друг да знае. Денес само се остварува, се посведочува и се обзнанува – заради нас.

Сакам да ве потсетам на уште нешто: човекот е создаден бог со самото тоа што на Бог може да му каже „не“. Но, едно е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на паднатост и гревовност, а друго е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на син Божји по благодат. Преку првото човек постепено се демонизира, а преку второто покажува дека се реализирал.

Но, пред да можеме да Му кажеме на Бог – „не“, имаме да кажеме многу „да“, кои можеби ќе немаат ниту логика, ниту смисла, ниту известност, а можеби ниту живот додека да го чуеме Неговото „да“ како сведоштво на нашето боговподобување.

Ах, тоа Нејзино, за мојот паднат ум – недостижно, и за моите извалкани усни – неискажливо „да“, почетокот на пресоздавањето и спасението на целиот универзум.

## ТАЈНАТА ВЕЧЕРА

Во почетокот е Тајната вечера. Бог ја прими Нашата словесна и бескрвна жртва во наднебесниот Негов жртвеник. Сѐ преку неа постана и без неа ништо не стана, од тоа што постана, во Црквата. Во неа има живот и животот е светлина на луѓето. И светлината во темнината свети и мракот не ја опфаќа. Ниту ќе ја опфати. Евхаристија – бескраен беспочеток. *Веќе и уште не*. Царство Небесно, благословено.

Што да напише човек за Тајната вечера, а да не пишува и за содржината на својот живот, барем таков каков што би требало да биде? Или, каков живот човек живее ако истиот не е Благодарење? Нема разлика меѓу Евхаристијата и нашиот живот, или ако има – немаме живот. Односно, колку поголема е разликата меѓу содржината на Литургијата и содржината на нашиот живот, толку повеќе тој е бессодржаен.

Тајната вечера. Непрекинлива сила, живот и сведоштво. Црпиш сила од неа, ја живееш и ја сведочиш, со своето присуство и надвор од неа. Мислиш и истовремено богомислиш. Сло-

виш и славословиш. Делаш Домострој. Мислата, словото и делото немаат суштинска разлика, во неа. Сè, во неа, повторно принесуваш. Љубиш и не бараш, а најмногу добиваш – Него. Слобода. Секогаш сам и никогаш осамен.

Благодарење. Тајна што не требаше да остане толку тајна. Непроценлив дар, незаслужен. Дело Христово во кое постојано се учествува, иако само еднаш се случи. Соборно сведоштво во личен подвиг подготвено. Принос пред олтарот во храмот и состојба на умот пред олтарот од своето срце. Извор на слово во сила, кое повторно и повторно го обновува светот.

Божествена Евхаристија. Велиш: „ангел на мирот", и секој човек е посетен. „Чувар на нашите души и тела", и секој демон отстапува – додека не биде повикан. „Простување и разрешување", и секој грев е простен – додека повторно не биде направен. „Сè што е добро и полезно за нашите души и тела", и сè на добро се менува – додека ние не го промениме, по наше.

Ако некој праша – како тоа? Ќе му одговориме: од Богородица и Приснодева Марија родениот, Богочовекот Исус Христос, Чие слово не останува без сила, е Оној Кој принесува и се принесува, Кој прима и се раздава. Само Нему слава Му вознесуваме со Беспочетниот Негов Отец и со Пресветиот и благ и животворен Негов Дух, сега и секогаш и во вековите на вековите. Амин.

P.S. Во чест и спомен на Преблагословената славна Владичица наша Богородица и Приснодева Марија, по Чии молитви, прими ја оваа Наша жртва, Боже, во наднебесниот Твој жртвеник.

## СМРТ, ДОБРЕДОЈДЕ!

Не можам, а да не те дочекам со – добредојде. Кога и да е тоа. Кога и да ти речат. Зашто откако Богочовекот Христос дојде, сè од Него е *добредојде*. И ти самата. И сега не си само смрт, туку, во Него, истовремено си и воскресение.

Пред Него – труд, мака, надеж, исчекување. Дури и доброто и убавото не ни беа мили. Како маката да немаше крај, а само доброто и убавото. Очај и бесмисла. Но, по Неговата смрт, ништо веќе не е исто. Затоа, добредојде.

Сега, Он е со нас. Не како кога бевме отуѓени, туку како Негови. Како што вели апостолот: *„И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене"*[1]. Токму преку Крстот и преку тебе, смрт, докрај посвоени. Вистински деца Божји. И повторно, добредојде.

Ти не ни требаш само на крајот, како премин, како покој, како мир во Него. Не, ти сега си ни најпотребна, како постојано сеќавање на тебе. Слаби сме, паѓаме. Ти најмногу ни по-

[1] Гал. 2, 20.

магаш да се освестиме и да се отрезниме. Од гревот. Од опиеноста со овој свет. Големо добредојде.

Но, да бидам искрен, можеш и веднаш да дојдеш. Доволно Го љубиме Господ. Постојано нè ранува одвоеноста од нашиот Господ, а длабоката поврзаност со овој свет. Да ти кажам право, душата тоа тешко го поднесува! Знаеш и самата колкупати сме посакале да си веќе била дојдена. Но, како ќе ти речат. Главно, добредојде.

Го спомнав светот. Не мислев толку на надворешниот колку на внатрешниот. Светот си е преубав. Говорам за поврзаноста на нашите страсти со световното. За похотта на телото, желбата на очите и гордоста на животот, што кон пад нè влечат[2]. Од кои докрај нема да се ослободиме. Колку добредојде.

Види сега, смрт, вака. Сепак, да бидеме на јасно. Немој сè уште да глумиш страшна, барем не нам. Па ние во тебе, односно во Христовата смрт и воскресение се крстивме. Па ти си почеток на нашиот живот, на нашиот вечен живот. Ние ништо без тебе не правиме. Ама ти не знаеш колку добредојде.

Не знаеш ли дека ти си суштински дел на нашата молитва? Па ние без тебе не би можеле ни да се молиме. Како умот би го исцелиле? Како со Господ би се соединиле? Нема молитва без

---

[2] Види: 1. Јов. 2, 16.

смрт за овој свет. Благодатта на молитвата само со тебе во друштво доаѓа. Неразделна е од тебе. Да, смрт, добредојде.

Не само што си неразделив дел, ти си и тема на нашата молитва. Колкупати ли само го понудивме нашиот живот, повикувајќи те тебе, во замена за животот на нашиот ближен. Ти не ни знаеш колку нѐ правиш слични на нашиот возљубен Господ, Богочовекот Исус Христос. Ех, смрт, добредојде.

Дозволи ни на крај, заедно со апостолот Павле, на твоја сметка да се пошегуваме: *„Смрт, каде ти е осилката? Пеколу, каде ти е победата?“*[3]

Христос Воскресе!

---

[3] 1. Кор. 15, 55.

## ВТОРОТО

Едно е да се соочиме со смртта за овој свет како монашко распнување на умот во процесот на исцеление од страстите (послушание), односно како максимално можно активирање на примарната функција на умот наспроти максимално можното пасивизирање на секундарната функција на умот (разумот).

Друго е да се соочиме со смртта за овој свет на вториот степен од духовниот развој, како погребување на умот во срцето, односно како соединување на енергијата на умот со својата суштина во срцето, и преку тоа дејствие до соединување со Божјата несоздадена енергија.

И трето е да се соочиме со реална смрт, како можен прекин на нашиот живот во овој свет и век (или на некој наш ближен), откако веќе се наоѓаме на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*.

Најголем показател за вистинитоста на нашиот опит, за кој било од овие начини на доживување на смртта што претходно ги опишавме, е оневозможувањето на дејствувањето на страстите, демонот и гревот внатре во нас.

Битно е дека откако веќе го живееме природниот начин на живот – без оглед на кој од степените на духовниот развој се наоѓаме (*очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* или *обожение*), разликата меѓу овој живот и животот во Царството Небесно треба да е само формална, а смртта станува само еден интересен опит, но небитен момент од нашиот живот, скриен во Христос Бог.

Зошто небитен? Зашто кога пред тебе ќе се постави прашањето како избор – дали сакаш да продолжиш да живееш формално во овој свет и век, или сакаш реално од некој зафрлен агол во Рајот да се насладуваш, гледајќи го оддалеку лицето на Пресветата Владичица Богородица и Секогашдева Марија – на Чие само спомнување целиот затреперуваш, што ќе избереш? Нормално, одговорот на секој вистински Христов воин, без двоумење, е – второто.

## НЕМА ПОСЛУШАНИЕ –
## НЕМА ПРИЧЕСТ!

Што во пракса би значело почеток на нашето лично вознесение? Сме рекле дека првичната цел во нашиот духовен живот е да поминеме од противприроден начин на живот во природен, а токму тоа (и ништо друго) е почетокот и на нашето лично вознесување во Христос. Со други зборови, штом го ставиме нашето срце (ум) во процес на исцелување од страстите за да достигнеме просветлување на умот и обожение, истовремено почнува и нашето вознесение. Без овој премин (вознес) – од противприроден во природен начин на живот, не е возможно ниту наше вистинско учество во Малиот вход (во Светата Литургија) на Црквата – пред престолот Божји, ниту вистинско славење на Христовото Вознесение.

Главна карактеристика на почетокот на нашето вознесение, во смисла на спомнатото преминување од противприроден во природен начин на живот, е восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Да се потсетиме, тоа, исто така,

значеше и восогласување на начинот на нашиот живот со местото и улогата што ги имаме во Црквата. Денес чувствувам потреба да ви освестам уште еден момент: значи, ќе го восогласиме начинот на својот живот не само со местото и улогата во Црквата, туку и со местото и улогата што ги имаме во општеството.

Зошто го правам ова освестување и дообјаснување? Забележав на фејсбук наше неоправдано учество во политичките пропаганди, како и поделби меѓу нас на таа основа. Текстот не е наменет за просветлените (и така на прсти се бројат) и за христијаните по име (оние што не се причестуваат), како и за оние што имаат благослов, туку за оние што се трудат да преминат во природен начин на живот, но искушението на политиканството ги повлекува назад – во противприроден. Особено кога од животно искуство знаеме дека на крај политичарите повторно ќе се договорат, а нам ќе ни остане само гревот на поделбата и нељубовта, поради што никој не можеше да нè препознае како Христови ученици. А ако Него не Го сведочиме во овој свет, кого тогаш?

Да се потсетиме, накратко: цел на Црквата е да го преобрази светот, а цел на демоните е од нас – христијаните, да направат свет. Оваа битка се одвива во овој свет и ние не бегаме ни од светот ни од самата битка. Просто, нам не ни е дозволено светот да го гледаме низ очите на политичарите и да ја шириме нивната пропа-

ганда (тоа се препознава во еднострананоста на ставовите и во немањето самокритичност – вообичаено на тие на кои им припаѓаме, сè им оправдуваме, а кај другите сè ни изгледа црно), туку треба да се трудиме да гледаме на светот како што Христос гледал – со саможртвена љубов, и да ги шириме евангелските пораки за љубов и единство во Христос (*„оти обличјето на овој свет поминува“*[1]). Предуслов за сето тоа е наше лично преобразување во Црквата (просветлување) како здрава и благословена основа за наше сведоштво – во сила, на Христовата љубов, како и слобода во и од овој свет – никако пред тоа.

Убаво еден наш брат напишал на фејсбук: „Немаме многу опции: или ќе бидеме со Христос или со другата опција (со овој свет), во која разликуваме две еднакво опасни групи – онаа што Го предаде на чело со Јуда и онаа што Го осуди и распна. Нашата (христијанска) забуна е што барајќи ја, несвесно, сигурноста во овој свет, се определуваме за една од групите од втората опција – најчесто за онаа маскирана во побожен лик, која всушност Го предаде. (Неверниците најчесто за другата – која Го осуди и распна.) Кој има уши – нека чуе“.

Нема послушание – нема Причест! Тоа ви е пораката од ноќешново бдение.

[1] 1. Кор. 7, 31.

## ДУХОВНОСТ И ДУШЕВНОСТ

Ајде да се потсетиме уште еднаш на некои душевни и духовни појави, и да ги дообјасниме за да можеме поубаво да ги поврземе и запаметиме, оти ќе ни користат во самоиспитувањето.

Како што постои природен начин на живот, кој според светите Отци е поделен на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* и *боговподобување* (обожение), така постои и противприроден начин на живот, кој се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на нашето срце од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што ни станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (зборуваме во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).

Трите надолни нивоа на душевно разболување, кои претходно ги објаснивме со наша –

христијанска терминологија, модерната психологија ги нарекува: неврози, растројства на личноста (порано – психопати, социопати) и психози. Кога се во прашање психозите, а посебно во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест, модерната психологија не ја зема предвид и не знае да ја разликува демонизираноста како причина за таквата душевна состојба на клиентот. Сè што научно успеала да разликува и прифати од тој домен се од неа т.н. *автоматски помисли*, за кои, сепак, не знае како да се надминат.

Да се потсетиме на уште едно духовно правило и потоа да направиме уште една интересна споредба. Се сеќавате на петте контролни точки – како правилно се надминува едно искушение на првиот степен од духовниот развој. Тоа беа: прифаќање, благодарење, самоосудување, непокажување и молитва (процес на преобразување). И во модерната психологија, од Елизабет Кублер-Рос (*On Death and Dying* – 1969), се забележани пет стадиуми во случај на загуба (искушение) низ кои поминува одредена индивидуа што води противприроден начин на живот. Со мое дообјаснување, тоа се: одбивање (неприфаќање), гнев, самосожалување (што би било, кога би било), депресија (очајание) и прифаќање (помирување со „судбината“). Во периодот пред да се случи конечната загуба, во третиот стадиум, наместо самосожалување се случува т.н. тргување

со „Повисоката моќ“ – на пример, ако оздравам, ти ветувам тоа и тоа...

Овие пет стадиуми низ кои поминува индивидуата од противприродниот начин на живот (душевност) се сушта спротивност од петте контролни точки низ кои поминува христијанскиот подвижник што води природен начин на живот (духовност), зашто од опит знаеме дека првиот – затворен во својата создадена и падната природа, е ограничен да помине само низ процес на потиснување, а вториот – заради благодатна и личносна заедница со Бог, поминува низ процес на преобразување. Сега секој сам нека се преиспита низ каков процес поминува за време на едно искушение.

Каква врска има сето ова, погоререченото, со Светата Педесетница? Очигледна – нема природен начин на живот (духовност) надвор од Црквата на Светиот Дух Господ.

## ЗНАЕЊЕТО ПОГОРДУВА (И РАЗГРАДУВА), А ЉУБОВТА ГРАДИ

Треба да правиме голема разлика меѓу знаењето за Бог научено само со разумот и знаењето на умот за Бог во срцето усвоено. Зашто, ако останеме само на првото знаење, ќе станеме победни (и поштетни за Црквата) дури и од демоните – тие, на пример, исто така, знаат дека постои Богородица и Секогашдева Марија и се тресат при помислата на Нејзиното име, а кога го слушаат, бегаат; додека, пак, ние, исто така, го изговараме Нејзиното име во молитвата и не плачеме (барем со внатрешен принуден плач, ако не со видливи солзи), ниту се покајуваме за своите гревови.

Значи, да го парафразирам светиот Старец Софониј[1], едно е духовното знаење што произлегува од љубовна заедница со Бог во отвореното срце, односно од просветленоста на умот

[1] Види: Старец Софониј (Сахаров), *За духот и животот*, Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 61.

преку умно-срдечната молитва, а друго е знаењето (схоластичко) што го добиваме само од читање теолошки и други книги. Едното нѐ прави соучесници во Божјиот Домострој на спасението на човекот и светот, а другото постепено нѐ прави демоноподобни (да, убаво чувте). Резултатите од второто ги гледаме насекаде околу нас.

Знаењето од читање – со талент и малку труд се стекнува, додека за знаењето што произлегува од заедницата и познанието на Бог во срцето е потребен континуиран подвиг согласно Преданието на светите Отци на Црквата, односно потребно е да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Ова восогласување, и само ова, ни овозможува да го ставиме умот во процес на исцеление.

Со наједноставни зборови кажано: потребно е целосрдечно послушание кон духовниот отец во Црквата (непоистоветување со битни помисли, желби и чувства без да се проверат со него) за воопшто да можеме да зборуваме за влез на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*; послушание што трае сѐ до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва, но не и потоа. Нема послушание кон човек после дарот на умно-срдечната молитва, освен административно – кон локалниот епископ или кон Црквата, ако е потребно.

Во стилот на она што во последно време ве поучувам, би рекол – момент на пресврт во на-

шиот духовен живот се случува кога едната енергија, која умот ја користи во своите две функции, доволно ќе се очисти и преобрази (преку примарната функција на умот) и ќе се соедини со својата суштина во срцето – соединување што Отците на Црквата го нарекле умно-срдечна молитва. Од овој момент двете функции на умот дејствуваат како една, а пресудното влијание на дуализмот во нашиот живот престанува.

Ќе речете дека владиката, или отецот, или дедо Наум, или само Наум (кој како ме вика) се повторува. Да, јас се повторувам за ваша полза, но и вие истото го правите – ама на ваша штета, односно повторно не плачете – слушајќи ги и читајќи ги поуките на својот духовен отец. А ако не плачете, речиси сигурно ме ставате и под својот суд и речиси сигурно тоа го криете од мене – плашејќи се да не ви го земам тоа што сум ви го дал, а за кое знаете дека немате внатрешно духовно покритие да го имате. Изумувате дека никому ништо не сум му зел откако веќе еднаш сум му го дал – сами го отфрлале даденото, додека не се покајале. Проблемот е што не сте ни задоволни од тоа што го имате, па и уште повеќе барате. Зашто, нели, вие знаете најдобро како сè треба да биде, подобро и од мене...

Ајде да си го провериме нашето умислено знаење со светоотечкиот опит: ја кажуваме молитвата „Богородице Дево, радувај се благодатна Марие“, или „Господи Исусе Христе“, или „Оче наш“, и не плачеме – зашто сме застанале на

молитва да бараме, а не да дадеме. Наместо да внимаваме и да заплачеме на зборовите со кои се дава и прославува: „Богородице Дево“, „Господи Исусе Христе“, „да се свети Името Твое“, ние и кога внимаваме, бесплачно ги потенцираме зборовите со кои се бара: „зашто си Го родила Спасителот на нашите души“, „помилуј ме грешниот“, „лебот наш насушен дај ни го денес... прости ни ги... избави нè...“ итн. Не говорам дека тие зборови се непотребни, говорам за Духот во Кој правилно се кажува молитвата.

Или, приоѓаме за причест со Телото и Крвта Христови и не плачеме. Не плачеме само поради тоа што доаѓаме да земеме, а не да дадеме. А на таков начин доаѓаме само затоа што животот ни се претворил во незадоволство и барање, наместо во благодарност и давање.

И внимавајте повторно да не си помислите дека сега – откако чувте или прочитавте, веќе знаете. Правилниот подвиг на степенот на очистување на срцето од страстите подразбира – покајание (преумување) и плач. Отсуството на плачот и солзите е сведоштво на Духот во нас дека се случило отпаѓање од вистинскиот пат. А плачот и солзите, пак, поради нашата оддалеченост од Бог и Богородица, се единствениот знак дека нешто од нешто сфаќаме и знаеме.

Забележавте, прво се потсетивме колку е високо поставен светоотечкиот критериум на вистинското знаење и познание на Бог, а потоа, говорејќи за правилниот однос кон духовниот

отец, за плачот и солзите, како и за Духот во Кој се кажува молитвата, всушност, направивме проверка дали воопшто се наоѓаме на првиот степен од духовниот развој – од кој многу лесно се отпаѓа; сѐ со цел да се отрезниме од прелеста во која, кој повеќе, кој помалку, се наоѓаме, и да се покаеме.

## ОТКРОВЕНИЕ ВО ОБРАТНА НАСОКА

Рековме дека треба да ја знаеме разликата меѓу теолошкото познание што произлегува од љубовната заедница со Бог во отвореното срце, односно од просветленоста на умот преку умно-срдечната молитва, и знаењето (теолошко, схоластичко) што го добиваме само од читање теолошки и други текстови (електронски или печатени). Едното нè прави соучесници во Божјиот Домострој на спасението на човекот и светот, а другото постепено нè прави демоноподобни (сè знаат, ама никого не љубат – освен себе). Резултатите од второто ги гледаме насекаде околу нас.

Живееме во информатичкото општество на глобалното село. Животот се одвива брзо и динамично, а од сите страни сме изложени на нови и нови информации. Преку разните екрани и средства за повеќе еднострана отколку двострана комуникација, демонот го пропуштивме и дома. Едноставно, во целата збрка заборавамe дека ние, христијаните, сме туѓинци во овој свет што го чекаат идното Царство (пред сè, внатре во нас), и за кои сè дотогаш важат правилата

на туѓинување во ваквиот свет. Овој заборав е основната демонска цел.

За жал, правилата за туѓинување, денес, одвај монасите ги сочувуваат – некако. Би требало да се угледаме на нив и да го вратиме барем суверенитетот над нашиот материјален и семеен дом, како предуслов за враќање на суверенитетот над нашето срце. Практично, тоа значи ако не исфрлање – како кај монасите, тогаш барем ригорозно ограничување на информациите што можат да протечат низ нашиот дом, пред сè, преку електронските медиуми и средствата за комуникација, како и многу повеќе одвоено време за молитва и соодветно читање.

Се среќаваме со разни информации и од духовниот живот. Треба, како пчели, мудро да ги одбираме само оние што ни се од духовна полза, согласно степенот на нашиот духовен развој, а другите да ги одбегнуваме. Потребни ни се теолошко-догматски информации за храна на разумот – но точно дозирани, иако повеќе ни се потребни аскетско-етички информации или поуки од списите на светите Отци и од житијата на светиите за храна на срцето. Убаво е да го храниме срцето и со жив пример, ама тоа денес е реткост. Ваквиот начин на духовна исхрана треба да ни е поттик кон аскетско-исихастички подвиг за очистување на срцето (и по тоа ќе го препознаеме како полезен), и тој треба да трае сè до отворањето на умот за умно-срдечната

молитва. Потоа ни следува нов начин на духовна исхрана.

Потребна е рамнотежа и соодветна пропорција меѓу знаењето од опит и знаењето од читање. Едното со другото треба да се надополнуваат. Добро е, како што реков, кога преку читањето го поттикнуваме и го освестуваме опитот. Најдобро е откровението во обратна насока – кога опитот ни го открива значењето на напишаното во Евангелието или во делата на светите Отци – како кај просветлените. Најлошо е собирање знаење без опит во љубовта Божја – како кај демоните.

Дури ни сите информации од животот на Црквата не се важни да ги знаеме. За важните нѐ известува духовниот отец (посебно во манастир). Кај неважните разликуваме: нормални и соблазнителни. Нормалните не треба да нѐ интересираат, исто како и соблазнителните. Кај овие второве битен е изворот: дали се од озборување или сами ги бараме таквите на Интернет. Од лошо – полошо.

За полошото најдов еден коментар на фејсбук (кој важи и за озборувањето): „Ако тоа што го читате или слушате е лага, а вие верувате, тогаш очекувајте со прифаќањето на лагата да влезе и демонот на лагата внатре во вас. А ако е вистина, а вие осудувате, заедно со осудувањето ќе влезе во вас и демонот на осудувањето. И во двата случаја, демонот влегува во вас (за чие влегување веќе сте се подготвиле со покажаната не-

соодветна заинтересираност), а што потоа ќе се случи, сами ќе видите. Христијански, правилно е (ако веќе некако дојде до нас информацијата) да се помолиме за луѓето за кои се пишува (или за кои слушаме), без оглед дали тоа е лага или вистина, Господ да ги помилува, и заедно со молитвата да влезе во нас Духот на љубовта и да нѐ спаси сите".

# ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАЈНАТА НА НОВОЗАВЕТНОТО СВЕШТЕНСТВО

Деца, ајде да споделам неколку мисли со вас по повод раѓањето на свети Јован Крстител, како и секогаш – според должност, а не според достоинство; со плач во душата моја грешна. Кон тоа ме води и самата мисла за сведоштвото на нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос, Кој вели за Својот Претеча: *„Меѓу родените од жена не се јавил поголем од Јован Крстител“* (Матеј 11, 11). Ниту може веќе да се јави.

Целата историја и сите случувања, пред и за време на раѓањето на свети Јован Крстител, се икона на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, како и икона на преминот од првиот во вториот степен на духовниот развој – пројавување на благодатта на Крштението од срцето и дарот на умно-срдечната молитва, што Отците на Црквата го опфатиле со еден термин, а тоа е – *просветлување на умот*. Премин од Стариот во Новиот Завет. Премин од противприроден во природен начин на живот.

Гледајте како Светиот Дух Господ сведочи за родителите Јованови, татко му – свештеникот Захариј, и мајка му Елисавета, во Светото Евангелие: *И обајцата беа праведни пред Бог, постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови без погрешка. Тие немаа деца, оти Елисавета беше неплодна; а обајцата беа веќе стари* (Лука 1, 6–7). Гледате ли, деца, ова мора да го повториме и запаметиме: *постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови, без погрешка*. Посебно запаметете – *без погрешка*.

Што ни покажува овој нивен подвиг? Ни покажува дека и покрај нивната голема и неостварена желба за која Го молеле Господ (*„зашто се услиша твојата молба“* – сведоштво дека тоа го барале), тие не го напуштиле својот подвиг пред Бог, иако обајцата биле веќе стари, па дури и со изгубена надеж во врска со остварувањето на нивната желба. Тоа се гледа во зборовите на Захариј, упатени кон архангелот Гаврил: *„По што ќе го разберам тоа? Јас сум стар, а жена ми е веќе доста возрасна”* (Лука 1, 18).

Нивниот подвиг ни го покажува нивниот однос кон Бог – како однос на чеда Божји, слободен и љубовен. Бесплодно е да се држи самиот закон, сам по себе или заради самиот него, или од робовски и наемнички однос. Заповедите Божји ги исполнуваме заради Бог, барајќи Го само и единствено Него, а не заради некои од Неговите добра. Захариј и Елисавета постапуваат според сите заповеди и повелби Господови – без

погрешка (како деца Божји), ама на крајот – дарот е само Божји: *„Не бој се, Захариј, зашто се услиша твојата молба и жена ти Елисавета ќе роди син, и ќе му ставиш име Јован“* (Лука 1, 13).

Вториот степен од духовниот развој – *просветлувањето на умот,* е внатрешно духовно покритие на Светата Тајна Свештенство. Раѓањето на свети Јован Крстител е почеток на преминот меѓу старозаветното и новозаветното свештенство, премин што, преку Божјиот Домострој на нашето спасение, завршува со Светата Педесетница.

Свети Јован Крстител е и икона, и објавител на тајната на новозаветното и есхатолошкото свештенство, а крај на старозаветното: *„Јас треба од Тебе да бидам крстен, а Ти при мене ли доаѓаш?”* (Матеј 3, 14). Зборови што значат токму ова: „И удостој ме, преку мене – недостојниот и грешен Твој слуга, да Ти бидат принесени овие Дарови, [внимавајте!] зашто Ти си Тој Кој принесува и се принесува, Кој прима и Кој се раздава, Христе Боже наш...“[1] И во двата случаја е очигледно дека, во суштина, Он секоја Тајна ја восовршува преку нас – свештенството.

Деца, има уште многу да се пишува за ова евангелско четиво, по повод раѓањето на пророкот Господов Јован, и за тајната на царското

[1] Молитва што ја чита свештеникот за време на Херувимската песна, Божествена Литургија на свети Јован Златоуст.

свештенство што единствено и останува во Царството Небесно, и е негова пројава во овој свет и век, ама поарно е сè понатаму да ни биде откриено преку подвигот на покајанието и плачот, кој, според делото на пророкот, е и подготовка на патот за доаѓањето и средбата со нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос.

# ЦАРСКО И ЕСХАТОЛОШКО СВЕШТЕНСТВО

„Спомнувајќи Ја Пресветата, Пречиста, Преблагословена, Славна Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија, со сите Светии [свети Григориј Палама, свети Старец Јосиф Спилеот, свети Леонтиј Ерусалимски и Струмички, светите Петнаесет Тивериополски свештеномаченици итн.], самите себе, еден со друг и целиот наш живот на Христос Бог да го предадеме.“[1]

Што точно, деца, значат овие зборови од нашиот возглас на Светата Литургија, посебно неговиот завршеток – „целиот наш живот на Христос Бог да го предадеме“?

Без никакво претерување, значат дека сите ние сме деца Божји по благодат, дека сме царско и есхатолошко свештенство, и дека целиот наш живот е една Света Литургија (Евхаристија или Благодарност).

---

[1] Возглас од Божествената Литургија на свети Јован Златоуст.

Без никакво претерување, значат дека сè она што го мислиме, чувствуваме, зборуваме и работиме, а го правиме слободно и љубовно за исполнување на Божјите заповеди и во слава Божја е наша лична Света Литургија – продолжување на Соборната Литургија од храмот и подготовка за неа.

Без никакво претерување, значат дека секое место на коешто ја служиме нашата лично-соборна Света Литургија е храм Божји и Света Трпеза. И значи дека секое место на Божјава земја е подеднакво свето место – без никаква градација. Единствено несвети се демонската и нашата слободна волја, насочени кон грев.

Без никакво претерување, значат дека, сепак, нема ништо посвето од човекот, па макар и не бил дете Божјо во горенаведенава смисла, зашто Христос рекол: *„Ако на еден од овие Мои најмали браќа* [макар и најгрешни] *им направивте – Мене Ми направивте“* (Матеј 25, 40).

Без никакво претерување, значат дека штом овој и ваков свет постои, тоа е затоа што сè уште постојат носители на ова царско и есхатолошко свештенство – што, нели, од погорекажаното, не мора да значи дека тоа се носители на некој свештенички чин и не мора да значи дека се мажи. Ова царско и есхатолошко свештенство е незаменливо внатрешно духовно покритие и за свештенството, кое преку Апостолското преемство до ден-денес недостојно го носиме.

Без никакво претерување, значат дека времето, храмот и видот на старозаветното свештенство се исполнети, надминати и заменети, и дека сите обиди за нивно возобновување го оддалечуваат, до отпаѓање, денешното свештенство од Оној што ги исполни, надмина и замени со Самиот Себе – Богочовекот Исус Христос.

# НАС АПОСТОЛИТЕ

Еве го, деца, сведоштвото и на пресветиот апостол Павле за добрите дела и добрите плодови на новозаветното и есхатолошко свештенство – во сите негови димензии, кое, како што рековме, е незаменливо внатрешно духовно покритие за видливите свештенички чинови, кои преку Тајната на Апостолското преемство денес недостојно ги носиме.

*„Браќа, нас апостолите, Бог нè постави најпоследни, како осудени на смрт; бидејќи станавме призор на светот – на ангелите и на луѓето. Ние сме безумни заради Христос, а вие сте мудри во Христос; ние сме немоќни, а вие сте силни; вие сте славни, а ние бесчесни. До овој час ние и гладуваме, и жеднуваме, и необлечени одиме, се мачиме и се потураме по светов, но се трудиме, работејќи со своите раце. Кога нè укоруваат, ние благословуваме, а кога нè гонат – трпиме; кога хулат на нас, ние се утешуваме. Станавме како сметиштe на овој свет, како отпад на сите луѓе. Но ова ви го пишувам не за да ве посрамам, туку да ве поучам како мои омилени чеда. Зашто, и*

*ако имате и на десетина илјади наставници во Христос Исус, многу татковци немате, бидејќи јас ве родив во Исус Христос преку Евангелието. Затоа, ве молам, подражавајте ме мене, како што јас – Христос“* (1. Кор. 4, 9–16).

А еве го сведоштвото и на Богочовекот Исус Христос за лошите дела и лошиот плод на старозаветното свештенство – во сите негови димензии, отпаднато од Духот на Стариот Завет. Тоа се истите искривувања и отстапувања од Вистината што ги гледаме и кај денешното свештенство (најпрво за самиот себе пишувам), кое го нема внатрешното духовно покритие за видливите свештенички чинови, кои преку Тајната на Апостолското преемство денес недостојно ги носи. Вие сами споредете и видете ја суштинската разлика, како и истоветност...

*Како не разбирате дека не за леб ви реков: „Чувајте се од квасот фарисејски и садукејски!“ Тогаш разбраа дека Он им беше рекол да се пазат не од лебниот квас, туку од учењето фарисејско и садукејско* (Матеј 16, 11–12).

*Тогаш Исус му проповедаше на народот и на учениците Свои, говорејќи: „На Мојсеевото седиште седнаа книжниците и фарисеите. Затоа, сѐ што ќе ви кажат да пазите, пазете и извршувајте; а според делата нивни не постапувајте, оти тие говорат, а не извршуваат; врзуваат бремиња тешки и мачни за носење, и ги ставаат врз плеќите на луѓето, а сами не сакаат ни со прст*

*да ги помрднат; и сите свои дела ги прават за да ги видат луѓето; ги истакнуваат своите записи од законот и прават големи поли на својата облека; сакаат прво место на гозбите и предни места во синагогите, и поздрави по улиците, и да им велат луѓето: 'учителе, учителе!'"* (Матеј 23, 1–7).

*„Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, оти многу личите на варосани гробови, што однадвор изгледаат убаво, а внатре се полни со мртовечки коски и секаква нечистотија; така и вие, однадвор им се покажувате на луѓето како праведни, а внатре сте полни со лицемерност и беззаконие"* (Матеј 23, 27–28).

*„Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, затоа што го затворате Царството Небесно пред луѓето; оти, ниту вие влегувате, ниту ги пуштате да влезат оние што сакаат да влезат"* (Матеј 23, 13).

*„Змии и породи аспидини, како ќе побегнете од пресудата за во пеколот?"* (Матеј 23, 33).

*„Затоа, ете, Јас праќам при вас пророци и мудреци; (...) едните ќе ги убиете и распнете, а другите ќе ги биете по синагогите и ќе ги прогонувате од град во град; за да падне врз вас сета праведна крв што е пролеана на земјата"* (Матеј 23, 34–35).

*„Вашиот татко е ѓаволот; и вие сакате да ги исполнувате желбите на својот татко; тој е човекоубиец од почетокот и не стои во вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува*

*лаīа, īовори од себе, зашūо е лажец и ūаūко на лаīаūа“* (Јован 8, 44).

*„Како можеūе вие да йоверуваūе, коīа йримаūе слава еден од друī, а славаūа шūо е од Единиоū Боī не ја бараūе?“* (Јован 5, 44).

Ако отстапувањето на старозаветното свештенство од Бог го предвестуваше раѓањето на Синот Божји од Богородица и Секогашдева Марија и Светиот Дух – во тело, тогаш дали отстапувањето на денешното свештенство од благодатта на Светиот Дух не е предвестување за Неговото повторно доаѓање во слава и за сеопштото воскресение на мртвите?

## ВНАТРЕШНО, ЕСХАТОЛОШКО, НОВОЗАВЕТНО И ЦАРСКО СВЕШТЕНСТВО

Деца, чувајте го, држете се и негувајте го она што останува вечно, а мудро и за спасение на сите користете го тоа што е времено.

Вечен е дарот Божји, кој од Светото Крштение го имаме, а тоа е царското и есхатолошко свештенство. А времени се свештеничките чинови, кои преку Апостолското преемство ги добиваме за мудро и спасително устројство на Црквата во овој свет и век.

Најкорисно и најспасително во Црквата е кога и двете свештенства ќе се соединат во едно, во личноста на црковниот пастир.

## ВНАТРЕШЕН И НАДВОРЕШЕН АВТОРИТЕТ

Најпрво би рекол дека онолку колку што ние христијаните се оддалечуваме од единствената Божја Литургија, што нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос, сѐ уште преку нас ја служи во овој свет и век, во Светиот Дух Господ, за спасение на човекот и на сѐ создадено, толку светот – во сите негови пројави, се одвојува, оддалечува од Црквата, па дури и станува наш непријател.

На пример, со текот на времето се одвојувале разните форми на државно уредување; се одвоила науката (посебно медицината, психологијата – психотерапијата); се одвоила севкупната култура; се одвоиле воспитанието и образованието; се одвоила етиката; се одвоиле разните човекови способности, вештини итн. И не само што се одвоиле, туку и се оддалечиле и станале наши јавни или тајни непријатели.

Како се оддалечуваме од Светотроичната Литургија? Сѐ помалку сме активни носители на новозаветното, есхатолошко, односно царско (кое продолжува и во Царството Небесно) свеш-

тенство, што го добиваме како дар при Светата Тајна Крштение. Сѐ помалку, значи, се оние, меѓу нас, што го актуализираат ова царско и Христово свештенство преку очистување на срцето од страстите и просветлување на умот, односно сѐ помалку се оние чиј ум, привлечен од благодатта на Крштението, влегува во олтарот на своето срце и таму невидливо и нечујно учествува во единствената лично-соборна Божја Литургија.

Едноставно кажано, малкумина се оние од свештенството што денес автентично Го сведочат Христос во овој свет. Затоа и луѓето од овој свет на Црквата гледаат како на една обична световна институција во која малку што од своите суштински потреби можат да ги задоволат и, природно, организирањето на речиси сите свои потреби го прават надвор од, па и против Црквата – како што погоре реков.

Ова царско и новозаветно свештенство, кое никогаш не престанува и кое е внатрешно духовно покритие за свештеничките чинови со кои некои од нас и надворешно сме дарувани – преку Апостолското преемство, требаше да го негуваме во Црквата и според светоотечкото Предание, од него да ги бираме нашите свештеници од најнискиот до највисокиот ранг. Само преку ова свештенство Бог го спасува светот.

Наместо тоа, ние се обидуваме да го копираме светот и со истите (световни) методи и средства да му се спротивставиме. На пример: воспитанието и образованието на свештенството

го одвоивме од единствената Божја Литургија, и наместо од неа да добиваме готови свештеници кои за Црквата ќе работат бесплатно – согласно Господовата заповед[1], ние, по урнек на световното образование, своето свештенство го школуваме во посебни школи и од него правиме посебна каста со сите свои световни особености.

Затоа, денешното свештенство, немајќи го внатрешниот авторитет на царското и новозаветно свештенство, автоматски почнува да создава еден надворешен, вештачки и световен авторитет – истиот тој што Богочовекот Христос го критикува кај старозаветното свештенство[2]. Едноставно, сме станале верна копија на старозаветните Црква, храм и свештенство – во нивната изобличеност, со слични рестриктивни правила кон обичниот верник (сепак, носител на царското свештенство) и со ист дух; и иако навидум му се спротивставуваме на овој свет, но користејќи ги само неговите методи и средства, какви што се: централизирана власт, економска моќ, световно образование, политичка моќ итн., само ја потврдуваме нашата длабока секуларизираност. Како што некој рече, вака организираните, т.н. канонски „Цркви“ само го подготвуваат патот и се одлична основа за доаѓањето на антихристот како религиски и световен владетел.

---

[1] Види: Матеј 10, 8.
[2] Види: Матеј 23, 1–39.

# ПАРТИЦИПИЕНТ
# ИЛИ
# САМО МЕДИУМ

Сите ние, посебно свештенството, можеме да бидеме партиципиенти (учесници) во Божјата благодат и, нормално, Негови медиуми (преносители и сведоци на Вистината – Христос) – што е најдобро, или останува да бидеме само обични медиуми. Значи, за да е некој медиум Божји, мора да е и партиципиент во благодатта Божја, зашто ако е само медиум на благодатта (ако преку него само се извршуваат Светите Тајни, а самиот тој не се осветува), најчесто нема да значи дека е и медиум на Вистината. Со други зборови, ако некој е само медиум, односно преносител на благодатта, тогаш веќе е сомнително колку тој е преносител и на Вистината, бидејќи учеството во благодатта Божја секогаш е поврзано со познание на Вистината.

Да заклучиме: сите ние, или сме сведоци (медиуми) Христови, односно носители на тајната на новозаветното, есхатолошко, царско свештенство, т.е. го актуализираме тоа свештенство што го имаме како дар на благодатта од Крште-

нието, односно сме носители на дарот на умно-срдечната молитва и просветленоста на умот, или, ако не сме во послушание, сме обичен медиум – чиј било, а пред сè, на своите страсти и на демоните, и како такви – живееме во илузија и стануваме извор на илузија.

Кога се работи за свештено лице – обичен медиум, треба да бидеме внимателни. Преку него ја добиваме благодатта и треба да имаме почит кон него, но треба и да внимаваме што таквиот поучува. Иако свештеното лице е само медиум на благодатта, опасноста е во тоа што тој има позиција: тој е и проповедник, ја води Црквата, го поучува народот што го слуша. Така, ако не е партиципиент и ако не е во послушание на својот духовен отец, тогаш демонот лесно може да го користи како свој медиум – соодветно на приемчивоста на аудиториумот.

Ретко кој од свештенството, кој не е партиципиент, има свесно лоша намера – таквите се реткост, но како обични медиуми, не сакајќи се случува да ѝ прават голема штета на Црквата. Може да се случи да ги држат клучевите од Царството Небесно, но ниту тие самите да влегуваат ниту другите да ги пуштаат, а да мислат дека се во право. Нормално, никој не сака да верува во такво свештенство, па на крај и во таква Црква. Православната Црква денес е на маргините од интересот на овој свет, затоа што многу малку сме сочувале, односно многу малку наликуваме на она што Христос ни го предал. Не може да се

искривува Христовото учење и да се остане во Вистината – тоа е искривување и отпаѓање од Вистината, тоа е илузија, а не Вистина. Зборот *вистина* доаѓа од зборот *исто*. Како Он што ни предал, ние исто да сме и сега – истото Предание да го актуализираме, и тоа е (В)истина.

Клучно е дека секој што нема да го восогласи својот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓа, како и со местото и улогата што ги има во Црквата или општеството, ќе отстапи од Божјата благодат и како таков многу лесно може да падне во илузија и да стане медиум на демонот. А медиумот и болната врска со медиумот секогаш создаваат нова и поголема илузија, или прелест (лажна состојба на умот). Патем речено, три посебни илузии имаат прифатено христијаните, во текот на историјата, кои ги оддалечуваат од Вистината: поистоветување со државата, поистоветување со нацијата и поистоветување со политичките партии, покрај општата илузија – гревот.

Демонот полека, но сигурно го гради својот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи јавните личности како медиуми, кои се урнек според кој целиот свет се раководи. Колку поголема позиција има јавната личност, на пример: првосвештеник, политичар, филмска, музичка или спортска ѕвезда, бизнисмен итн., толку е поголема шансата демонот да го користи. Тоа е улогата на медиумот – дејствува директно на страстите, ги буди страстите и од нашиот живот

создава илузија. Илузијата, пак, од своја страна, уште повеќе ги буди страстите и затоа е лесно приемчива и општоприфатена. Целиот свет во илузија живее, која на крај се обезбедува со економска и воена моќ, ако се појави отпор кон неа. А Вистината е тесен пат, по кој малкумина врват.

Најголемиот проблем е што луѓето живеат во илузија, а за да се разбие илузијата мора да се појави Вистината, односно носител на Вистината, односно личност – партиципиент во Вистината, која со својата појава во сила ја разбива илузијата и носи покајание. Каде што ќе се појави Вистината, илузијата исчезнува како темнината од светлината, и доаѓаат духовното прогледување и покајанието.

## ИЛУЗИЈА

Сите се наоѓаме во илузија – кој помалку, кој повеќе. Најголем проблем кај илузијата е тоа што таа нѐ дели од Божјата реалност, дејствувајќи на секое можно ниво од нашето битие; токму и затоа ја сметаме за посеопфатна заблуда од прелеста. Илузијата не ни ги заслепува само умот и разумот како прелеста, туку и самите чувства и целото тело. Што е најлошо, поради илузијата ја губиме и целата сила да му се спротивставиме на гревот и правиме нешто што никогаш не сме имале намера да го направиме, односно се чудиме како сме можеле истото да го направиме, отпосле.

Основа на илузијата се неочистените страсти од срцето. Илузијата се појавува и нѐ опфаќа во оној момент кога конечно ќе се согласиме со демонската помисла и ќе ја прифатиме во нашето срце, и кога благодатта ќе отстапи од нас. А надвор од благодатта Божја, сѐ е илузија. Значи, клучен е моментот на прифаќање на помислата, зашто тогаш таа добива доминантна и одлучувачка сила над нашето срце како духовен центар.

Потребно е да правиме разлика кога сме заробени од некоја страст и кога не сме заробени. Кога сме заробени, илузијата веднаш се активира. На пример, штом ни ја повредат суетата, гордоста, односно високото мислење за самите себе, илузијата веднаш се активира, нѐ опфаќа и паѓаме под нејзина власт. А сосем друго е кога илузијата треба прво да продре во нашето срце преку помислата, односно да нѐ наведе на разговор, да предизвика насладување, согласување итн.

За пад на некој што е на првиот степен од духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*) е доволно илузијата да пробие преку помислата до срцето, додека, пак, за пад на некој што се наоѓа на вториот степен (*просветлување на умот*) потребно е да постои реална можност или објект за задоволување на страстите – без разлика дали тоа ќе биде власт или човечка слава, пари или имот, маж или жена, јадење, пиење, или каква било друга зависност. Безбедно е да не сме во можност или во близина на објектот на илузијата.

Значи, најбитно е да не влеземе во илузијата, односно во нејзините замки, зашто тогаш ја губиме силата да се бориме против неа. Бидејќи, штом еднаш се влезе во просторот на можноста или на објектот, како и во времето на илузијата, тешко се спасуваме од гревот, особено ако сме станале зависници – ако илузијата станала навика. Во таков случај е потребно во

близина да имаме духовен отец, брзо да се исповедаме итн. Особено поради тоа што на првиот степен илузијата не може да се препознае – ја чувствуваме како дел од нас.

Одлуката за монашки живот е излегување од илузијата на овој свет, од општата илузија.

Деца, во одредена мера сè е илузија – додека сте на првиот степен од духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*), освен словото на духовниот отец. Внимавајте, не реков дека не е илузија вашиот однос кон духовниот отец, туку неговото слово кон вас.

## СЛЕПИ ПРИ ОЧИ

Ако сакаме да говориме за нешто што нема врска со нас, тогаш зборуваме само за Преображението Господово, и само тоа го „славиме“. Ако сакаме Преображението Господово да има суштинска врска со нас, тогаш треба да зборуваме за преображението на светите апостоли, и тоа заедно да го славиме. Ама вистински, постојано преобразувајќи се, од очистување во просветлување и од просветлување во боговподобување. Оти ништо не Му се додаде на Оној Кој имаше сѐ од самото воплотување, туку на оние (затоа и нам) што ништо немаа, а кои одеднаш ги видоа со своите преобразени очи Богочовекот Христос – Каков што Е, Мојсеј и Илија – какви што се, како и горага Тавор и сѐ околу нив – какви што се, во несоздадената божествена Светлина. Затоа, Господи, добро ни е тука...

Три вистини и овојпат ќе ви предочам и нагласам, коишто сакам да ни останат во сеќавање од овој ден, и дај Боже да ги претвориме во пракса, да останат освестен дел од нашето секојдневие.

Прво, не треба да заборавиме дека не сме енергетски самостојни битија, ниту материјално ниту духовно, и дека нашето вистинско постоење зависи од друг енергетски Извор. А ние, всушност, сосем погрешно, живееме како да сме енергетски самостојни битија. На пример: без молитва, без причест со Христос итн...

Второ, никогаш не можеме толку совршено да се подвизуваме колку што тоа може да ни го „намести" Божјата промисла. Само Бог може да направи услови за подвиг во кој ќе се здобиеме со вистинско смирение, а оттука па натаму, и со сите дарови Божји. Нашите подвизи се поврзани со малку суета, дури и кога се во послушание.

И трето, не треба да ги потиснуваме страстите, туку да ги преобразуваме. Зашто потиснатите страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина, а очистените и преобразените ќе функционираат нормално и во најголемите искушенија. Не ли го восогласиме нашиот живот и подвиг во Црквата со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, со сигурност да знаеме: се наоѓаме во процес на потиснување на страстите – во илузија дека живееме духовен живот, а не во процес на преобразување на страстите. А потиснатите страсти сигурно ќе се вратат во вид на некоја душевна или телесна болест. Во секој случај, некако ќе се вратат.

## ПОДДРЖУВАЧИ НА НЕЗНАЕЊЕТО

На минатонеделната Литургија ви објаснував како илузијата е активирана и посеопфатна состојба на прелест, како и душевно-телесна обессиленост поради отсуство на благодатта Божја во нас. Основа на илузијата се, како што рековме, неочистените страсти од срцето. Во времето и просторот (заедно и со објектот) на илузијата влегуваме во моментот кога ќе се согласиме и ќе ја прифатиме демонската гревовна помисла во своето срце.

Поопасна и понезабележлива за нас е илузијата што нè опфаќа во вид на еуфорија или нервоза (кога бараме човечка правда) – најчесто во таква состојба правиме грев. Позабележлива за нас е илузијата што нè опфаќа во вид на духовна затемнетост и депресија поради претрпена повреда од некого. Како и да е, најкарактеристично за состојбата на илузија е отсуството на Божјата благодат и отсуството на сопствена сила самите да се извлечеме од гревовната состојба. А, најчесто, и свеста дека сме во илузија.

Што треба да направиме за да се спасиме од оваа гревовна и демонска состојба наречена илузија, откако ќе бидеме заробени од неа, а што најчесто не правиме? Под услов навреме да се освестиме и да ја забележиме – пред или откако веќе сме го направиле гревот.

Најлесно е, изгледа, да побараме помош од нашиот духовен отец. Исповедта пред духовниот отец – поврзана со аскетско покајание, најчесто целосно ја обессилува илузијата, зашто го отвораме срцето, односно го откриваме местото од каде што илузијата дејствува, за истото повторно да биде заземено од Божјата благодат. Реков: најлесно е, изгледа, за оние што немаат свештенички чинови, иако и тие се збунуваат и се губат во дадената ситуација; но многу тешко е, изгледа, за оние што имаат свештенички чинови – посебно за оние со највисоките, кои вообичаено кај никого не се исповедаат, а неопходно е.

Второ, ако некој чул за петте контролни точки или ги памти, преку кои се надминува секое искушение (кога човек е во послушание), арно – треба само да ги спроведе во дело. Ако не чул, ќе се задржам само на третата – самоосудувањето. Односно, треба да си одговориме на прашањето: ја бараме ли ние како христијани Божјата правда или човечката? Кој бара човечка правда, не може себеси да се нарече христијанин. Кога во моментот на некое искушение или повреда од страна на некој друг се проверуваме дали во тој момент нашите мисли, чувства, збо-

рови и дела се слични на Христовите и се поправаме себеси според тоа (не тој што нѐ повредил), тогаш бараме Божја правда.

И трето, кое произлегува од второто: барајќи ја Божјата правда, ние секогаш – ама баш секогаш, проблемот го пронаоѓаме во себе, а не во другиот. Оној што проблемот го пронаоѓа во другиот, отпаѓа од Христовиот пат. Кога веќе проблемот го пронаоѓаме во себе, ние се поправаме. Колку некој треба да е отпаднат од Христос за да не го сфати ова? Многу.

За жал, илузијата ја има таа сила над нас – сето ова погоре објаснето во најпотребниот момент да го заборавиме. Затоа, Отците инсистираат на аскетски подвиг – прво да научиме и запаметиме, а потоа и да го восогласиме нашето однесување, нашите зборови, мисли и чувства со Христовите, иако во моментот на илузија ништо од тоа ниту чувствуваме, ниту сакаме да направиме. Но, прво, да научиме и да запаметиме што е илузија и како да се избавиме од неа! Светите Отци на Црквата не рекле напразно дека незнаењето е најголемото зло. Јас би додал: и тие што на кој било начин го поддржуваат.

## ЧЕТВРТОТО ИЛИ ОДДЕСНО НА ДЕСНОТО МЕСТО

Се сеќавате на мајката на Заведеевите синови (светиот апостол и богослов Јован и светиот апостол Јаков), која заедно со нив Го молеше Богочовекот Христос: *„Заповедај овие мои два сина да седнат при Тебе, едниот оддесно, а другиот одлево во Твоето царство!“ Исус одговори и им рече: „Не знаете што барате...“* (Матеј 20, 21–22). Навистина не знае што бара некој што превидува дека ако неговото барање се оствари, треба да седне пред Божјата Мајка и Божјиот Крстител. *„...Да се седи од Мојата десна или лева страна, тоа не зависи од Мене; таму ќе седнат оние за кои е приготвено од Мојот Отец“* (Матеј 20, 23). Значи, тоа не зависи ниту од Бог, туку од самите тие што ќе го остварат, слободно и љубовно, од Бог поставениот критериум за единство и заедница со Него.

И што гледаме ние денес на храмовиот иконостас – икона на Царството Небесно: кој седи од десната и од левата страна Христова? Не седи ниту апостол – па бил тој Петар или Павле, ниту некој свет архиереј, односно не седи прет-

ставник на надворешното свештенство; не седи никој друг, туку првите и совршени носители на внатрешното, вистинско новозаветно, есхатолошко (вечно) и царско свештенство – Пресвета Богородица и Секогашдева Марија и свети Јован Крстител. Само преку носителите на ова свештенство во Црквата, а преку нив и во светот и во неговата историја, дејствува единствената непрестајна Литургија, односно Очевиот Домострој на нашето спасение, преку Синот во Светиот Дух Господ.

Сега, јас барем, не гледам некоја разлика по чест, како што гледам разлика во послушание, меѓу првото и второто (десното) место, бидејќи Христос во Нејзиниот скут седи; но меѓу второто и третото (левото) гледам – дека второто е поголемо по чест и од херувимското и неспоредливо пославно и од серафимското. Иако со напишаново е можно да соблазнам некој од читателите (кој не знае), сигурен сум дека нема да навредам никого од спомнатите овде – напротив. А четвртото место сè уште е отворено...

# КАКО ДА ОСТАНЕМЕ ВО ПРОСТОРОТ НА СВОЕТО СРЦЕ?

Од суштинско значење за нашиот духовен развој, за активирање на царското и есхатолошко свештенство внатре во нас, е да останеме молитвено и аскетски собрани во просторот на своето срце – иако во почетокот нема да ни е потполно јасно значењето на овој подвиг. Останувањето во просторот на своето духовно срце е исто што и ставање на умот во процес на исцеление; исто што и природен начин на постоење и живот; исто што и одење по тесниот пат на послушанието; исто што и очистување на срцето од страстите; исто што и преобразување на енергијата на нашиот ум; исто што и пребивање во благодатта Божја; исто што и живот во Богочовекот Христос – во Црквата.

Прво да видиме – што точно значи да излеземе надвор од просторот на своето духовно срце?

Кога осудуваме некого, односно кога вината за она што се случува ја гледаме, ја препознаваме или ја лоцираме надвор од себе, надвор од сопственото *јас,* нели ни станува потполно

јасно дека излегуваме надвор од своето срце? Нели забележуваме дека молитвата ни престанува? Нели забележуваме дека благодатта Божја нè напушта? Нели забележуваме рој навидум логични и нормални помисли со кои го осудуваме ближниот, а се самооправдуваме себеси? Нели забележуваме дека чувствата кон ближниот наш ни се со многу зло поматени? Нели забележуваме дека духовната темнина нè обзема? Нели забележуваме дека воопшто не сме слични, ниту дека во таква состојба сме во можност да Го сведочиме Богочовекот Христос? Нели – о Боже! – забележуваме дека ова истово постојано ни се случува и дека ова истово е основа на сите наши падови? До кога вака ќе се самодемонизираме?

Како да се спасиме од оваа сеопфатна смрт? Како вината за секое зло – прво лично, а потоа и космичко, молитвено да ја согледаме или да ја препознаеме, или да ја лоцираме таму каде што навистина се наоѓа – во суштината на нашето *јас,* во нашето духовно срце? И, како молитвено да останеме во него – борејќи се и победувајќи го злото токму таму од каде што навистина дејствува?

Не постои друг начин освен преку барањето на Божјата правда, а не на нашата, човечката – како што правевме досега.

Барањето на Божјата правда е единствен и исклучив христијански подвиг, кога при трпењето на определено зло молитвено и аскетски се присилуваме во сè да бидеме подобни на Христос.

Кога некој со некаква своја постапка нè повредува, ние не го судиме и осудуваме дали неговата постапка одговара на некаков евентуално од нас даден повод, или дали воопшто сме му дале некаков повод, туку се проверуваме себеси, и само себеси, преку Христовиот евангелски пример, како и преку досега стекнатиот духовен опит – дали во тие моменти сме слични (подобни) на Богочовекот Исус Христос или не, односно дали нашите чувства, мисли, зборови и дела се во согласност со Божјите заповеди за љубов или не се, и се трудиме во молитвено-аскетски подвиг да ги восогласиме.

Единствено преку овој молитвен и аскетски подвиг, благодатта на Светиот Дух ни ја открива нашата оддалеченост, нашата несличност, нашата неподобност со Оној Чие Име го носиме, со Оној пред Кого завети за чинење добро на Крштението сме дале, со Оној пред Кого сме се одрекле од злото, со Оној Кого треба да Го сведочиме во овој свет и со Оној со Кого се причестуваме на секое Свето Благодарење (Литургија); и единствено на овој начин секогаш вината ја согледуваме внатре во нас, а никогаш надвор од нас – во нашиот ближен, што е и единствена вистинска основа за нашето сопствено делотворно покајание.

Ако вака подвижнички и континуирано се проверуваме и вподобуваме самите себе на Христос – молитвено пребивајќи во просторот на сопственото духовно срце, тоа постојано ќе

се чисти од своите страсти, и еден ден, во него, во *местото на срцето,* најприродно ќе се појави дарот на умно-срдечната молитва – посебниот печат дека сме вистински чеда на нашата Владичица Пресвета Богородица и Секогашдева Марија. Овој дар ќе ни го разјасни и осмисли целиот наш претходен подвиг.

Навистина не знам, после толку повторувања, што од погоренапишаново не е јасно?

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина...!

## ШТО Е ПРОСТОР НА СРЦЕТО, А ШТО Е МЕСТО НА СРЦЕТО?

Во минатонеделната беседа како да остана малку недокажано што е тоа *простор на срцето,* а што е тоа *место на срцето*. Ќе почнеме од второто: место на срцето е она место во нашето духовно срце (кое, патем речено, се совпаѓа отприлика и со нашето физичко срце) каде што се пројавува божествената благодат што ја примаме на Светото Крштение и каде што умот природно и молитвено бива привлечен да престојува. Се подразбира дека Божјата благодат ќе се пројави во оној момент кога нашето срце ќе биде доволно очистено од страстите. Потоа, духовно нè раководи благодатта, а не духовен отец.

Просторот на срцето е и место во срцето каде што треба молитвено-аскетски да чукаме за да ни се отвори, но, пред сè и над сè, е природен начин на живот во кој, преку Светото Евангелие, сме повикани да ги исполнуваме Божјите заповеди, од кои првата е ставање на умот во процес на исцеление преку целосрдечно послушание. Послушанието е влез во просторот на срцето. Подвигот на послушание кон духовниот

отец трае сè до откривањето на местото на срцето, но не и после тоа – еднаш засекогаш запаметете го ова. За просторот на срцето подетално кажавме во минатонеделната беседа.

Со севкупниот начин на нашиот живот и подвиг постојано треба да пребиваме во просторот на срцето. Кога сме надвор од тој подвиг, пребиваме во просторот на илузијата. Сè што е надвор од просторот на срцето е илузија. Тоа се случува кога искушенијата не ги прифаќаме како дар Божји; кога не Му благодариме на Бог за тоа што ни се случува; кога не се самоосудуваме, туку се самооправдуваме и бараме човечка правда; кога сето претходно го покажуваме дека ни се случува со гревовни реакции пред луѓето и демоните – на лице, на збор и на дело; и кога молитвата кон Бог ја прекинуваме.

Да се потсетиме уште еднаш: кога се самооправдуваме, ние автоматски Го обвинуваме и Бог и некој човек за она што ни се случува, и автоматски ја гледаме, ја препознаваме и ја лоцираме вината, односно постоечкиот проблем, надвор од нас – надвор од просторот на нашето духовно срце. Тоа е илузија. Ваквото наше однесување е непремостлива препрека за очистување на нашето духовно срце од страстите, за појава на благодатта Божја во местото на срцето и за добивање на дарот на умно-срдечната молитва.

На првиот степен од духовниот развој (*очистување на срцето од страстите*) мора да се трудиме да пребиваме во просторот на срцето,

ако сакаме барем по малку, но континуирано да ни се чисти од страстите, додека истовремено молитвено-аскетски го бараме местото на срцето.

На вториот степен од духовниот развој (*просветлување на умот*), просторот на срцето ни е веќе даден – природно и без голем напор го живееме, а треба да се трудиме молитвено-аскетски да престојуваме во местото на срцето, кое ни е веќе откриено – другото е Божја работа, преку Богородица.

# ЗАГУШЕНО ИЛИ
# ДЕЛОТВОРНО ПОКАЈАНИЕ

Во денешното евангелско четиво[1] ни се открива како страста славољубие ја убива добродетелта покајание во човекот. Уште ни се открива како, всушност, славољубието е најголемата и најсилната страст кај човекот. Исто така, во Ирод четворовласникот ги препознаваме трите главни страсти: сластољубие, среброљубие, славољубие. Но, како што свети Јован Лествичник пишува, понекогаш страстите се противат една на друга, или една страст во даден момент ја потиснува другата[2]. Така, и кај царот Ирод гледаме дека овие три страсти во исто време немаат ист интензитет и сила, и како посилната страст ја потиснува послабата.

Имено, во моментот кога ќерката на Иродијада игра и со својот танц го задоволува неговото сластољубие, Ирод е подготвен да даде и половина од царството што му припаѓа. Значи,

[1] Види: Марко 6, 14–29.
[2] Види: Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 86.

сластољубието во тој момент го потиснало сребр310убието во него. Освен тоа, гледаме дека токму поради своето сластољубие Ирод го држи во затвор свети Јован, зашто овој го прекорувал дека не смее да ја земе жената на брат му. Но, и покрај сè, ниту сластољубието ниту некакво среброљубие го натерале да го убие свети Јован, туку само да го држи затворен, а и понатаму да го почитува на некој свој начин и да сака да го слуша.

Но, кога веќе царот Ирод ѝ вети на девојката и ѝ го даде својот збор дека ќе ѝ даде сè што ќе посака, дури и половина од своето царство, таа, поучена од мајка си, ја бара главата на свети Јован Крстител. Иако се сневесели поради тоа, сепак, гледаме дека неговото славољубие не му дозволува да го повлече зборот што го дал пред гостите. Очигледно, најмногу од сè Ирод држи до својот збор, до своето *јас,* до својата гордост и високото мислење за самиот себе.

Значи, неговото славољубие го убива свети Јован Крстител, односно го убива и покајанието во него самиот.

Слично на него, и ние со нашето славољубие го убиваме покајанието, кое ни е дадено како најголем дар во Христос Богочовекот, во Црквата. Со останатите страсти – среброљубие и сластољубие – исто така му штетиме на покајанието, но на тој начин што го држиме затворено и загушено некаде во нас.

И да заклучиме – најсилната страст што го убива покајанието во нас е славољубието. Ние, пак, наместо да ја искоренуваме и да ја уништуваме таа страст, продолжуваме да ја негуваме. А како ја негуваме? Па, сакаме секаде да сме први, сакаме сите да нè фалат и да нè слават – исто како лажните пророци. Луѓето што нè навредуваат и повредуваат, кои Бог ни ги праќа за да ни помогне да видиме што имаме во своето срце, за да знаеме и од која страст да го чистиме – луѓе кои се, всушност, дар Божји за нас – ги мразиме и им враќаме зло за „зло". Со тоа ги отфрламе дарот Божји и Божјата промисла за наше очистување и спасение. Таквото наше однесување значи само хранење и развивање на страста славољубие, во нејзините демонски димензии.

Свети Јоване Претечо, Крстителу Христов, проповеднику на покајанието и автентичен носителу на новозаветното, царско и есхатолошко свештенство, моли Го Бог да ни дарува делотворно покајание...!

## КОМПАТИБИЛНОСТ НА ЧОВЕЧКИОТ СО ДЕМОНСКИОТ РАЗУМ

Како што вели свети Јован Лествичник: „Сè што е создадено ненаситно тежнее кон сродното на себе: крвта кон крв, црвот кон црв, земјата кон земја“[1]. Така и човечкиот и демонскиот разум најчесто се привлекуваат меѓу себе. Како се случува тоа човечкиот разум да стане компатибилен со демонскиот разум – од каде таа сродност, соодветност, восогласеност и привлечност меѓу двата разума? И како демонскиот ја презема власта над човечкиот разум?

Да се потсетиме: умот има една енергија, но две функции: примарна – кога преку својата енергија се соединува со Божествената несоздадена енергија и благодатно и љубовно се преобразува, и секундарна – кога преку истата енергија комуницира со создадениот свет. Токму неговата секундарна функција ја нарекуваме разум. Наша цел е да ги восогласиме овие две функции преку преобразувањето на едната енергија

---

[1] Свети Јован Лествичник, *Лесӣвица,* Београд, 1963, стр. 104.

на умот, односно да го надминеме внатрешниот расцеп и дуалистичкиот поглед на светот.

Различна е храната на умот од храната на разумот и различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е благодатниот опит од љубовната заедница со Бог, и светотаинската и молитвената – во очистеното и отворено срце, додека, пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која било област на науката, културата и уметноста, па дури и на теологијата, како и од разните вештини).

Знаењето на умот е љубовното познание на Бог (како просветленост или обоженост), додека, пак, знаењето на разумот – само по себе е познание на практичниот опит во овоземните науки и вештини (меѓу кои и црковно-административното управување), како и во културата и уметноста. Идеално би било кога овие две знаења би биле восогласени.

Затоа, многу е лошо нашиот ум да го лишиме од неговата благодатна храна, што истовремено значи и од неговото знаење и љубовно познание на Бог, а истовремено да го прехрануваме нашиот разум исклучиво со разни световни знаења, па макар и со знаења од областа на теологијата, со што само ги храниме нашата суета и самољубие. Штом човечкиот ум отпадне од Бог и од сигурноста во Него, човекот автоматски ја бара сигурноста во световното знаење и во материјалните блага за да опстане во овој свет, и автоматски се разболува од самољубие – од

страстите за човечка власт и слава, за овоземно богатство и за телесни наслади, а вообичаено на штета на своите ближни.

Потполно истото им се случило и на демоните. Немаат однос со Бог и опит од заедницата со Него, отпаднати од Него поради безмерното самољубие – што значи примарната функција на нивниот ум е апсолутно запоставена, додека нивниот разум е безмерно прехранет. Со други зборови, нема суштество со толкаво разумско знаење (дури и схоластичко-теолошко) и многувековен опит во световните работи какво што е демонот – та секое човечко световно знаење достигнато со помош на разумот да е безмалку смешно во однос на неговото, но истовремено и нема така крајно самољубиво суштество што свесно Го мрази и отфрла Бог.

Токму во прехранетиот и обезблагодатен разум, како и во врвното самољубие, и кај човекот и кај демонот се крие тајната на нивната заемна компатибилност – тајната на нивната заемна сродност, соодветност, восогласеност и привлечност. Од една страна е човекот со својот горд, суетен и прехранет разум, кој е отворен, податлив и гладен за нови знаења преку кои би го задоволил своето самољубие, но истовремено е и крајно невешт во разликување на помислите (дали се демонски или негови). Од друга страна, пак, е демонот кој бара токму таков човечки разум – кој е неспособен да го препознае и кој е

подготвен несвесно (или свесно) да му служи – за да се соедини со него, да му го пренесе своето знаење и да почне да го води, така што таквиот човек да ги извршува неговите планови за конечно доодвојување на човештвото од Бог и за негово самоуништување. Идеална спојка на гревот, смртта и пеколот.

## БОГ ВО ПОСЛУШАНИЕ

Како да се избегне замката нашиот разум да стане компатибилен со демонскиот разум? Ќе ја избегнеме со тоа што ќе се трудиме, колку повеќе можеме, да ја користиме примарната функција на умот, а практично тоа би значело – постојано да се трудиме да бидеме во заедница со Бог преку послушание и молитва. Зошто го ставивме послушанието, односно ставањето на паднатиот ум во процес на исцеление пред молитвата? Зашто пред да влеземе во природен начин на живот и постоење, а тоа ни го овозможува само послушанието, секој подвиг во Црквата би бил бесплоден.

Уште поконкретно, тоа значи дека при секоја забелешка, опомена или карање од страна на духовниот отец (или од страна на ближниот) нашиот прв и единствен одговор секогаш треба да биде зборот „прости“. Објаснување даваме само ако духовниот отец (ближниот) нѐ праша. Секое објаснување без прашање е, всушност, речиси секогаш самооправдување. Само на овој начин ќе ги згазиме своето демонско самољубие и демонска гордост. Природно, вака „притегнати“, нема каде

да бараме утеха освен во Бог, па ќе се вратиме кон молитвата и покајанието – како севкупен процес на самопроверување според петте контролни точки. Паралелни односи (со други браќа и сестри) се уште полоша појава наспроти самооправдувањето пред духовниот отец.

Духовниот отец, и да сака, не може и не би требало да им помага на луѓето што бараат помош од него (освен молитвено и со некоја основна материјална помош) сè додека тие не влезат во целосрдечно, барем аскетско послушание кон него. Зашто тие, како прво, бираат што ќе слушаат, а што не – согласно тоа како ним им одговара (читај – како на демонот му одговара), а во таков случај Бог нема да содејствува; и како второ, духовниот отец ако и покрај тоа се обиде да им помогне (поради некаква сентиментална поврзаност), повторно нема да успее – од горенаведената причина, а може да се најде и во опасност да биде изигран од демоните (и на духовен и на материјален план) ако проба да исполнува желби на луѓе што не се во послушание на Бог, туку на демонот.

Да не се залажуваме: или сме во послушание на Бог или сме во послушание на демонот. Или ја преобразуваме енергијата на умот или го храниме само разумот. Трета опција немаме.

Послушанието кон Бог нема никаква врска со робовскиот и наемничкиот однос. Послушанието е најчудесната тајна на нашиот слободен личносен однос со Бог. Само во оваа тајна чо-

векот расте како слободна личност до бескрајните димензии на боговподобувањето. И само во оваа тајна Бог му станува послушен на човекот. Зарем тоа не го гледаме во животот на Пресвета Богородица? Послушанието е Нејзината најинтимна љубовна тајна. Нашиот ум и нашето слово се немоќни пред оваа тајна, но она што сепак е очигледно за сите е фактот дека одеднаш Бог почнува Неа да ја прашува за дозвола дали да прави или да не прави нешто – почнува Неа да ја слуша.

Само видете го оној неискажлив момент од светата Благовест – без Нејзиното *нека ми биде* ништо не стана од тоа што потоа стана во Божјиот Домострој на спасението на човекот и светот. Или видете го оној чудесен момент од свадбата во Кана Галилејска – *немаат вино*. Дали, после навидум грубиот одговор, Таа нешто Го замоли или Му се обрати повторно? Не, им се обрати на слугите – *Направете како што ќе ви рече!*[1] А Кој постапи според Нејзината желба? Лично Нејзиниот Син, а наш Бог, Богочовекот Исус Христос. Кој кому овде му е послушен? И што овде не е јасно!?

[1] Види: Јован 2, 1–11.

## ЗОШТО ТОГАШ СЕ ПЛАШИМЕ ОД ПОСЛУШАНИЕТО?

Во минатата беседа рековме дека послушанието кон Бог нема никаква врска со робовскиот и наемничкиот однос. Послушанието е суштинската тајна на нашиот слободен и љубовен личносен однос со Бог. Само во оваа тајна човекот расте како слободна личност до бескрајните димензии на боговподобувањето. И само во оваа тајна Бог лично му станува послушен на конкретниот човек и неговите лични желби – како што видовме во примерот со Богородица, како и во житијата на многу други светители на Црквата. Претходно реченото бара дообјаснување.

Да почнеме од крајот: и само во оваа света тајна Бог му станува послушен на човекот. Едноставно кажано, Бог најсмирено, со љубов и доверба му е послушен на човекот од почетокот на неговото создавање. Бог има доверба и му е послушен на секој еден од нас од самото наше зачнување, па сè до самото упокојување, и Бог ќе му биде послушен со доверба на секој еден човек до крајот на овој свет и век. Но, ова е опис на само едната страна од односот – што треба

да нè отрезни и мотивира. И повторно ќе ве прашам: кој кому овде му е послушен? Он нас прв нè возљуби, односно ни стана послушен, а не ние Него[1].

Од каде произлегува ова послушание? Бог со Својата безусловна љубов – како најобичен наш слуга или доброволен роб, преку Својата промисла, ги подредува сите случувања во нашиот личен и сечовечки соборен живот на тој начин што тие секогаш да се во функција на нашето спасение (единство и личносен однос со Бог и меѓу себе во Црквата). Притоа, Бог не гледа кој е кој, кој колку Го љуби и Му е послушен, или кој колку Му греши. Прочитајте го само Евангелието или слушајте ја внимателно Светата Литургија: и не се откажа сè да направи додека на Небото не нè возведе...[2]

Наша задача е да Му благодариме на Бог за Неговото љубовно послушание кон нас и преку наше слободно, доброволно и аскетско послушание (на првиот степен од духовниот раст – обврзно пред духовниот отец) да Му вратиме со љубов на Неговата љубов – преку исполнувањето на Неговите заповеди. Колку духовно ќе напредуваме и ќе растеме преку овој подвиг, толку повеќе ќе ни се открива тајната на послушанието како личносно растење до бескрајот на бого-

---

[1] Види: 1. Јов. 4, 10.
[2] Види: Молитва од Евхаристискиот канон, Божествена Литургија на свети Јован Златоуст.

вподобувањето. И толку повеќе ќе согледуваме колку Бог, всушност, ни е послушен во нашиот личен живот, на нашите лични желби. Зошто тогаш се плашиме од послушанието, кога тоа нè прави најслични на Бог?

При овој подвиг, многупати Божјата промисла за наше спасение нема да биде во согласност со нашите желби и очекувања што не се во полза на нашето спасение. Затоа тајната на нашето послушание се содржи во прифаќањето со благодарност и смирение на Неговата промисла за нас, без оглед колку тоа ни изгледа тешко и бесмислено во дадениот момент. Спомнете си само за разбојникот од крстот кому, откако го прифати со смирение и благодарност своето страдање, му се отворија очите и Го препозна Богочовекот Христос, односно целиот Божји домострој за неговото лично спасение[3]. Бескрајната доверба во Бог е нашиот најличносен одговор на Неговата бескрајна доверба во нас.

Целосрдечното послушание, односно ставањето на умот во процес на исцеление, непоколебливата доверба и слободната и љубовна посветеност на Бог се нашиот проверен личносен одговор на Божјото љубовно послушание кон нас. Проверен личносен однос, обично, не се стекнува преку ноќ. Доволно проверениот личносен однос се потврдува со дарот на умно-срдечната

---

[3] Види: Лука 23, 40–43.

молитва на вториот степен од духовниот развој – *йросвейлување на умой*, а послушанието кон човек (кон духовниот отец) престанува. Битно за нас е да не дозволиме Божјото неотповикливо и безусловно љубовно послушание кон нас да остане еднострав однос, односно однос што ќе ни остане неоткриен, како на распнатиот разбојник одлево, кој хулеше на Него. Двостраниот слободен и љубовен однос е единствената основа за градење на личносен и синовски однос со Бог. Оваа тајна, исто така, ќе остане неоткриена и непозната – во овој живот, и за робовите и за наемниците, кои наместо Него ги бараат само Неговите дарови.

Пресвета Богородице, Тебе, Која, ние распнатите како разбојникот оддесно, Те гледаме како сострадуваш под Крстот на кој е распнат Твојот Син – Богочовекот Христос, спаси нè сите! Само Ти тоа го можеш.

## СЛОВО ЗА ОНИЕ ШТО СЀ УШТЕ СЕ КОЛЕБААТ ДА ВЛЕЗАТ ВО ПОСЛУШАНИЕ

Деца, бидете искрени кон самите себе и внимателно, со самопреиспитување прочитајте да видите што не ви е јасно во врска со основниот подвиг во Црквата – послушанието кон духовниот отец, односно ставањето на умот во процес на исцеление, како и што најмногу ве збунува во врска со ова. Преиспитајте се внимателно, зашто без доброволно да го ставиме умот во процес на исцеление (смирение), во прелест сме ако мислиме за себе дека сме на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, односно дека сме го напуштиле противприродниот начин на живот.

Да почнеме вака: од една страна, на сите ни е јасна и неспорна Христовата заповед – *„Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној што Ме пратил"* (Лука 10, 16). Како и: *„...Кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред*

*Мојот Отец Небесен*“ (Матеј 10, 33). И гледаме дека Богочовекот Христос непослушанието го изедначува со одрекување од Него.

Од друга страна, очигледната неподготвеност на поголемиот дел од свештенството за опитно духовно раководство (оти *тесен е патот*) како да ни дава основа за самооправдување – да не ја послушаме оваа заповед на Богочовекот Исус Христос. Односно, таквата состојба нè наведува на една збунетост, како и во расцеп на личноста: хиерархиски и административно да мораме надворешно да го слушаме конкретниот клир, а внатрешно постојано да го осудуваме.

Како да ја надминеме оваа шизофренија? Во една реченица ќе ви кажам за што се работи: Бог не постави вечни и свети луѓе (апостоли, епископи, старци и духовници), кои духовно ќе нè раководат овде – во овој свет и век, туку Бог во и преку Својот единороден Син Богочовекот Исус Христос ни даде сила и ни остави и постави вечни критериуми по кои самите ќе се раководиме. Со други зборови, апсолутно целата одговорност за нашиот љубовен однос кон Него, Бог ни ја префрла нам без да ни остави и најмал простор за самооправдување. На овој начин Бог апсолутно ја сочува нашата лична слобода, но и лична одговорност, а со тоа апсолутно ја сочува и неусловеноста на нашата љубов и личен однос со Него. Еден од тие основни критериуми (како што видовме погоре) е и послушанието кон ду-

ховниот отец на почетокот од православниот духовен живот.

Оној што има опит на послушание, сепак, знае дека послушанието кон духовниот отец, иако надворешно изгледа како послушание кон човек, во суштина е само однос на вера и доверба во Бог. Ова е клучен момент во подвигот на послушанието, кој не смее да се превиди! Откако слободно и доброволно ќе избереме свој духовен отец (без разлика дали од брачното или од безбрачното свештенство), со целосрдечното послушание кон него, ние, всушност, на дело ги покажуваме и својата вера и доверба во Бог – во Неговата љубов и промисла за наше спасение, а не толку во конкретниот човек.

Видете колку јасно го објаснува ова Старец Софрониј (Сахаров): „Сѐ зависи од нашиот однос со Бог. Ако имаме доверба во Неговата промисла, ќе најдеме сила да го следиме словото на нашиот духовен отец. Логиката што му е својствена на секојдневниот живот и на нашите размислувања не е доволна. Наспроти тоа, она што ни се чини совршено во нашата логика, многупати не е ништо друго, туку отсјај на нашата огревовена волја, така што Бог нема да е со нас. Нема големо значење ако некое слово на духовниот отец е против нас или ако некој совет ни се чини неразумен според општата логика. Ако сме подготвени да ги следиме словото и советите, ако имаме доверба во него, тогаш Бог ќе

ги нареди работите, така што исходот ќе биде позитивен. Тајната на послушанието е една од посериозните стварности на патот кон спасението!“[1]

Оваа антиномичност во подвигот на послушанието – наизглед слушаш човек, а всушност слушаш Бог, може да е несфатлива само за безверниците. Ова го потврдува и светиот Старец Јосиф Спилеот кога вели: „Дури и ако заповедта на Старецот е погрешна, Бог поради послушанието ќе ја претвори во духовна полза. Ако некој е послушен, па дури и заповедта да е лоша, сè ќе излезе на добро само поради послушанието. Нема никакво значење кој е Старецот што ја издава заповедта. Каква полза имаше Јуда од тоа што Старец му беше Самиот Христос? Никаква“[2].

Што конкретно значи ова? Како што и погоре реков, значи дека нашиот подвиг да стапиме во единство и личносна заедница со Бог е секогаш личен и независен од кој било човек, освен од самите нас. Ако духовниот отец е свет, тоа е многу добро, но таман работа ако Преданието на духовниот живот во Православната Црква зависеше само од светоста на духовните отци – апокалипсата ќе беше одамна завршена.

Чујте што вели свети Јован Златоуст за ис-

---

[1] Старец Софрониј (Сахаров), *За духот и животот*, Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 64–66.

[2] Старац Јефрем Катунакијски, *Ученик Крста – подвижник послушања*, Образ светачки, Београд, 2002, стр. 69.

тото: „Ако веруваш во свештеникот – повод за разочарување се наоѓа не малку, но ако веруваш во Бог – во Него никогаш нема да се разочараш! Трагедиите настануваат кога луѓето не умеат да ги разликуваат овие две значења. Даровите Божји не се такви за тие да зависат од свештеничките добродетели". Што би рекол – зависат исклучиво од нас, од нашето смирение, односно послушание.

Досега напишаното е за оние што се трудат да поверуваат, а за оние што, сепак, имаат барем грам вера – еве што вели свети Јован Лествичник: „'Со секој здив сеќавај се на зборовите Христови: ...*кој претрпи докрај, ќе се спаси*[3]. Оди и, ако е можно, пронајди за себе што посуров и построг човек по природа. Остани непоколеблив и пиј ги секојдневно исмевањата и навредите како мед и млеко'. Братот му рече на великиот Јован: 'А што да правам, отец, ако тој живее небрежно?' Старецот му одговори: 'Дури и да го видиш да блудничи, не напуштај го, но речи си во себе: пријателе, зошто си овде? Тогаш ќе видиш како гордоста исчезнува од тебе...'"[4] Да не случајно ова послушание светите Отци го нарекуваа слепо послушание? И дали после сето ова што го прочитавме од светите Отци гледаме некаква основа да се самооправдаме за нашето непослушание?

---

[3] Матеј 10, 22.

[4] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 54.

И запаметете: ваквиот вид послушание – кон духовен отец, се однесува само на првиот степен од духовниот развој, *очистување на срцето од страстите,* т.е. за првиот степен од природниот начин на живот во кој секој православен христијанин е повикан да влезе, но никако не и потоа. Со отворањето на доволно очистеното срце од страстите и со откривањето на местото на срцето, христијанинот го добива дарот на умно-срдечната молитва и потоа него го води самата благодат Божја, која постојано го просветлува неговиот ум. Ова се случува на вториот степен од духовниот развој – *просветлување.* Послушанието, односно духовното раководство, не треба да се сфати идолопоклонички, како доживотна потчинетост на кој било човек (т.н. гуруизам): *„Вие сте скапо платени, не станувајте робови на луѓе“*[5].

Не ви чини Наум кога пишува за послушание на првиот степен од духовниот раст? Еве ви ги, исто така, светогорските отци – светиот Старец Јосиф и светиот Старец Софрониј. И тие не ви чинат? Еве ви ги тогаш великите учители на Црквата – свети Јован Златоуст и свети Јован Лествичник. Ако и тие не ви чинат, еве ви ги врховните апостоли Петар и Павле, нив слушајте ги. Или, чекајте, сите овие не се сега овде меѓу нас, па сами ќе си ги толкуваме нивните списи,

[5] 1. Кор. 7, 23.

затоа што овие што се меѓу нас се недостојни, нели? Само внимавајте на крај и Богочовекот Исус Христос, Кој *„Сам се смири, откако стана послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на крст“*[6], да не не ви чини, па да завршите како Јуда.

[6] Филип. 2, 8.

## СЀ ЗАВИСИ ОД НАШИОТ ОДНОС СО БОГ

Три демонски помисли негуваат оние што се самооправдуваат кога не сакаат да влезат во процес на исцеление на умот, односно во конкретно послушание кон духовен отец. А знаеме дека без ставање на умот во процес на исцеление нема излез од противприродниот начин на живот (од религиозната невротичност) и влез во природниот начин на живот во Црквата, односно не може да стане ниту збор за влегување во првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*.

Првата демонска помисла е кога се осудуваат духовните отци дека не се способни духовно да раководат – најчесто тоа се духовниците од брачното свештенство, кои, нели, не знаеле ништо од духовниот живот.

Втората демонска помисла е кога духовните отци се осудуваат за гуруизам – најчесто тоа се духовниците од монаштвото, кои барале слепо послушание, а сепак, и нивното однесување според допрен глас било сомнително; или,

како и во случај со првите, ги осудуваат за тоа дека не се способни духовно да раководат.

И третата демонска помисла, која е дополнување и самооправдување за претходните две, е дека вистинските духовници или Старци постоеле, ама, секако, тие никогаш не се во Македонија (неверојатна хула на Светиот Дух), туку се на оддалечени и недостапни места во Света Гора, во Србија, во Русија, во САД итн.; каде и да се – сепак, далеку се и не се достапни за нив. Оваа прелест, да не речам религиозно растројство на личноста, е непотребно и да се коментира.

Само човечки гледано, луѓето често се и во право, зашто навистина тесен е патот и малкумина врват по него[1]. Од една страна, малобројното брачно и платено свештенство е навистина растргнато меѓу извршување на потребите – без некој посебен личен духовен однос со верниот народ, со многубројните грижи за своето семејство и материјалната благосостојба, што има забележливо влијание врз нивната духовна подготвеност – во негативна смисла на зборот. Секоја чест на исклучоците. А од друга страна, пак, младото монаштво, кое носи двоен терет: и на организирање на севкупниот манастирски живот, со грижа и за многубројните посетители, како и со работа врз самите себе – сепак, покажува знаци на недозреаност.

---

[1] Види: Матеј 7, 14.

Оној што има опит на послушание, сепак знае дека послушанието кон духовниот отец, иако надворешно изгледа како послушание кон човек, во суштина е само однос на вера и доверба во Бог. Видете колку јасно го објаснува ова Старец Софрониј (Сахаров): „Сè зависи од нашиот однос со Бог. Ако имаме доверба во Неговата промисла, ќе најдеме сила да го следиме словото на нашиот духовен отец. Логиката што му е својствена на секојдневниот живот и на нашите размислувања не е доволна. Наспроти тоа, она што ни се чини совршено во нашата логика, многупати не е ништо друго, туку отсјај на нашата огревовена волја, така што Бог нема да е со нас“[2].

Само во еден случај се одбива послушание кон духовниот отец – кога нè приморува да направиме очигледен грев, односно кога нè спречува да се спротивставиме на очигледен грев.

Не е битно кој е духовникот – умислен „гуру“ или неподготвен „поп“, битен е нашиот правилен однос кон него во процесот на послушанието, како и колку е длабока и искрена нашата намера да Му го посветиме животот на Бог; сето останато Бог ќе го регулира. Знаејќи го сето ова, ние што сакаме да живееме вистински православен духовен живот во Црквата не смееме да се самооправдуваме дека ни е потребен некој

---

[2] Старец Софрониј (Сахаров), *За духот и животот*, Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 64.

посебно свет или просветлен духовен отец за да му бидеме послушни. Тоа е обично самооправдување, лажен изговор. За тоа што е гуруизам, ќе ви говорам следниот пат. Сега сакам само да ви прераскажам пример за еден млад човек.

Младиот човек имал свој духовен отец кого ретко го гледал за духовен совет и исповед, а на Света Литургија најчесто одел во својата парохиска црква. Се исповедал секоја недела кај свештеникот што таа седмица бил дежурен. Во тоа време било проблем човек често да се причестува, за сите освен за младичот, кој иако редовно пристапувал, свештениците не го одбивале, затоа што го познавале неговиот живот и ја чувствувале неговата почит кон нив. Еден ден, во некоја светла седмица, кога младичот сакал да пристапи и да Му се принесе себеси на Христос во Светата Причест, Архиепископот на Црквата, кој тој ден служел таму, му забранил. Младичот тоа го сфатил како знак од Бог дека треба да замине оттаму каде што му забраниле да се причестува и си отишол во далечен манастир каде што никој не му бранел да пристапува кон Христос. По повеќе години Архиепископот – сега друг, на истата Црква, преку некој друг чесен свој собрат, Епископ, го повикал младичот – сега монах, да се врати и да го возобнови духовниот живот во родната Црква. Тоа и до ден-денес се случува – само поради тоа што, покрај нив, и Господ им содејствувал и ги благословил.

Монахот не бил свет – ниту ќе биде, туку само Му бил послушен на својот Господ и овозможувал каде што е трупот, таму и орлите да се собираат[3]. Едноставно, го овозможувал непрекинатиот тек на литургиско-исихастичкото Предание на Црквата.

[3] Види: Матеј 24, 28.

## ГУРУИЗАМ – ПОГРЕШЕН ОДНОС МЕЃУ ДУХОВНИОТ ОТЕЦ И ДУХОВНИТЕ ЧЕДА

Деца, да се потсетиме прво на клучниот дел од минатонеделната беседа: „Не е битно кој ни е духовен отец – умислен 'гуру-духовник' или неподготвен 'поп', битен е нашиот правилен однос кон него во процесот на послушанието, како и колку е длабока и искрена нашата намера да Му го посветиме животот на Бог – сето останато Бог ќе го регулира. Знаејќи го сето ова, ние што сакаме да живееме вистински православен духовен живот во Црквата не смееме да се самооправдуваме дека ни е потребен некој посебно свет или просветлен духовен отец за да му бидеме послушни, односно за да влеземе во процес на исцеление на умот. Тоа е обично самооправдување, лажен изговор".

Исто така, ви ветив дека за тоа што е гуруизам, ќе ви говорам следниот пат. Ја одбрав оваа тема затоа што гледам дека често се спомнува во последно време, а е во контекст на моите последни беседи. Вообичаено, за гуруизам говорат токму оние што немаат опит од подвигот на правилното послушание, кое, како што ре-

ковме, воопшто не зависи од никој друг освен од оние што самите треба да влезат во овој подвиг. Исто така, на оваа тема говорат и оние со мала вера во Бог, кои сакаат да го отфрлат благиот јарем и лесното бреме Христово. Ќе се обидам накратко да ви ги доловам карактеристиките на гуруизмот.

Која е главната карактеристика на гуру-духовниците? Непозната им е или, иако чуле, сепак, ја одрекуваат перспективата на личниот духовен развој и раст на своите духовни чеда и бараат од нив доживотно послушание и потчинет однос. Според светоотечкото Предание, целосрдечното послушание кон духовниот отец важи само до просветлувањето на умот – состојба потврдена со дарот на умно-срдечната молитва, но не и потоа. Да ве потсетам, на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, нема подвиг на послушание од типот *духовен отец – духовно чедо*! Кој ќе го достигне тоа, самиот ќе види што потоа има.

Со други зборови, оној духовен отец што ја покажува перспективата на православниот духовен живот – соединување со Христос во срцето, односно просветлувањето на умот и умно-срдечната молитва, никогаш не може да им покажува и да ги привлекува кон себе своите духовни чеда, туку секогаш ги насочува кон Богочовекот Христос; додека, пак, оној што не ја познава и покажува таа перспектива, автоматски

покажува и привлекува само кон себе. Тоа е главната разлика меѓу вистинските и таканаречените гуру-духовници.

Како се влегува во замката на гуруизмот? Од една страна, потребен е неопитен духовник, а од друга страна, духовни чеда со неправилен однос кон него. Со еден збор, потребно е непознавање на православното аскетско-исихастичко Предание.

Што не разбираат и двете инволвирани страни? Не разбираат дека меѓусебниот однос, дури и да се на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите,* е повеќе душевно-телесен отколку духовен и дека како таков тој треба да се преобрази во повеќе духовен отколку душевно-телесен. Но, за тоа треба духовен опит. Вообичаено, нивниот однос се сведува во рамките на религиозна невроза, односно – душевен (телесен), а тоа најмногу се гледа во моментите кога тој однос се прекинува – најчесто поради разочараност од неисполнетите очекувања за специјален статус кај духовникот и сето она што потоа следува.

По кои знаци се распознава ваквиот однос?

Од една страна, духовните чеда, поради својата суета – односно поради својата душевност и телесност, најпрво бараат духовен отец кој веќе е познат и прочуен како таков. Откако ќе бидат примени од таквиот, тие обично ги негираат другите духовни отци и нивната духовност,

а безмерно го величаат својот – продолжувајќи на тој начин да градат само душевен однос со него; со злорадост се интересираат, слушаат и прераскажуваат за грешките (без оглед дали е тоа вистина или лага) на други духовни отци – за да си го оправдаат и потврдат својот избор и други прелести од тој вид.

Од друга страна, на гуру-духовникот му годи нивното поведение и ги остава во оваа прелест, па дури и им потпомага со тоа што им забранува контакт со други духовници; забранува да се чита нешто од нив (или чита и лајкува на фејсбук); се велича самиот себе како единствен духовен, а ги критикува другите духовни отци како неспособни и слични на ова прелести. Главно, нема опит од просветленоста на умот и умно-срдечната молитва, и не ги истакнува како главна перспектива на односот *духовен отец – духовно чедо,* а камоли да поучува нешто во врска со тоа.

Ваквите гуруистички заедници обично функционираат како своевидни секти во Црквата, со сите погоренаведени карактеристики на елитизам, затвореност и исклучивост за „другите“.

Колку таканаречениот гуру-духовник е попознат или колку повисока функција има во Црквата, толку е и поподложен на болеста гуруизам. Оние што се со највисока власт во Црквата, свесно или несвесно, имаат најмногу можност за гуруизам – за апсолутистичко владеење во неа, затоа што ним нема кој да им каже дека за од-

редена работа не се во право, освен Бог. Бог им дава знаци дека не се во право, но ако дојде до тоа Бог и навистина да им каже, обично е доцна.

Овој текст е напишан најмногу за духовните чеда влезени во замката на гуруизмот. Тие се главни двигатели на прелеста гуруизам. Ќе снема ли гуруистички настроени духовни чеда, ќе го снема и гуруизмот. Со ова не ги повикувам да го сменат својот духовен отец, туку да го исправат својот однос кон него. Не смееме нашите духовни проблеми да ги лоцираме надвор од себе (во духовниот отец, во нашиот ближен) и не смееме да се врзуваме душевно (телесно) за духовниот отец, туку само за неговото евангелско слово (ако е такво) – разликата меѓу овие две врзувања е како разликата меѓу вистината и прелеста. Погореспомнативе промашувања се истовремено и напуштање на Преданието на светите Отци.

И да заклучам: не е проблемот во тоа каков е нашиот духовен отец – дали е свет или е само „обичен“ свештеник, или гуру-духовник итн., туку главниот проблем е нашиот однос кон него – дали е во согласност со аскетско-исихастичкото Предание на светите Отци на Црквата или е – „како је мали Џокица замишљао духовни живот“.

Православната Црква, како здрава и терапевтска средина, не може да поддржува и да не-

гува никаква патологија во себе. Таа е таква Божествена Заедница од која лажниот живот и прелеста сами се отсекуваат, и затоа, по некое време сите неправилности во неа самите се покажуваат – или отпаѓаат од неа и стануваат видливи за заедницата и пример како не треба, или се исправаат и сè си доаѓа на свое место. Секако, едно е состојбите сами да си дојдат на свое место, како што е допуштено од Бог, а друго е свесно и лично да ги исправиме, како што е благословено од Бог.

## ЗАРЕМ ОВА НЕ Е ЧУДНО?

*А Симон Петар, кој имаше нож, го извади, го удри слугата на првосвештеникот и му го отсече десното уво. Името на слугата му беше Малх. Но Исус му рече на Петар: „Стави го ножот во ножницата. Зарем да не ја испијам чашата што Ми ја даде Отецот?"* (Јован 18, 10–11).

*Тогаш Исус му рече: „Врати го ножот на местото негово; зашто сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат; или мислиш дека не можам да Го помолам сега Својот Отец да Ми прати повеќе од дванаесет легиони ангели? Но, како ќе се исполнат Писмата ако ова не стане?"* (Матеј 26, 52–54).

*И еден од нив го удри слугата на првосвештеникот и му го отсече десното уво. А Исус одговори и рече: „Оставете го тоа, запрете!" Па, кога се допре до увото негово, го излекува* (Лука 22, 50–51).

Запаметете сите: Светиња со меч не се брани! Без оглед на тоа кој така направил, кој така рекол, кој тоа теолошки го брани, кој тоа го пренесува и кој тоа го застапува – ако сакате

да сте барем малку од малку православни. Зарем Богочовекот Христос не е нашата најголема Светиња? Зарем нема да ја послушаме Неговата заповед и зарем нема да го следиме Неговиот пример?

Но, како дошло до ова искривување на верата? Луѓето од Црквата низ историјата паѓале во три искушенија: првото – нивното поистоветување со државата; второто – нивното поистоветување со нацијата; и третото – нивното поистоветување со партијата.

Да ги разгледаме најпрво последиците од тие поистоветувања на општествено-политички план.

Прво, додека во времето на прогонот на Црквата од страна на државата не гледаме отпор од страна на мачениците за да си ги заштитат своите семејства, иако истовремено се убивани и над дваесет илјади луѓе, во времето на номиналното христијанизирање одеднаш гледаме како христијаните земаат оружје во рака и убиваат со оправдание дека ја бранат христијанската држава и своите семејства од безбожниците. Секој непросветлен ум ќе го оправда гореспомнатото однесување и ретко кој тука ќе забележи нешто лошо. Но, да видиме како злото се развива понатаму.

Второ, кога номиналните верници ќе се поистоветат со нацијата, одеднаш гледаме како православни браќа (Срби, Бугари, Романци, Грци, Македонци итн.) почнуваат да се убиваат меѓу

себе, и тоа со благослов на највисоките црковни власти. Зарем ова не е чудно за некој со и најмалку нормален разум?

И трето, најголем апсурд е кога т.н. „верник“ се поистоветува со партијата, и одеднаш, на пример, православен Македонец мрази и убива православен Македонец. Тука злото е толку очигледно дури и за атеистите, и нема што да се коментира.

Да го разгледаме истиов дух на однесување и на црковно-историски план. Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат со државата, гледаме како Црквата, поделена на пет патријаршии во една држава, и често под нејзина контрола, покажува голема трпеливост дури и кон еретиците – грижејќи се како да го зачува своето единство, толерирајќи многу еретички заедници и борејќи се да ја одржи евхаристиската заедница со нив. На пример, и свети Мелетиј, човек со аријанско крштение и аријанска хиротонија, станува претседател на Вториот вселенски собор.

Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат и со нацијата, одеднаш гледаме дека (исто како и во меѓусебните убивања од тоа време) нема ни трага од толерирање на „другите“ – тие што сакаат да си прогласат таканаречена национална Црква веднаш се прогласувани за расколници и еретици, и веднаш се анатемисани – од истите такви. Историјата ни е добро позната. Значи, злото и понатаму расте, но

затоа овојпат сосем очигледно.

Да се потсетиме на нашиот случај. На чисто административен чин од страна на веќе признаената од нив самостојна МПЦ, СПЦ презема светотаински мерки и одговор – прекин на евхаристиската заедница, наместо на административен чин, исто така, да одговореше со административен: „Ние и сите други Цркви вашето самопрогласување не го признаваме", и толку. На пример, ако СПЦ веќе сакаше да преземе некаква поостра педагошка мерка, тоа можеше да биде само прекинување на заедничкото сослужување со свештенството на МПЦ, но не и прекин на евхаристиската заедница со него, а камоли со народот.

Како овие падови или поистоветувања се одразуваат на личен план? При падот на првото искушение, т.н. номинални христијани се наоѓаат во стадиум на религиозна невроза – не ги контролираат своите мисли, чувства, зборови и постапки, и во таква состојба лесно го фаќаат оружјето во рака. По падот во второто искушение, веќе се работи за религиозно растројство на личноста (т.н. психопати или социопати), кога гледаме како браќата меѓу себе бесчувствително сакаат и физички и духовно да се елиминираат. Е, сега, ако некој од нив, а посебно оние што се на власт (пред сè, црковна), тоа намерно и свесно го прават – со свесна определба за злото, тогаш се работи за најопасен степен на демонизираност.

Монасите се едни од ретките верни кои го зачувале маченичкиот етос во Црквата, а кои се појавиле веднаш по престанувањето на нејзиниот прогон. Никаде не се чуло и видело вистински монах да земе оружје во рака (освен мечот на вистината) за да го брани својот ближен. Монасите што ги дочекувале непријателите на верата во своите манастири најчесто биле како јагниња колени. Тие многу добро го сфатиле Евангелието – дека љубовта не се состои во тоа да ја положиме душата на непријателот заради својот ближен, туку дека Богочовекот Христос вели: „Нема поголема љубов од таа да си ја положиш душата своја за ближниот свој“[1].

[1] Види: Јован 15, 13.

# ДА ПОРАСНЕМЕ БАРЕМ ДО СТАРИОТ ЗАВЕТ

Во минатата беседа реков дека сите треба да запаметиме: „Светиња со меч не се брани! Без оглед на тоа кој така направил, кој така рекол, кој тоа теолошки го брани, кој тоа го пренесува и кој тоа го застапува – ако сакате да сте барем малку од малку православни. Зарем Богочовекот Христос не е нашата најголема Светиња? Зарем нема да ја послушаме Неговата заповед и зарем нема да го следиме Неговиот пример?“[1]

Под меч се подразбира сè она што е карактеристика и за периодот пред Стариот Завет: сто очи за едно око и сто вилици за еден заб. Односно, сè она што ние денес како христијани си го правиме едни на други како религиозни психопати и социопати, без трошка срам и страв Божји, да не речам – без грам вера. Сепак, нели, Стариот Завет постави и некоја мерка: *око за око, заб за заб*[2]. Би ги замолил сите ако може да по-

[1] Види: Јован 18, 10–11; Матеј 26, 51–54; Лука 22, 50–51.
[2] 3. Мој. 24, 20.

раснеме барем до Стариот Завет, како добра основа за да се запознаеме и со Новиот. (Не ми се верува дека дојде ден да треба и вакво нешто да напишам.)

Уште реков дека после брзоплетото христијанизирање (со непочитување на правилата за подготовка на крштението, подготовка што дотогаш траела три години), и откако христијанството станало помодарство во Империјата, ширум се отворија вратите за христијаните само по име (номиналните христијани) да се поистоветуваат со минливите форми на општественото организирање од овој свет (прво со државата, подоцна со нацијата, а денес со партијата итн.), кои немаат ама баш никаква врска со Царството Небесно. И не само што немаат, туку се и очигледна пречка за влез во Царството Небесно, и пречка да се сфати и пренесе неговата идеја и порака.

Единствена светла појава, после разводнувањето на првобитното христијанство, остана монаштвото, кое, сепак, успеа да го задржи маченичкиот етос на првата Црква и да го пренесува и шири меѓу верниот народ низ вековите до денес. Маченички етос не само како одбивање да се поистоветат со минливите форми од овој свет (па макар биле тие и религиозни), туку и како аскетско-исихастички подвиг за влез во Царството Божјо, кое е внатре во нас, уште во овој живот, како и негово сведоштво и Предание.

И уште реков дека поради неправилен ду-

шевен живот, наместо да ги искачуваме степените од природниот начин на духовниот живот: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* и *боговподобување,* постои голема опасност – посебно кај оние што се на раководни места во Црквата, да се симнат по степените на противприродниот начин на живот: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопати или социопати) и религиозна психоза или демонизираност.

Но, ако Богочовекот Христос, односно тоа што ни е најсвето, не се брани со меч – напротив, се губи, како треба да Го браниме? Христос се брани со светост, односно со љубов, и Христос се брани однатре, од Црквата. Христос се брани со заемно личносно проземање – ние слободно влегуваме во Христос и Христос слободно нѐ прозема и влегува во нас – постепено преобразувајќи нѐ. Христос конечно се одбранува кога станува неразделив од нас – живот на нашето срце, но и ние неразделив соборен дел од Него, и кога Христос лично Го сведочиме со нашиот живот; а ако Он така сака, и бескрајно повеќе со нашата смрт и по неа.

Богочовекот Христос е нашиот вечен живот и нашето восиновување од Отецот; Тој е Син Божји и икона на Отецот[3]; Тој е Вистина за сите иста (не како нашите човечки вистини, кои

[3] Види: Кол. 1, 15.

негде важат, а негде не важат, и кои некаде смееш, а некаде не смееш да ги кажеш); Тој е и Глава на Црквата, која е Телото Негово; Црквата е и тело на Богородица Марија, како што е и Тој Нејзин Син или Син Човечки; Тој е и Светото Предание; Тој ни е сè што преку Светиот Дух Господ добиваме по Неговото Воскресение; Тој ни е единствениот Дар на нашиот Отец Небесен, од Светиот Дух и Марија Дева.

Да погледнеме сега, за момент, со духовното око, во Стариот Завет и да го видиме тригодишното девојче како чекори кон Светињата на Светињите од старозаветниот храм и како влегува внатре. Да погледнеме и да видиме како малата Марија го посветува Својот живот за да ни ја покаже вистинската Светиња, а како старозаветната станува сенка во Нејзиното присуство. Да видиме како Пречистата Дева девет години во осама се подготвува преку умно-срдечната молитва (според великиот Григориј Палама) да Го прими во Себе Единородниот Син Божји. Да видиме како времето се исполнува и како Тој бара дозвола да се воплоти во Неа и како Таа слободно и љубовно Го прифаќа. И на крај, да видиме како Богородица и Приснодева Марија станува Вечнонова и Единствена Светиња на Светињите – Ширшаја Небес[4].

Пресвета Богородице...!

---

[4] *црк.* **Ширшаѧ Небесъ** – Поширока од Небесата.

## КОЈ ПОСТОЈАНО ГО РАСПНУВА ХРИСТОС?

Рековме дека единствена светла појава, после разводнувањето на првобитното христијанство, остана вистинското монаштво, кое, сепак, успеа да го задржи маченичкиот етос на првата Црква и да го пренесува и да го шири меѓу верниот народ низ вековите до денес. Маченички етос не само како одбивање да се поистоветат со минливите форми од овој свет (па макар биле тие и религиозни – не напразно го потенцирав ова), туку и како аскетско-исихастички подвиг за влез во Царството Божјо, кое е внатре во нас[1], уште во овој живот, како и негово сведоштво и Предание.

И уште рековме дека, за разлика од монаштвото, откако христијанството станало помодарство во Империјата (4 век), ширум се отворија вратите за христијаните само по име (номиналните христијани) да се поистоветуваат со минливите форми на општественото организи-

[1] Види: Лука 17, 21.

рање од овој свет (прво со државата, подоцна со нацијата, денес со партијата итн.), кои немаат ама баш никаква врска со Царството Небесно. И не само што немаат, туку се и очигледна пречка за влез во Царството Небесно, и пречка да се сфати и пренесе неговата идеја и порака.

Но, како што номиналните христијани паѓаат во искушението да се поистоветат со минливите форми на општественото организирање од овој свет (држава, нација), а поради религиозна невроза или поради религиозно растројство на личноста, така и помесните цркви, сфатени како институции, не можеше а да не го избегнат истиот пад – да се поистоветат со минливите форми на општественото организирање од овој свет, па макар тие форми се преоблекле во црковно руво и попримиле облик на религиозни форми на организирање – без оглед дали ќе ги наречеме канонски национални цркви или национални цркви, кои пребиваат во административен раскол во однос на т.н. канонски.

Да се потсетиме уште еднаш: во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат и со нацијата (19 век), одеднаш гледаме (исто како и во меѓусебните физички убивања од тоа време) дека нема ни трага од духовно толерирање на „другите“ – тие што сакаат да прогласат т.н. национална автокефална Црква веднаш се прогласувани за расколници и еретици и веднаш се анатемисани – од исти такви кои, за разлика од нив, истото тоа попрви го смислиле и напра-

виле, и како со тоа да го зеле монополот за одлучување кој е канонски, а кој не е. Историјата ни е добро позната.

Да се потсетиме на нашиот случај. На чисто административниот чин на прогласување на автокефалност (1967 г.) од страна на веќе признаената од нив самостојна МПЦ (1959 г.), СПЦ презема светотаински мерки и одговор – прекин на евхаристиската заедница, наместо на административен чин, исто така, да одговореше со административен, со просто непризнавање на нашата автокефалност, со сите административни последици што од тоа непризнавање произлегуваат, и толку. Или, на пример, ако СПЦ веќе сакаше да преземе некаква поостра педагошка мерка, тоа најмногу можеше да биде само прекинување на заедничкото сослужување со свештенството на МПЦ, но не и прекин на евхаристиската заедница со него, а камоли со народот. Тоа што го направија е несоодветна и теолошки неоправдана црковна реакција. Тоа е световна, а не пастирска постапка. Тоа е прекумерен и несоодветен одговор.

Сфаќате ли, сега, зошто реков дека би било добро кога би можеле да пораснеме барем до нивото на душевноста од Стариот Завет? Сепак, нели, Стариот Завет постави и некоја мерка: *око за око, заб за заб*[1], наместо сѐ она што ние

[1] 3. Мој. 24, 20.

денес како христијани си го правиме едни на други како религиозни психопати или социопати (зависи од местото во хиерархијата), без трошка срам и страв Божји, да не речам – без грам вера. Замислете, наместо да се препознаваме меѓусебно по плодовите[2] – според Господовиот совет, ние допрва се договараме и молиме да се однесуваме едни кон други барем во рамките на Стариот Завет.

Континуитетот на заедничкото служење и учество во Светата Евхаристија (Литургија) на Црквата ќе го оневозможеше конечното институционално поистоветување на помесните Цркви со минливите форми на човечкото организирање од овој свет (читај со националните држави) и ќе беше единствена здрава основа за решавање на кое било отворено прашање меѓу нив, без притоа спомнатите човечки и минливи форми на организирање да имаат некакво одлучувачко влијание при овој процес.

Првите христијани сите свои проблеми ги решавале внатре во молитвената заедница, собрани на Светата Литургија. И многу посложени проблеми во историјата на Црквата, дури и такви што засегале во догмите (*едносуштен* и *сличносуштен*), биле надминувани со одржување и непрекинување на заедничкото служење. Еден поучен пример на старозаветно однесување за сите

---

[2] Види: Матеј 7, 16–18.

нас, надвор од црковното организирање, е комуникацијата на Р. Македонија и Р. Грција: иако меѓу нив сè уште егзистира проблемот со името на нашата држава, сепак, тие не ги прекинаа суштинските меѓусебни односи на сите нивоа, од човечко и економско до локално-меѓугранично и државно. Што е најчудно, сите држави во принцип се непријателски расположени едни кон други; ние, пак, кои како Цркви сме во суштина едно и кои требаше да бидеме пример за единство, станавме камен за сопнување меѓу народите.

Затоа, цел на православниот христијанин е најпрво да го исцели својот душевен раскол меѓу својот ум и своето срце – од кој произлегуваат сите останати поделби, и внатрешни и меѓучовечки, па потоа, во зависност од својата хиерархиска позиција во Црквата, да придонесе да се решаваат и другите поделби меѓу луѓето на кој било план, а не да им ги припишува своите болни внатрешни состојби на „другите“, како и да ги шири меѓу „ближните“. Јасно ли е сега кој постојано Го распнува Христос, а заедно со Него и сите Свети?

Свети Петнаесет Тивериополски свештеномаченици, ви благодариме што со љубов Го посведочивте Христос токму во нашиот град – Струмица, и што, очигледно, поради истата љубов, засекогаш останавте со нас.

## КОГА СЛЕПЦИ СЛЕПИ ВОДАТ

Во претходната беседа рековме дека одржувањето на континуитетот на заедничкото сослужување и учество во Светата Евхаристија (Литургија) на Црквата ќе го оневозможеше конечното институционално поистоветување на помесните цркви со минливите форми на општественото човечко организирање од овој свет, односно со националните држави, и ќе беше единствена здрава основа за решавање на кое било отворено прашање меѓу нив, без притоа спомнатите човечки и минливи форми на организирање да имаат некакво одлучувачко влијание при овој процес. Со попрости зборови кажано: прекинувањето на заедничкото сослужување покажува дека помесните цркви како институции се поистоветиле со националното, односно со крв и тело (и се борат против крв и тело), а се одрекле од Богочовекот Христос (и им служат на силите и началствата на злото од поднебесјето)[1]. Све-

[1] Види: Ефес. 6, 12.

тата Литургија, односно заедничкото учество во Домостројот на спасението, не може да биде средство за психолошка војна при остварување на државно-национални интереси и цели.

Кој заклучок можеме да го извлечеме од ова тврдење? Ние СПЦ ќе ја познаевме како вистинска Црква, или ако сака, како Мајка Црква, или како канонска и јурисдикциски и пастирски одговорна Црква, само доколку успееше да го сочува заедничкото сослужување и учество во Светата Евхаристија (Литургија) со епископите на МПЦ – ОА. Штом СПЦ не успева да го сочува или возобнови – досега, заедничкото сослужување со МПЦ – ОА, ние во неа не можеме да препознаеме ништо друго освен религиозна заедница која институционално и етички се поистоветила со минливите форми на само човечко организирање од овој свет (односно со српската држава и нејзините политички и национални интереси и цели), со која, сè додека така функционира, воопшто не се замараме. Истото ова можат и тие нам да ни го забележат, ама од нивни причини – поради неприфаќањето на автономниот статус (читај името); но, сепак, тоа воопшто не е исто. Прекинувањето на евхаристиската заедница поради статус или име на Црква нема теолошко оправдување.

Затоа, единствен нормален услов за започнување на нормален дијалог за возобновување на канонското единство меѓу СПЦ и МПЦ – ОА

е возобновувањето на меѓусебното евхаристиско единство. Прво треба да се препознаеме како Цркви, или како браќа во Христос, па потоа да разговараме за канонскиот вид на меѓусебните односи. Ако ние едни во други не гледаме Црква, односно ако заеднички не сослужуваме, за што воопшто ќе седнуваме да разговараме? Да ги задоволиме националните и политичките интереси и цели на нашите држави!? Не, на тоа поле никогаш нема да се пронајдеме! На тоа поле е едноставно невозможно да се пронајдеме, бидејќи ние сега сме станале и црковни институции на номинални христијани чие јавно или политичко мислење не можеме да го игнорираме – пред сè, од пастирски причини. Или, зошто воопшто дополнително би ги искушувале луѓето – само за да задоволиме нечии туѓи национални и политички интереси? Сигурно – нема! Овој основен услов – заедничкото сослужување, преку кој би се надминала секоја национална и политичка пречка, само за духовно слепи (слепци) е невидлив.

Затоа, најдобро би било кога поглаварите на двете помесни Цркви прво би постигнале договор само за заедничко сослужување меѓу себе, и меѓу епископите на Црквите кои ги претставуваат, без да навлегуваат во прашања од типот на статус или име на Црква (и така тоа се само пастирски, но минливи форми на организирање и именување согласно Евангелието Христово –

види: Гал. 3, 28), а учеството во едната Литургија само по себе и во свое време ќе го покаже решението на сите такви останати и слични, отворени, но небитни прашања, и истовремено ќе го зајакне братското единство меѓу нас. Светот (односно демонот што со него раководи) ќе немаше одговор за овој наш потег, ниту сила да го спречи. Не знам само кога ќе сфатиме дека не ја водиме борбата на свој терен, туку дека демонот си игра со нас на негов терен, и затоа толку време нè влече за нос? Луѓе, браќа, единствен наш терен во овој свет е Светата Евхаристија и начинот на живот восогласен со Неа.

Зошто малку испаѓа како да ја прозиваме СПЦ за актуелната состојба, кога знаеме дека силите на злото добро се распоредени насекаде и кога знаеме дека, сепак, во 1967 година административното недоразбирање МПЦ прва го предизвика? Затоа што на крај испаѓа дека административно се одделивме за да добиеме можност, како вистински и еднакви по чест браќа, евхаристиски повторно да се пронајдеме. Затоа што, сепак, нашиот архиепископ секогаш го спомнува српскиот патријарх на Големиот вход од Светата Литургија, а и сите ние го посакуваме тоа евхаристиско единство со СПЦ, но СПЦ за жал, сега за сега, останува глува и нема на нашите повици. И, нели, СПЦ беше зрелата, канонска и признаена наша мајка Црква, преполна со благодатта на Светиот Дух, од која се оче-

кува сите овие атрибути со кои е украсена и во пракса да ги покаже и докаже, односно и во пракса да дава соодветни плодови. Дај Боже!

По молитвите на свети Николај Мирликиски, Господи Исусе Христе, помилуј нè...

Пресвета Богородице, спаси нè сите...!

# КОЛЕКТИВНИ НЕСВЕСНИ ГРЕВОВНИ ШЕМИ

Карактеристика на непросветлениот ум е да се врзува за овоземни шеми за да си ја обезбеди својата овоземна сигурност, па дури и својата небесна иднина. Непросветлениот ум има потреба од сигурност за себе. Просветлениот ум молитвено и срдечно копнее да се спасат сите. Десеттемина лепрозни се одлична слика на денешното христијанство[1].

Десеттемина лепрозни Го молат Христос и бараат исцеление (очистување), а Он им вели: *„Отидете и покажете им се на свештениците!"* Христос на сите им го покажува патот на послушанието. Тие тргнуваат и одејќи, се очистуваат – ја очистуваат енергијата на својот ум. Арно ама, послушанието не е цел само по себе, ниту, пак, само чистењето на енергијата на нашиот ум. Ја чистиме енергијата на својот ум во содејство со очистителната Божја благодат, но за да ги согледаме своите гревови, а не туѓите и да осу-

[1] Види: Лука 17, 11–19.

дуваме. И, денес, мнозина би сакале да го имаат и дарот на умно-срдечната молитва, но не можат да го добијат. Но, затоа овој дар го гледаме кај Самарјанинот – икона на вистинскиот послушник – послушува и оди, му се случува очистување и на суштината на умот, односно на срцето од страстите, и се враќа при Христос, односно го добива и дарот на умно-срдечната молитва. Самарјанинот е во послушание сѐ до добивањето на дарот, но очигледно не и потоа – не продолжува да оди да им се покаже на свештениците, како што му рече Христос, туку се враќа при Христос и Му благодари. И Богочовекот го оправда: *„Како не се најдоа да се вратат и другите и да Му заблагодарат на Бог, туку само овој туѓинец?" И му рече: „Стани, оди си! Твојата вера те спаси!"* Со други зборови, немаш повеќе потреба и од духовно раководство.

Гледате колку е тешко кога ќе се влезе во одредена шема и во одреден начин на размислување, како што биле навикнати тогашните Јудејци, кои само формално се држеле до Законот, исто како и сегашното свештенство (посебно епископите) на Православната Црква, обучено само во богословските школи, но не и од и во едната Литургија на Црквата. Влегуваат во една шема, одреден начин на мислење и размислување, и веќе не знаат ниту дали постои друг начин на размислување и доживување на духовниот живот, ниту како да излезат од досегашната мисловна шема во која влегле, ниту знаат да им го

покажат патот на другите. А за Самарјанинот од Евангелието е лесно да ја прифати Вистината, бидејќи не е влезен во никаква претходна мисловна шема. И гледате, целата Православна Црква е сѐ уште жива само поради луѓе што не се од таа мисловна шема – произлезена само од едукативниот процес, туку од луѓе воспитани и образовани во едната Литургија (Евхаристија) на Црквата.

Деветтемина лепрозни одат според некоја позната мисловна шема, по некоја навика – што е бесплодно, а Самарјанинот тргнува од вистинско, целосрдечно послушание. Христос му вели да оди кај свештениците и тој оди, иако е Самарјанин, т.е. нема врска ниту со старозаветните свештеници, ниту со нивната вера. Не оди по некаква мисловна шема, туку според патот што Христос му го покажува. А другите девет лепрозни одат по позната и вообичаена за нив мисловна шема. И одејќи по шема, иако им се случува нешто ново – сите го добиваат дарот на очистување на енергијата на умот, како ние денес, кога почнуваме да одиме во Црква, но никој не добива ништо повеќе од тоа. А целта што се промашува е Самиот Христос. Додека Самарјанинот, кој не беше роб на никаква мисловна шема и беше отворен кон новото, не продолжи да ја следи покажаната шема, туку се врати и Му се заблагодари на Богочовекот Христос, пред сѐ, со умот пред олтарот на своето отворено срце – преку дарот на умно-срдечната молитва. Направи

нешто нормално – отиде и се заблагодари, нешто што секој нормален човек го прави.

Повеќето од луѓето, на почетокот од духовниот живот, ја чистат енергијата на својот ум, но не профункционируваат, туку си продолжуваат по старо (со затворени срца за Бог и ближните, со стар начин на гревовно размислување), не преминуваат од противприроден во природен начин на живот. А Самарјанинот се очисти и профункционира, премина во природен начин на живот – давање, и ја активира или актуализира (свети Григориј Синаит) благодатта на Крштението. Зошто им се случува ова? Бидејќи пред да го добијат дарот на умно-срдечната молитва, односно дарот на просветлување, ним некој во главата и во срцето им всадува одредена мисловна шема која, додека не се ослободат од неа, засекогаш ќе го блокира пристапот на нивниот ум до нивното срце.

Покрај гревовните шеми на задоволување на своите страсти (посебно за човечка власт и слава), кои се лични гревовни шеми што ни ги всадува моделот на живот што овој свет ни го наметнува, во Православната Црква постојат и колективни несвесни гревовни шеми што еден верник не смее да ги прифати. Главната мисловна шема што на верниците по црквите им се всадува во срцата е шемата на поистоветување со овоземните форми на човечко организирање, односно поистоветување со државата и нацијата, и нивните цели и интереси. На пример, кога еден

верник ќе ја прифати таа мисловна шема, потоа лесно можеш да му всадиш и една уште полоша, на пример: дека МПЦ – ОА е расколничка организација. Прифаќањето на оваа мисловна шема во срцето конечно го блокира патот за умот, на оној што ја прифатил, да влезе во своето срце.

Бидејќи свештенството на Православната Црква (чест на исключоците) влегло во една овоземна шема од која не знае или не сака да излезе, затоа и црквите како институции влегле во шема на поистоветување со овоземните човечки форми на организирање и интереси – државата и нацијата, како што пишував во минатата беседа, во шемата на т.н. канонски национални цркви надвор од евхаристискиот начин на живеење и размислување. И тие не може да излезат од таа мисловна шема. Ти му велиш: „Човеку, не се бориш на свој терен! Литургијата е твој терен! Зошто седнуваш и преговараш на обична маса!? Ти си повикан на друга маса – Света Трпеза. Човеку, си ја промашил масата!" Брате, точно е дека таа маса е поставена во храмот, но за идиотска трговија и овоземни интереси, а знаеш што направи Христос со така поставените маси во Божјиот дом, домот на Неговиот Отец[2].

Христијанството не требаше да се поврзува со никакви облици на општествено уреду-

[2] Види: Матеј 21, 12–13.

вање од овој свет, односно да влегува во овоземни шеми. Единствено што треба е пастирски да се поврзе, но никако и суштински. Пастирски се поврзува колку да може да дејствува во овој свет – да постои, да евангелизира во одредена држава или нација каква што се формирала, но не и да се поистовети со нив. Канонските национални цркви што се поистоветуваат со овоземните форми на општествено организирање и кои тежнеат – исто како и нив, кон овоземна централизација на власта, се исто така, овоземна шема, но исто така, и одлична шема за доаѓање на антихристот. Таканаречените канонски цркви што функционираат како една од овоземните шеми се, исто така, и лоша основа преку која заблудените умови на нивните верници најчесто си ја прават својата сотириолошка – но многу демонска математика: дека само тие ќе се спасат, а цел свет ќе отиде во пеколот – посебно расколниците.

Милите тие, што ли само си замислуваат дека прават кога застануваат пред Оној Кој ги рашири Своите раце за да ги прегрне и спаси сите луѓе и сè создадено? Дали несвесно уште Му ги држат рацете приковани така, раширени на Крстот, за да се обезбедат дека прегратката никогаш нема да се затвори и за нив?

# СОЦИЈАЛЕН ИМПАКТ НА ХРИСТИЈАНСКАТА ПСИХОТЕРАПИЈА

# ВОВЕД

Очигледно е дека човекот на денешницата страда (и како личност и како заедница) и се наоѓа во една перманентна криза. Тие страдања честопати изгледаат дури и бесмислени и беспричински. Модерната наука сè повеќе сфаќа дека страдањата имаат длабока психолошка и социјална основа. Ова учење учителите на Црквата го застапувале од самиот нејзин почеток. Во овој докторски семинар ќе се разработуваат токму основите на оваа проблематика – од перспектива на христијанското учење, но и како запознавање, проширување на духовниот, интелектуалниот видокруг и како основа за ново креативно размислување.

Зборот *криза* (*грч.* κρίσις) значи пресврт, суд или осуда, или приближување на пресуден момент. Според христијанското учење значи – суд Божји. Кризата е голем предизвик за човекот и многу е битно како тој ќе се постави кон неа. Луѓето, соочени со криза, или се борат со неа со цел да ја надминат, или користат некои од моделите на бегство, односно одбранбени психички механизми (проекција, рационализација,

регресија, идентификација, компензација и др.). Најкорисно е во борба со кризата да се согледаат нејзините психолошки и социјални причини, и преку подвигот за нејзино надминување човекот да учи и созрева, а со тоа да не ги повторува истите грешки, да знае да превенира и да стане подобар, и за себе и за пошироката заедница.

Светот во којшто живееме, покрај постојаните кризи (морални, лични, политички, економски, воени) на кои сме биле сведоци, очигледно денес минува низ некоја подлабока сеопфатна криза. Ова сознание бара уште посериозен и посеопфатен пристап кон откривањето, превенирањето и справувањето со причините на кризата. Според Светото Писмо, кризите (лични, регионални и глобални) се последица на борбата за задоволување на непреобразените човекови страсти: за власт и човечка слава – славољубие, за пари и имоти – среброљубие, и за телесните наслади – сластољубие[1]. До овој заклучок лесно може да дојде секој просечен интелектуалец.

Најодговорни за глобалната криза се светските лидери (световни и религиозни), тие на кои им е доверена и што ја презеле одговорноста правилно да ги раководат и менацираат состојбите во светот. Не многу помалку и самите општества кои нив ги бираат и кои од нив се водени. Наша главна тема е колку двеилјадиго-

---

[1] Види: Јак. 4, 1–6.

дишниот психотерапевтски и социјален опит на Црквата може да му помогне на светот во криза, пред сè, на човекот поединец, па потоа и на човекот како заедница, кој со својот начин на размислување и со своето однесување е главен генератор на секоја криза.

Впрочем, познато е дека големите духовно-религиски системи имале огромно влијание врз создавањето на основите на различните психотерапевтски и социолошки пристапи, и ги инспирирале нивните творци. Иако христијанската психотерапија, и покрај неколку добри обиди во последниве децении, не е, сè уште, докрај систематизирана, таа сепак живее, веќе две илјади години, во терапевтската пракса на свештенството и во делата на учителите на Црквата. Овој труд нека претставува и еден мал вовед во тајните на истата.

# ОСНОВИ НА АСКЕТСКАТА (ХРИСТИЈАНСКА) ПСИХОТЕРАПИЈА

## Христијанска антропологија

Согласно христијанската антропологија, во пределот на човековото срце постои и духовно срце како центар на духовниот живот на човекот и на неговата душа. Во срцето, како духовен центар на човекот, постојат три сили на душата: една словесна – умот, и две бесловесни – волјата и желбата. Волевата сила уште се нарекува и раздразнителна.

Овие три сили пред своето преобразување боледуваат од три страсти – по една за секоја од нив посебно: умот боледува од славољубие, волјата од среброљубие, а желбата од сластољубие. Теоретски, заразеноста на која било од силите (и на само едната од нив) со соодветната страст го валка самото срце, како нивни центар и извор, а преку срцето, пак, се валкаат и ослабуваат и другите две сили – и во случај да не се толку изразено извалкани и заболени, поради соодветен подвиг на воздржание и обид за нивно преобразување.

Преку аскетскиот христијански подвиг, трите страсти на душата треба да се преобразат во добродетели, и тоа: од славољубие во боголубие и човекољубие, од сребролубие во милост кон сиромашните и страдалните, и од сластољубие во воздржание (самоконтрола) со цел повторно да им помогнеме на ближните, а не да ги користиме како предмети.

Често, покрај ум се спомнува и постоење на разум. Што е ум, а што е разум? Многу е битно, од духовен и од психолошки аспект во христијанската антропологија, да се прави оваа разлика.

Умот е словесната сила преку која човекот лично и директно комуницира со несоздадените енергии на Бог (Архетипот на доброто), додека, пак, разумот е секундарна функција или алатка на умот, преку која човекот комуницира со овој свет, или со создаденото и неговите енергии. Или, со други зборови, умот има една енергија, и кога таа енергија преку својата примарна функција ќе ја насочи кон Бог, се нарекува чист ум, а кога умот, преку својата секундарна функција, ќе ја насочи енергијата кон овој свет, се нарекува разум.

## Разграничување, меѓу христијанската и научната психотерапија, заради восогласување

Учителите на христијанството дефинираат, главно, два начина на живот: природен и противприроден.

Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *боговподобување* или христијанско совршенство (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва). Спомнат е и видот, односно квалитетот на молитвата, бидејќи согласно тоа се одредува и степенот на духовниот развој на личноста.

Како што постои природен начин на живот, кој според учителите на христијанството е поделен на три нивоа од духовниот развој, така постои и противприроден начин на живот што се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски (архетипот на злото) помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседнатост

од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).

Противприродниот начин на живот на една индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози.

Според учењето на учителите на Црквата, оној што е на ниво на очистување може да му помогне на оној што го вознемируваат неврози. Оној што е на ниво на просветлување, покрај на невротичните лица, може да им помогне и на психопатите и социопатите. А оној што е на ниво на боговподобување (чудотворец – исцелител) може да им помогне, односно да ги исцели, покрај првите два вида, и психотичните лица.

Демонското дејствување над оние што водат природен начин на живот е многу ограничено и ретко надворешно забележливо, а нивните духовни состојби лесно се разликуваат.

Демонското дејствување над оние што водат противприроден начин на живот најчесто е забележливо и е многу разновидно. Во времето на првите учители од пустината не постоеле стручните термини на модерната психологија, но затоа постоел термин *помрачување на раз-*

*умот*. Во ваква состојба на помрачување на разумот, човекот станува целосно неспособен рационално да расудува.

Според свети Максим Исповедник, постојат две категории на волја – разумска и природна волја. Со изгубена разумска волја човекот не е во состојба да ги контролира мислите и желбите, нема кочница (цензура од Натсвесното, од супер-Егото над Ид-от) да се сопре во деструктивните намери. Дејствува стихијно, по принципот на природната волја – стремење на природата кон тоа што ѝ е слично (примордијални пулсии од Идот – несвесното), кое низ термините на психологијата одговара на состојбите на волево-нагонската дезинхибиција од различен степен (на пример: импулсивно, хазардно, хомицидално, суицидално поведение итн.) со сите социјални последици што произлегуваат од таквото однесување.

Прифаќањето на автоматските помисли (за чие потекло модерната психологија нема одговор) како свои, појавата на најразлични мисли, како его-синтони или его-дистони – кои личноста ги доживува на различни начини кај различните душевни растројства, како: негативни мисли, опсесивни мисли, преценети мисли, делузивни идеи – најчесто се забележливи во однесувањето на луѓето.

Оттука и многуте меѓусебни преливања и нејаснотии, а затоа и бескрајните поделби или

класификации на менталните растројства[2], како и дефинирања на пројавите од трите нивоа на противприродниот начин на живот.

[2] Види: МКБ – 10.

## Систематизација на духовниот развој на личноста

Согласно светоотечката аскетска литература, како што е претходно спомнато, освестениот христијански духовен живот или подвиг во познание се одвива на три степени од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* и *боговподобување*. Степенот на духовниот развој се одредува според квалитетот на молитвата. Ова учење е изгубено во останатите христијански деноминации, освен во православната.

На првиот степен од духовниот развој молитвата се одвива наглас или во себе, со собирање на умот во зборовите на молитвата, а главно се чисти енергијата на умот – од дејствувањата на страстите (од Ид-от) и од демонот (архетипот на злото). На едно повисоко аскетско-етичко ниво, кога Божественото (Архетипот на доброто) се открива во доволно очистеното срце (од страстите) и кога умот привлечен од него ги следи зборовите на молитвата внатре во срцето, тогаш се случува вториот степен на духовниот развој; главно, се чисти суштината на умот. На овој степен молитвата се нарекува *аскетска умно-срдечна молитва*.

Зошто е важно сето ова да се знае? Заради

правилна дијагноза и соодветна терапија, односно заради восогласување на начинот на животот со степенот на духовниот развој на кој човекот се наоѓа. Доколку не се освести и не се достигне ова восогласување, човековиот духовен живот може да се нарече секако освен правилен, а последиците од таквиот начин на живот најчесто се: неосновано високо мислење за самите себе, односно идеи на величина; со еден збор – прелест, односно состојба на умот што престојува во когнитивни дисторзии (контаминации – според трансакционо-аналитичката теорија на Ерик Берн).

На пример: ако чистењето на енергијата на умот, кое се случува на првиот степен – кое Отците уште го нарекуваат и *прво гледање на светлината*, се злоупотребува за судење и осудување на другите (дури и јавно), наместо да се искористи за согледување и корекција на сопствените недостатоци, нормално дека ќе се отпадне од духовниот пат. Просветлувањето на умот дејствува во сосем друга насока. Оној што го има дарот на просветлувањето не ги суди и осудува другите, туку се грижи за нивното спасение. Истанченото чувство за присуство на божественото озарение во него, природно, не му дозволува да суди и осудува.

Затоа Отците и бараат духовниот живот да се случува во познание – освестено. Само тогаш и најоправдано може да го носи епитетот *христијански духовен живот*.

Посебно важно да се истакне е фактот дека севкупниот духовен живот на човекот се одвива во совршена хармонија. Значи, духовниот живот не е нешто случајно, нешто хаотично, нешто што може како било, туку во духовниот живот постои еден препознатлив и совршен ред што не може ни малку да се пренебрегне, кој треба да се почитува. Тоа особено треба да го знае и живее духовниот отец, согласно своето искуство, согласно тоа колку е просветлен од Бог. Исто така, и сите христијани, а особено монасите, треба да го знаат овој поредок за да не се прелажат, односно за да се избават од прелеста, од лажната состојба на умот. Зашто, да се мисли погрешно за некои прашања од секојдневниот живот и не е така трагично и катастрофално, но да се мисли нешто погрешно во духовниот живот, тоа може, посебно на монасите, да им го обезвредни целиот живот и подвиг. Затоа, добро е учењето за молитвата на срцето да се изложи и сфати во рамките на редот и хармонијата што владеат во духовниот живот.

Како што веќе е спомнато во Преданието на Црквата, согласно светите учители, постои поделба на духовниот раст на степени. Учителите го препознале првиот степен, кој го нарекле *очистување*; потоа вториот, кој го нарекле *просветлување*; и третиот степен, кој го нарекле *обожение*. Првиот е *очистување на срцето од страстите*, вториот е *просветлување на умот*, а третиот –

*боговподобување* на целиот човек. За секој од овие три степени е карактеристично дека има своја молитва, свој начин на организиран живот, соодветни искушенија; секој степен има свој однос со духовниот отец и духовно раководство; секој степен одговара на одделни свештенички чинови итн.

Цел на ова излагање, меѓу другото, е и осветлување и разјаснување на редот и хармонијата на духовниот развој на личноста во христијанскиот живот. Сите ќе се согласиме дека без познавањето на овој ред и поредок и хармонија на христијанскиот духовен живот оставаме голем и нејасен простор за лажен духовен живот и за лажно претставување, и пред самите себе и пред другите. На пример, често се случува едни да се претставуваат како „непрелестни духовни раководители“, а други како „верни духовни чеда“, а нивните дела и зборови да не се во согласност со она што тие самите за себе го сведочат. На сите оние што немаат внатрешно духовно покритие за своето место во Црквата им одговара амбиент во кој можат тоа да го сокријат, а негативните последици од тоа во христијанскиот духовен живот се несогледливи. Затоа учителите на Црквата велат дека незнаењето е најголемото зло.

Во продолжение може да се погледне и табеларното прикажување на хармонијата на христијанскиот аскетско-духовен подвиг:

## Табела на хармонијата на аскетско-исихастичкиот подвиг

(според која секој може да го пронајде местото на кое се наоѓа на скалата од духовниот развој и да го освести и восогласи начинот на својот личен подвиг)

| Степени на развој | Каква е молитвата | Во што е акцентот на подвигот | Што се очистува |
|---|---|---|---|
| I. ОЧИСТУВАЊЕ | Усна или умствена | Ставање на умот во процес на исцеление (аскетско смирение) | Енергијата на умот |
| II. ПРОСВЕТЛУВАЊЕ | Аскетска умно-срдечна | Молитвено задржување на умот во срцето и љубов кон непријателите | Суштината на умот (која се наоѓа во срцето) |
| III. ОБОЖЕНИЕ | Непрестајна или благодатна умно-срдечна | Молитвата и плачот за целиот свет | Обожение на целиот човек, и на душата и на телото |

| Искушенијата се главно | Начин на уредување на монашки живот | Степени на свештенство | Послушание | Љубов |
|---|---|---|---|---|
| Однатре (поради заробеноста од страстите) | Општожитие | Ѓакон | Апсолутно или слепо послушание | Ерос |
| Однадвор (преку луѓе) | Скит | Презвитер | Во зависност на кој степен се наоѓа духовниот отец | Пријателство |
| Однадвор (преку луѓе и од самиот демон) | Пустина | Епископ | Не кон човек | Љубов |

## Надминување на дуализмот меѓу умот и разумот

Како што е погоре спомнато, согласно христијанската антропологија, човекот има и душа, и тело. Човечката душа се состои од три сили: една словесна – ум, и две бесловесни – волја и желба, чиј центар е духовното срце на човекот. Сите овие сили треба да функционираат восогласено; во спротивно, човекот не може да се смета за психички здрав. Често, покрај ум се спомнува и постоење на разум. Што е разум? Многу е битно, од духовен и од психолошки аспект, да се прави оваа разлика.

Умот е словесната сила преку која човекот лично и директно комуницира со Бог (Архетипот на доброто), додека, пак, разумот е секундарна функција или алатка на умот, преку која човекот комуницира со овој свет. Во контекст на ова формално разликување, интересно е да се разјасни и, на пример, темата за интелектуалниот капацитет и дарот на просветленоста.

Различна е храната на умот од храната на разумот. И, различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е опитот и заедницата со Бог (светотаинската и молитвената), додека, пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која било област на науката и

културата, па дури и на теологијата, како и од разните вештини). Знаењето на умот е познанието на Бог (како просветленост или обоженост), додека, пак, знаењето на разумот – само по себе, е само познание на практичниот опит во овоземните науки и вештини, како и во културата.

Има многу за ова да се говори, но што е битно за една личност? Прво, треба паралелно со хранењето на разумот (преку сетилата) – кое е просто неизбежно во овој свет, да се храни и умот (преку соединување со несоздадената благодат), што е од суштинско значење за човековиот духовен развој и исцеление. Погрешно е разумот да се прехранува, а умот само да се потхранува. И второ, постои реална можност за просветлување и на разумот, кое се случува преку просветлувањето на самиот ум, преку несоздадената божествена светлина што произлегува од очистувањето на срцето, односно од опитот во умно-срдечната молитва, нешто што е многу битен и редок Божји дар во христијанската духовност.

Поголема полза има Црквата од светител кој својот опит може да го запише и објасни, отколку од светител со ист опит, но кој нема интелектуален капацитет својот опит да го запише и објасни, согласно и современата реалност. Сето погоре речено Старец Софрониј од Есекс го заокружува со три реченици: „Некој може да биде многу учен, да има академски дипломи, а

да остане крајно неук за патот на спасението. Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Знаењето без љубов не може да го спаси човекот!“[3]

Од претходно кажаното: различна е храната на умот од храната на разумот. Умот прво се храни со опит на Бог, од што произлегува и знаењето или познанието на Бог; додека разумот прво се храни со теоретско знаење од која било област, а од опитот во работењето во конкретната област произлегува и неговото соодветно знаење. Умот преку молитвено собирање на својата енергија во Бог – во срцето, Го познава Бог и ја остварува својата основна функција, а кога умот преку сетилата ќе ја расее својата енергија низ светот, тогаш ја остварува својата секундарна функција како разум.

И едната и другата функција, преку подвиг или острастување, можат да предизвикаат соодветна поврзаност или зависност, но едно е поврзаноста на умот како љубов, а друго е зависноста на разумот како страст. Поврзаноста како љубов (кон Бог) е слобода за човековиот ум, додека зависноста како страст (кон што било) е ропство на човековиот разум, која станува како втора природа на човековиот ум. Ова дополнително ќе се дообјасни.

---

[3] Старец Софрониј (Сахаров), *За духот и животот,* Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 62.

Како што аскетите (подвижниците) го забрзуваат ритамот и интензитетот на изговарање на Исусовата молитва за да ги прекинат демонските (автоматските) помисли и молитвено да ја соберат енергијата на умот во Бог – во нивното срце, така и демонот се обидува да ја забрзува динамиката на нивниот живот и протокот на информации во него за да ја прекине Исусовата молитва на подвижникот, а енергијата на неговиот ум преку сетилата или фантазиите да ја расее и поврзе со световното.

Со други зборови, подвижникот се бори умот да му функционира, пред сè, во својата основна функција, а демонот се бори умот на подвижникот да функционира постојано низ неговата секундарна функција – како разум. Со просветлувањето на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност се исцелува.

Значи, очигледно е дека Бог и духовниот живот не можат да се достигнат, спознаат и правилно објаснат само преку функционирањето на разумот и телесните сетила, затоа што Он за нив е недостапен. За оној што на тој начин ќе се обиде да им пријде, *духовниот живот* и неговите појави засекогаш ќе останат само апстрактни поими или негови погрешни проекции. Следствено, не може човек само преку разумот

и сетилното да ја пронајде и смислата на своето постоење. Бесмислата на животот, пак, е основната причина за ноогената невроза – според Виктор Франкл (1905 – 1997), и за депресијата, од кои речиси целото човештво е опфатено. Оттука произлегуваат и разните бегства од така доживеаната реалност во разните зависности (власт, пари, телесното, алкохол, дрога, Интернетот и социјалните мрежи итн. – нема крај).

Затоа комуникацијата со светот само преку непреобразените разум и сетила го претвора светот во еден куп мртви идоли (нешто од коешто луѓето мислат дека „зависат" и без кое мислат дека „не можат", без оглед дали тоа свесно го сакаат или не), и истовремено претставува и соодветно острастено поврзување и заедница со мртвите идоли на овој свет – без оглед на тоа каква форма и кое име тие го носат, како и ропско служење ним – наместо на Архетипот на доброто. Следствено, кој нема заедница со Добриот, нема ни вистинска заедница со самиот себе, со своите ближни и со светот околу себе.

Одовде произлегува и заклучокот зошто покајанието, односно преумувањето (возобновувањето на основната функција на умот), како суштински Евангелски повик, е длабока егзистенцијална потреба за духовен живот во Црквата, а не обичен гол морализам и пиетистички декор – како кај номиналните христијани на денешницата.

## Основен метод

Согласно погорекажаното, човекот во Црквата слободно и љубовно се бори неговиот ум да дејствува, пред сè, во својата примарна функција – молитвено да го соединува со Бог, што е всушност и основа на покајанието. За разлика од него, демонот се бори умот постојано да функционира во неговата секундарна функција – како разум, и острастено (ропски) да го соединува и приврзува човекот со световното. Целта на демонот е да го држи човековиот ум што е можно повеќе во оваа лажна состојба или прелест – неосвестено, без тој да знае што вистински му се случува.

Очигледно е, значи, зошто изворното значење на зборот *покајание* е преумување или пренасочување на енергијата на човековиот ум, однадвор, кон неговата суштина во срцето и во Бог. Наместо да му се дозволи на демонот да ја расејува и залудно да ја троши енергијата на умот преку разумот и сетилата низ светот, основна христијанска должност е, прво, разумот да се ослободи од острастената многугрижност за световното, како и од демонското влијание. И второ, преку освестениот подвиг да се пренасочува умот да дејствува, пред сè, во својата примарна функција – преку молитвено собирање

на својата енергија во Бог (во срцето), и постојано да расте во познание на Бог. Без првото не е возможно ни второто.

Која света добродетел (доблест) му го овозможува овој подвиг на подвижникот? Послушанието, или како што попрецизно се вели: ставањето на умот во процес на исцеление под духовно раководство на опитен духовен отец или терапевт. Колку поцелосрдечно послушание, толку помалку храна за функционирањето на умот како разум, за страстите и за демонот поврзан со нив, и толку поголем простор за остварување на основната функција на умот. Еве зошто учителите на христијанството учат и инсистираат на послушанието како основен подвиг во Црквата. Послушанието е, едноставно, преумување на дело – конкретно покајание. Секој друг подвиг, пред да се оствари овој, за нив, е бесплоден.

Послушанието, како основен подвиг, е строго ограничено – трае сè до моментот на очистување и отворање на срцето, и пројавувањето на дарот на умно-срдечната молитва. Со просветлувањето на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно – како што е погоре кажано, се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност се исцелува – што е првичната цел на духовното исцеление (терапија). Со други зборови, се случува нов квалитет или

ново ниво на христијански духовен живот, кое учителите на Црквата, покрај *просветлување на умот* го нарекле и *природен начин на постоење*.

Потребно е уште еднаш да се потсети на духовното правило или метод за преобразување на страстите во добродетели, и потоа да се направи уште една интересна споредба. Петте контролни точки – преку кои правилно се надминува секое искушение при духовниот развој се: прифаќање, благодарење, самоосудување, непокажување и молитва (процес на преобразување). И во модерната психологија, од Елизабет Кублер-Рос (*On Death and Dying* – 1969), се забележани пет стадиуми во случај на загуба (искушение) низ кои поминува одредена индивидуа што води противприроден начин на живот. Со дообјаснување, тоа се: одбивање (неприфаќање), гнев, самосожалување (што би било, кога би било), депресија (очајание) и прифаќање (помирување со „судбината“). Во периодот пред да се случи конечната загуба, во третиот стадиум, наместо самосожалување се случува таканаречено тргување со „Повисоката моќ“ – на пример, ако оздравам, ти ветувам тоа и тоа...

Овие пет стадиуми низ кои поминува индивидуата од противприродниот начин на живот (душевност) се суштa спротивност од петте контролни точки низ кои поминува христијанскиот подвижник кој води природен начин на живот (духовност), зашто првиот – затворен во својата создадена и падната природа, е ограничен

да помине само низ процес на потиснување, а вториот – заради благодатна и личносна заедница со Бог, поминува низ процес на преобразување. Сега секој сам може да се преиспита низ каков процес поминува за време на едно искушение.

Најбрз метод за време на едно искушение, односно кога човек духовно се испитува, е преку молитвата да ја пренасочи енергијата на својот ум и тој да профункционира во својата примарна функција – дејствување што ја преобразува неговата енергија, а истовремено го одбегнува влијанието на искушението, кое преку неговата секундарна функција (разумот) би ја валкало неговата енергија.

## Предуслови за христијанско совршенство (боговподобување)

Човекот и Бог, ако сакаат, меѓу себе комуницираат како личности со своите лични енергии. Секако, Бог со Својата несоздадена енергија ја прозема и постојано ја преобразува човековата создадена енергија, како и суштина (природа) – во процесот на таа комуникација, а не човекот – Неговата.

Навидум едноставно, но не така како што на прв поглед изгледа. За да се појасни, повторно треба да се истакне разликата што погоре е направена меѓу умот и разумот. Зошто е битно, во аскетската пракса, подвижникот да ја прави оваа клучна разлика? И зошто е битно да внимава на кој начин ќе функционира, односно кога и каде ќе ја насочува енергијата на умот? Со тоа и своите душевни и телесни дејствија.

Најбитно е енергијата на умот да се насочи кон Едниот Вистински Бог. Ако не се насочи кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на човековата намера, се насочува кон останатата словесна и бесловесна твар или кон демоните. Така, секој човек би требало да се преиспита и да одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на својата енергија – со созданото или со Несозданото. Последи-

ците се апсолутно различни. Со претходно опишаното дејствие може да се исполни првата заповед Божја: *„Возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум“* (Матеј 22, 37).

Ништо помалку битно е истата енергија, и при секундарната функција на умот како разум, да биде правилно насочена. Секој човек е поставен и пред следниот избор: дали ќе ја насочи кон исполнување на Божјите заповеди или ќе ја насочи кон задоволување на страстите. Навидум едноставен и второив избор, но суштински зависен од првиот. Со претходно опишаното дејство може да се исполни втората Божја заповед: *„Возљуби го својот ближен како себеси“* (Матеј 22, 39), но истовремено и *„бидете совршени како што е совршен вашиот небесен Отец“* (Матеј 5, 48).

Во второив случај потребно е дополнително внимание: не само дали тоа што се прави е согласно Божјите заповеди, туку дали и кога се извршуваат Божјите заповеди – тоа се прави во Божја слава или во своја слава. Исто така, колку повеќе преку исполнување на заповедите се познава Бог, толку попрецизно и посилно се насочува енергијата на умот кон Него. Едноставно, едното без другото е невозможно.

Согласно христијанската психотерапија, без восогласеното дејствување на примарната и секундарната функција на умот – што погоре беше објаснето, во што и се состои исцелението на умот, не се возможни развојот на човековата лич-

ност и остварувањето на неговиот личен идентитет.

Нормално, не е сè вака црно-бело како што е напишано, но најдобро вака се сфаќа, а на крај на тоа и се сведува. Но, еве еден разнообразен пример: може да се случи некој да не верува, или помалку или повеќе погрешно да верува, но, сепак, во одредена мера да ги извршува Божјите заповеди – свесно или несвесно. Постои мислење дека пред Бог тоа е многу подобро, и дека оној што така прави е поблиску да Го пронајде Бог, отколку некој што точно ја исповеда верата со устата, а неговите дела не се согласни со Божјиот пример.

Комуникацијата со Бог и извршувањето на Божјите заповеди човекот ги прави со помош на Неговата благодат или енергија. Негово е само да сака и да се обидува, а Божјо е да исполни. Како што е спомнато на почетокот, во оваа Богочовечка синергија – во Црквата, се содржи тајната на обожението на човекот, односно тајната и полнотата на животот во Есхатонот – и *веќе и уште не*.

## Социјалниот импакт на христијанската духовност

Кога се говори за влијанието на христијанската духовност во социјалниот живот на човекот, посебен краток осврт – интересен, потребен и значаен, би бил оној за нејзиното влијание врз религиозните и световните лидери. Лидерите, од своја страна, пак, се оние што имаат најголемо влијание врз социјалниот живот на народите и државите.

Постојат и три свештенички степени или чинови: ѓаконски, презвитерски и епископски. Меѓу нив највисок е епископскиот чин или степен. Според светото Предание на Црквата, на секој од степените на духовниот развој соодветствува одреден свештенички чин: на степенот на очистување соодветствува ѓаконскиот чин, на степенот на просветлување соодветствува презвитерскиот чин, а на степенот на обожение соодветствува епископскиот чин. За ова во своите списи говорат свети Максим Исповедник, свети Дионисиј Ареопагит, свети Никита Ститат, свети Исак Сирин итн. Правилно и идеално би било кога секој носител на кој било од свештеничките степени би имал и внатрешно духовно покритие за нив, односно кога неговиот свештенички чин би одговарал на соодветниот степен

на духовниот развој. Вака се поставени работите теоретски.

Но, во пракса, во животот на Црквата многу ретко се случува носителот на одреден свештенички чин да има и внатрешно духовно покритие за чинот што го претставува. Колку се оди кон повисоките свештенички чинови во Црквата, толку е поголемо отстапувањето од идеалот: на пример, може да се сретне ѓакон што како-така чекори по патот на очистување на срцето од страстите, просветлен презвитер е веќе вистинска реткост, а обожен епископ е право чудо. Состојбата е малку подобра, барем за првите два свештенички чина – ѓаконски и презвитерски, среде свештенството од монашките редови. Последново посебно важи за манастирските заедници од Света Гора.

Епископот по своето место и функција е врховен лидер во Црквата. Но, поради отстапување од горенаведеното правило и светоотечкото Предание, односно поради немањето внатрешно духовно покритие кај носителите на овој висок свештенички чин, денес во Црквата суштествува криза на ефикасно институционално лидерство. Кризата во лидерството, покрај останатите сфери од црковниот живот, се пројавува, главно, од една страна, како грешки (на кој било план) во дејствувањето на високиот клир на Црквата, а од друга страна, како недоверба на народот во свештенството генерално, како и во Црквата сфатена како институција. Сите овие неправил-

ности имаат свои социјални последици.

Затоа, и покрај теолошки и канонски цврсто поставената позиција на епископот во Црквата, ние сè уште не можеме да говориме за негово *суштинско лидерство*. Кога говориме за позицијата на епископот во Црквата, најчесто подразбираме *формално лидерство*. Едно е авторитет на лидер-епископ што произлегува само од значењето на институцијата што ја претставува, а друго е авторитет на лидер-епископ што произлегува од внатрешното духовно покритие на неговиот чин со кој тој ја претставува институцијата. Вистински лидер е оној што го привлекува и кого човек сака да го следи, а не оној што човек мора да го следи. Така, може да се заклучи дека: стекнувањето на највисоката позиција во Црквата не го обезбедува само по себе и авторитетот на лидерството, ниту, пак, дека немањето на формален свештенички чин и позиција на власт во Црквата само по себе подразбира неможност за лидерство со авторитет. Напротив, во историјата на Црквата, кога тие не се совпаѓале, харизматското лидерство секогаш имало поголем авторитет од институционалното лидерство.

И може да се резимира: на Црквата ѝ требаат пастири-лидери што ќе го возобноват духовниот живот, кои во пракса и со личен пример ќе го актуализираат вистинското Предание на Црквата, кои ќе се грижат за единството и првенството по чест меѓу Црквите, кои ќе го со-

чуваат достоинството (еклисијалната полнота) на локалната епископална Црква, како и пастирскиот авторитет и кредибилитет на помесната Црква. Со еден збор, потребни се свети луѓе. Појавата на такви епископи-лидери сигурно ќе ги збогати комуникацијата и дијалогот на Црквата и со општеството во кое таа дејствува и со другите Христијански цркви, како и со монотеистичките религиозни заедници, со цел да се воспостави колку што е можно повеќе Божјата порака за мир, толеранција и соживот меѓу луѓето, во светот што постојано страда од разновидни кризи и конфликти.

Тоа што важи за личниот квалитет на црковните лидери, не помалку важи и за личниот квалитет на световните лидери. Затоа, секој голем световен лидер, посебно христијански, пожелно е да ги знае и живее основите на христијанската духовност, односно да има и внатрешно духовно покритие за позицијата на власт чиј носител е.

Денес, како најраспространета од сите причини на човековото страдање се спомнува неврозата. Од христијански психотераписки аспект, неврозата не е ништо друго, туку неспособност на човекот да ги контролира своите мисли и од нив предизвиканите чувства поради кои бесмислено страда – прво душевно, па потоа и телесно. Вообичаено, невротичните лица бараат стручна помош дури откако нивната невроза ќе стане забележлива и за непосредната околина.

Во редовите што следат ќе се направи обид накратко да се објасни причината за оваа појава од христијански духовен поглед – на едноставен начин, а како корисно четиво и информација за лидерите.

Човековата мисла има неколку извори: Бог и божественото, самиот човек и неговата природа, светот што го опкружува и демонот (тука ги сместуваме и т.н. *автоматски помисли*). Мислата што во себе содржи зло и гревовен предлог се нарекува помисла. Помислата секогаш цели да придвижи некоја од непреобразените човекови страсти: за власт и човечка слава (славољубие), за пари и имот (сребролјубие) и за телесните наслади (сластољубие).

И задоволувањето и незадоволувањето на страстите ја зголемуваат човековата невроза. Задоволувањето – до растројство на личноста (социопати), ако заради него се загрозуваат стотици и илјадници човечки животи. На пример, ова им се случува на влијателните политички или бизнис лидери, кои со своите одлуки загрозуваат голем број човечки животи. Незадоволувањето – до потиснување, кое е суштина на сите одбранбени психички механизми (проекција, рационализација, регресија, компензација и друго), како и до разни зависности, што на крај повторно резултира со растројство на личноста (психопати). Ова им се случува на хиерархиски потчинетите службеници на световните лидери и на обичните граѓани, кои трпат последици од

погрешните одлуки на лидерите. Единствен излез од неврозата (и нема друг) е преобразување на страстите преку премин од противприроден во природен начин на живот. Замислете само каде инаку можат да ги одведат луѓето световните лидери кои боледуваат од растројство на личноста (социопати), а очигледно ги има.

Најилустративен пример на погрешно лидерство (световно или црковно) се лозарите од Евангелието според Матеј[4]. Лозарите, односно лидерите, го одгледуваат лозјето, односно граѓанското општество или доверениот им верен народ, на начин тие да ги задоволуваат нивните страсти: славољубие, среброљубие и сластољубие – без притоа да се побунат. За да ги остварат своите цели, тие се договориле да го убијат и Синот на Господарот на лозјето, односно верата во Архетипот на доброто. Овој евангелски опис е многу препознатлив модел на владеење со овој свет, почнувајќи од образованието преку медиумското одржување на истиот, па сè до економската прикриена и отворената воена контрола над народите и државите.

---

[4] Види: Матеј 21, 33–41.

## ЗАКЛУЧОК

Некаде, некогаш некој многу убаво кажал: христијаните живеат на вулкан од духовност и светлина, а претаат низ жарот на сомнителни згаснати огништа во потрага по некаква светлинка, односно просветеност.

Факт е дека онолку колку што христијаните се оддалечуваат од Бог (Архетипот на доброто), толку светот – во сите негови појави, се одвојува, оддалечува од Црквата (христијанската заедница), па дури и станува нејзин непријател.

На пример, со текот на времето се одвоила науката (посебно психологијата – психотерапијата и социологијата); се одвоила севкупната култура; се одвоиле воспитанието и образованието; се одвоила етиката; се одвоиле разните човекови способности, вештини итн. И не само што се одвоиле, туку и се оддалечиле и станале јавни или тајни непријатели на Црквата.

Едноставно кажано, малку се оние од свештенството што денес автентично Го сведочат Христос во овој свет. Затоа и луѓето од овој свет на Црквата гледаат како на една обична световна институција во која малку што од своите

суштински потреби можат да задоволат и, природно, организирањето на речиси сите свои потреби го прават надвор од, па и против, Црквата – како што погоре беше истакнато.

Црквата ја прави истата грешка: се обидува да го копира светот и со истите (световни) методи и средства да му се спротивстави. На пример, воспитанието и образованието на свештенството го одвоила од единствената Божја Литургија и наместо од неа да добива готови свештеници кои за Црквата ќе работат бесплатно – согласно Господовата заповед[5], таа, по урнек на световното образование, своето свештенство го школува во посебни школи и од него прави посебна каста со сите свои световни особености.

Затоа, денешното свештенство, немајќи го внатрешниот авторитет на царското и новозаветно свештенство, автоматски почнува да создава еден надворешен, вештачки и световен авторитет – истиот оној што Богочовекот Христос го критикува кај старозаветното свештенство[6]. Едноставно, станало верна копија на старозаветните црква, храм и свештенство – во нивната изобличеност, со слични рестриктивни правила кон обичниот верник (сепак, носител на царското свештенство) и со ист дух; и иако на-

---

[5] Види: Матеј 10, 8.
[6] Види: Матеј 23, 1–39.

видум му се спротивставува на овој свет, но користејќи ги само неговите методи и средства, какви што се: централизирана власт, економска моќ, световно образование, политичка моќ итн., само ја потврдува својата длабока секуларизираност.

Како што некој има кажано, вака организираните, т.н. канонски „Цркви“ само го подготвуваат патот и се одлична основа за доаѓањето на антихристот како религиски и световен владетел.

Од друга страна, задача на Црквата не е да му се спротивставува и да се натпреварува со овој свет со својата економска и политичка моќ и сила, туку да го преобразува во Царство Небесно овој и ваков свет во кој човекот живее. Може слободно да се каже дека повеќе страда отколку што квалитетно живее. Исто така, задача на Црквата е што поблиску да соработува со науката со крајна цел – поквалитетен социјален живот.

Интересен податок е дека степенот на образование кон кој стремиме – PhD (Ph.D. или DPhil) всушност значи *Доктор по философија* (Doctor of Philosophy degree или Doctorate of Philosophy) без оглед на тоа дали некој со тој степен го заокружил образованието како математичар, физичар, хемичар итн. Во превод, зборот *философија* (како што се користи во христијанската литература со „с“ наместо „з“, и како што е во оригинал на грчки јазик) значи љубо-

мудрие. Философ е човек што преку духовноста навлегол во тајните на хармонијата на сите науки. Едно е еден научник да го истражува светот со своите очи и ум, а друго е да го истражува светот преку своите преобразени очи и ум, онака како што Бог го создал и го гледа.

Се спомна, на почетокот, дека зборот *криза*, и во лична и во социјална смисла, значи пресврт, суд или осуда, или приближување на пресуден момент. Според црковното учење значи – суд Божји. Како што вели познатиот психолог и проф. д-р Владета Јеротиќ: „Зарем не е секоја поголема криза во човекот и во општеството, како и во природата, некој вид суд Божји што Бог го допушта на луѓето за да ги разбуди, освести, одухови и врати кон Себе?“ И го завршува цитатот со зборовите на еден духовник: „Кажи ти... суд Божји наместо криза, и сè ќе ти биде јасно“.

## Користена литература


1. Авдеев Д. (2010). *Пастирска грижа за душата – Психијатриски аспект,* Манастир Велјуса, стр. 49.

2. Влахос Ј., митрополит. (1998). *Православна психотерапија (Светоотачка наука).* Београд, стр. 217–275.

3. Јеротић В.(1984). *Криза као шанса за исповест и покајање.* Први симпосион православних теолога „Тајна покајања у савременој психологији и пастирству", Београд, Svetosavlje.org

4. Јеротић В. (2000). *Хришћанство и психолошки проблеми човека.* Издавачки фонд Архиепископије београдско-карловачке, Београд, стр. 330; 362.

5. Матевски Зоран. (2005). Религиска толеранција у мултиетничкој и мултиконфесионалној Р. Македонији. Во Зборник: *Религија у мултикултурном друштву,* Нови Сад: Филозофски факултет.

6. Матевски Зоран. (2011). Улогата на религијата во мир и конфликт. Во зборник: *Социологијата и општествените промени.* Скопје: Филозофски факултет, стр. 183–191.

7. Мелехов Д. Е. (1993). *Психијатрија и питања духовног живота.* Библиотека Боготражитељ, Београд, стр. 17.

8. Наум, Митрополит Струмички. (2013). *Само едно е потребно.* Библиотека Воведение, Манастир Пресвета Богородица Елеуса, Велјуса.

9. Наум, Митрополит Струмички. (2014). *Надминување на дуализмот.* Библиотека Воведение, Манастир Пресвета Богородица Елеуса, Велјуса.
10. Сахаров С., архимандрит. (1999). *За духот и животот.* Библиотека Слово од Водоча, Струмица, стр. 62.
11. Свето Писмо на Стариот и Новиот Завет. (1991). Британско и иностранo библиско друштво – Свиндон во соработка со Македонска книга – Скопје.
12. Corey G. (2004). *Teorija i praksa psihološkog savjetovanja i psihoterapije,* Naklada Slap, Zagreb, стр. 141.
13. Elder Joseph the Hesychast. (1998). *Monastic Wisdom.* St. Anthony's Greek Orthodox Monastery, Florence, AZ, USA.
14. Erić Lj. (2010). Psihoterapija. *Egzistencijalistička psihoterapija* – Petar Opalić, Psihopolis Institut, Novi Sad, стр. 426.
15. Frankl Victor. (1992). *Man's Search for Meaning.* Beacon Press, Boston, Massachusetts.
16. Kübler-Ross Elisabeth. (1969). *On Death and Dying.* Scribner, New York, 2014.
17. Matevski Zoran. (2013). National and Religious Identity in R. Macedonia in Global Age. In: *Globalization and Sovereignty Decline* (Thematic Collection of Papers of International Significance). Kosovska Mitrovica: The Faculty of Philosophy, University of Priština.
18. Migne, J.-P. (1994). *Patrologia Graeca,* T. 90, 91, 150, 151. Centre for Patristic Publications, Athens.
19. Saint Gregory Palamas. (2014). *The Homilies.* Mount Thabor Publishing. Dalton, PA, USA.

# Содржина

**ПРЕДИСЛОВИЕ**
проф. д-р Венко Андоновски 9

Изместени вредности 45

Едно поинакво Сретение 47

Господи, прости ми 52

Пресуден егзистенцијален избор 55

Коефициент на духовна интелигенција 59

Коефициент на духовна интелигенција (втор дел) 62

Коефициент на духовна интелигенција (трет дел) 65

Крстот Христов е личносен однос 68

Крстот Христов е личносен однос (втор дел) 72

Крстот Христов е личносен однос (трет дел) 75

Повикот на свети Јован Лествичник 78

„Преобразувајте се преку вашиот обновен ум“ 80

„Ние сме слуги непотребни“ 83

| | |
|---|---|
| Лекција на восиновување | 85 |
| Религиозна невротичност или очистување на срцето од страстите | 87 |
| Благовест | 90 |
| Тајната вечера | 92 |
| Смрт, добредојде! | 95 |
| Второто | 98 |
| Нема послушание – нема Причест! | 100 |
| Духовност и душевност | 103 |
| Знаењето погордува (и разградува), а љубовта гради | 106 |
| Откровение во обратна насока | 111 |
| Објавување на тајната на новозаветното свештенство | 115 |
| Царско и есхатолошко свештенство | 119 |
| Нас Апостолите | 122 |
| Внатрешно, есхатолошко, новозаветно и царско свештенство | 126 |
| Внатрешен и надворешен авторитет | 127 |
| Партиципиент или само медиум | 130 |
| Илузија | 134 |

Слепи при очи 137

Поддржувачи на незнаењето 139

Четвртото или оддесно на десното место 142

Како да останеме во просторот на своето срце? 144

Што е простор на срцето,
а што е место на срцето? 148

Загушено или делотворно покајание 151

Компатибилност на човечкиот
со демонскиот разум 154

Бог во послушание 158

Зошто тогаш се плашиме од послушанието? 161

Слово за оние што сè уште се колебаат
да влезат во послушание 165

Сè зависи од нашиот однос со Бог 172

Гуруизам – погрешен однос
меѓу духовниот отец и духовните чеда 177

Зарем ова не е чудно? 183

Да пораснеме барем до Стариот Завет 188

Кој постојано Го распнува Христос? 192

Кога слепци слепи водат 197

Колективни несвесни гревовни шеми 202

**СОЦИЈАЛЕН ИМПАКТ НА ХРИСТИЈАНСКАТА ПСИХОТЕРАПИЈА**

ВОВЕД 211

ОСНОВИ НА АСКЕТСКАТА (ХРИСТИЈАНСКА) ПСИХОТЕРАПИЈА 214

Христијанска антропологија

Разграничување, меѓу христијанската и научната психотерапија, заради восогласување 216

Систематизација на духовниот развој на личноста 220

Надминување на дуализмот меѓу умот и разумот 226

Основен метод 231

Предуслови за христијанско совршенство (боговподобување) 235

Социјалниот импакт на христијанската духовност 238

ЗАКЛУЧОК 244

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-584

НАУМ, митрополит од Струмица
Премин од душевност во духовност /
Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2016.
- XXII, 249 стр. ; 21 см - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон предговорот.
- За неисцелениот човек и здравиот Бог / Венко Андоновски
стр. 9–41

ISBN 978-9989-893-24-7

а) Наум, митрополит струмички (1961-) - Зборници
б) Духовен живот - Православие

COBISS.MK-ID 100890122

Печати:
„Европа 92“ - Кочани